Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Педагошки факултет

**КОМПАРАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПОЈАВАТА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО И ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

- ДОКТОРСКИ ТРУД -

**Ментор:**
**проф. д-р Валентина Гулевска**

**Кандидат:**
**м-р Воглуше Куртеши**

**КОМПАРАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПОЈАВАТА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО И ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ИЗЈАВА

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував законските прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев речници или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавила:
м-р Воглуше Куртеши

Посветено на мојот сопруг Кемал
и на нашите деца Дренуша, Барди и Кренар.
Со благодарност за сета нивна љубов и посветеност.

# Содржина


Вовед ........ 7

**I Теоретски пристап кон проблемот** ........ 11

1. Насилно однесување на учениците во училиштата – теориски импликации ... 12

1.1 Дефинирање на поимот „насилство“ ........ 16

1.2 Социокултурните гледишта на Лав Виготски ........ 18

1.3 Биоеколошкиот модел на Урие Бронфенбренер ........ 19

1.4 Теоријата за моралниот развој на Лоренс Колберг ........ 21

1.5 Теоријата за социјалното учење на Алберт Бандура ........ 24

2. Училиштето како модел за просоцијално однесување на учениците ........ 27

2.1 Училишна клима ........ 27

2.2 Училишна дисциплина ........ 27

2.3 Училишна комуникација ........ 31

3. Фактори кои влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците ........ 33

3.1 Индивидуални карактеристики на личноста на ученикот ........ 34

3.2 Семејна средина ........ 35

3.3 Училишна средина ........ 37

**II Методологија на истражувањето** ........ 39

1. Предмет, цели и задачи на истражувањето ........ 40

2. Хипотези ........ 41

3. Методи, техники и инструменти на истражувањето ........ 43

4. Популација на истражувањето ........ 45

5. Примерок на истражувањето ........ 46

6. Етика во истражувањето ........ 46

**III Приказ и интерпретација на резултатите од истражувањето** ....................... 47

1. Резултати од истражувањето со ученици ......................................................... 48
2. Резултати од истражувањето со наставници ...................................................... 66
3. Обработка и анализа на резултатите од истражувањето со ученици ................. 88
4. Обработка и анализа на резултатите од истражувањето со наставници ........... 112
5. Фокус група: хиперактивни ученици .................................................................. 146
6. Анализа за потврдување или отфрлање на хипотезите ...................................... 154

Заклучни согледувања и препораки ........................................................................... 168

Прилози ........................................................................................................................ 178

Користена литература .................................................................................................. 187

# Вовед

Феноменот на насилно однесување кај учениците во училишната средина истражуван е од страна на голем број експерти од оваа област, но како комплексен феномен тој никогаш не бил, ниту, пак, може трајно да се истражи. Затоа, овој општествен проблем претставува постојан предизвик за дополнителни истражувања кај сите чинители и субјекти кои се бават со оваа проблематика. Во таа смисла, постои консензус во научната јавност дека појавата на насилно однесување кај учениците во училиштата се должи на влијанието и испреплетеноста на многу фактори како што се семејството, училиштето и пошироката општествена средина. Според експертите, овие фактори мора да покажат свест и разбирање за овој феномен преку креирање на превентивни и интервентни програми за надминување на појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта (Rosen et al., 2017).

Општо е познат фактот дека учениците во училиштето манифестираат насилно однесување бидејќи не успеваат да ги задоволат своите индивидуални потреби. Секоја личност гледа на нештата од различна перспектива и бара таа перспектива да биде препознаена од страна на другите (Kuykendall, 2012). Во тој контекст, можеме да кажеме дека секое човечко суштество, особено детето, има потреба за прифаќање и љубов искажана кон него од страна на другите. Кога тој основен човеков стремеж не е задоволен, индивидуата може да појави неприфатливо социјално однесување со цел да го привлече вниманието на оние од кои таа очекува прифаќање и грижа. На таков начин и учениците имаат потреба да бидат прифатени од наставниците, од соучениците и од другите субјекти во училиштето. Конфликтните ситуации најчесто настануваат кога релевантните фактори на управување и менаџирање со училиштето сакаат да го контролираат однесувањето на учениците со помош на принудна моќ. Слична ситуација може да постои и во семејството, а за појавата на насилно однесување можат да придонесат и карактерните особини и темпераментот на ученикот.

Училиштето претставува важен фактор во развојот и образованието на секој поединец. Како образовна институција, училиштето има за цел да придонесе во поттикнувањето на хармоничен, интелектуалнен, емоционален и социјален развој на

децата, во согласност со нивните потреби и способности. Во училиштето треба да се негува едукација за толеранцијата, за меѓусебната соработка, почитувањето на различноста, почитувањето на човековите права и слободата на личноста. Учениците треба да развијат соодветни форми на однесување прифатливи за пошироката општествена заедница. Во тој контекст, училиштето, заедно со семејството, претставуваат основни фактори за социјализација на учениците и нивна интеграција во процесите на демократското општество. Во таа смисла, кога овие два клучни елементи не ја исполнуваат соодветно својата цел, во училиштата се појавуваат различни форми на насилство како што се: насилство помеѓу учениците врсници, насилство манифестирано помеѓу учениците и наставниците, насилството помеѓу учениците и помошниот училишен персонал, оштетувања на инвентарот, непочитување на кодексот за етичко однесување во училиштето и сл. Врз основа на овие податоци може да се констатира дека појавата на насилно однесување во училиштата не е изолиран феномен. Истражувањата покажуваат дека тоа е присутно во речиси сите земји во светот, без разлика на нивото од нивниот социо-економски развој.

Предмет на нашето истражување е идентификацијата и анализата на клучните фактори кои влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Република Косово и во Република Македонија. Значењето на ова истражување не се состои само во компаративната анализа на состојбите за дадениот проблем, туку, и во отворањето на нови перспективи за подобрување и унапредување на безбедноста во основните училишта во двете земји. Едукацијата за просоцијално однесување на младата генерација ги обврзува сите фактори во едно организирано општество (семејството, образовните институции и пошироката општествена заедница) да се мобилизираат по однос на ова прашање. Овој проблем станува особено актуелен денес, кога појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта од регионот е во постојан подем. Од овој проблем не се поштедени ниту училиштата во Република Косово и Република Македонија. Компаративните анализи покажуваат дека образовните системи во двете земји имаат иста цел во поглед на развивањето на знаења, вештини, вредности и ставови кои се неопходни за вклучување на младите во демократското општество. Меѓутоа, исто така, сме и сведоци на присуството на различни форми на насилно однесување кај учениците во основните училишта во двете земји.

Во основните училишта во Република Косово и во Република Македонија се појавуваат различни форми на манифестирање на насилство и агресивно однесување меѓу учениците, почнувајќи од вербални закани, туркање, удирање со тупаници, па се до вршење на насилство во кое се појавуваат и жртви. Истражувањата покажуваат дека насилното однесување најчесто се манифестира на патот од дома кон училиштето, од училиштето кон дома, или во самото училиште (во училишниот двор, односно во училниците). Покрај вербалната и физичката расправија, насилното однесување во училиштата може да се спроведува и со малтретирање преку електронска пошта или преку социјалните мрежи.

Се смета дека „еден ученик е малтретиран кога подолго време е изложен на агресивно однесување коешто намерно предизвикува повреда или непријатност преку физички контакт, вербални напади, тепачки или психолошка манипулација. Во малтретирањето спаѓа нерамноправната сила која вклучува задевање, исмејување, употреба на навредувачки прекари, физичко насилство или социјално исклучување. Децата може да учествуваат во малтретирањето сами или во група на врсници. Малтретирањето може да биде директно, на пример кога едно дете изнудува пари или предмети од друго дете, или инидректно, како на пример кога група ученици шири невистини за друго дете. Сајбер- малтретирањето претставува вознемирување преку и-меил, мобилни телефони, текст пораки и погрдни веб-страници“. (Прирачник на УНЕСКО, 2006, стр. 7).

Истражувањето што го спроведовме за потребите на оваа докторска дисертација покажа дека постојат голем број на фактори кои го поттикнуваат насилното однесување кај децата и тинејџерите. Пред сè, тука станува збор за влијанија на општествените фактори како што се семејството, училиштето и пошироката заедница. Проблемите со кои се соочуваат децата и младите често се појавуваат како резултат на игнорирање и несоодветна заштита во семејството или во училиштето (Sokač, 2014). Агресијата кај децата најчесто е мотивирана поради недостигот на родителска љубов и поддршка, поттикната е од родителски агресивен модел, од физички казни, злоупотреби и сл. Училиштето треба да нуди сигурна и здрава средина за учење, меѓутоа, податоците покажуваат дека во последните две - три децении насилството во училиштата се зголемува. Свое влијание за ваквите состојби, се разбира, има и поширокото општествено опкружување: економската нерамноправност, урбаната

пренатрупаност, невработеноста, јавните сервиси за информирање, расположливоста со оружје, постконфликтните состојби на балканскиот простор и сл.

Освен општествените фактори, свое влијание врз појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта имаат и индивидуалните карактеристики на личноста на учениците како што се: темпераментот (активни и импулсивни деца, срамежливи деца, тивки и повлечени деца и сл.), здравствената состојба, емоционалната зрелост, физичката попреченост и сл.

Од сето погоре кажано произлегува дека појавата на насилно однесување кај учениците во училиштата претставува опасност за целото општество. Затоа, креирањето на национална платформа за нејзино превенирање треба да биде задача на сите релевантни субјекти во државата.

# I

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

## 1. Насилно однесување на учениците во училиштата – теориски импликации

Истражувањата за појавата на насилно однесување кај учениците во училиштата започнаа уште во 70-тите години од минатиот век во скандинавските земји. Овие истражувања добиле интензитет по трагичните настани на самиоубиства на ученици во училиштата во Норвешка. Норвешкото министерство за образование во 1990 година донесло одлука да се спроведе големо мултидисциплинарно истражување со цел да се утврдат факторите кои влијаеле врз појавата на насилно однесување кај учениците, како и да се изнајдат мерки и механизми за справување со таквите состојби. Исто така, во Норвешка биле дизајнирани и имплементирани едукативни програми за справување со појавата на насилно однесување на учениците во училиштата. Истражувањето било спроведено од страна на д-р Дан Олвеус. Во истражувањето биле вклучени 130.000 ученици на возраст од 8 до 16 години од 715 училишта од цела Норвешка. Истражувањето покажало дека околу 15% од учениците од прво до деветто одделение во скандинавските училишта се вклучени во интеракција насилник - жртва. 7,6% од учениците се само жртви, 5,6% се насилници , а 1,6% се и жртви и насилници (Olweus, 1993).

Во текот на 80-тите и 90-тите години, насилството во училиштата станало голем проблем и во други европски и воневропски земји и поради тоа се реализирале повеќе истражувања и биле дизајнирани повеќе програми за интервенција при насилство (Smith & Brain, 2000). Изложеност на насилство меѓу учениците во училиштата има насекаде во светот и тоа: во Европа, САД, Австралија, Нов Зеланд, Јапонија. Мерењето на насилството се разликува според начините или методите, но тоа самото во суштина не се разликува од земја до земја или од регион до регион. Сознанијата и податоците за појавата на насилство во училиштата земени се од голем број на истражувања кои се реализирани во Австралија, Австрија, Англија, Финска, Германија, Норвешка и САД. Според овие податоци, на насилство во училиштата се изложени од 15% до 25% од учениците (Veenstra et al., 2005).

Статистичките податоци добиени со овие истражувања покажуваат дека во училиштата во Западна Европа најмалку 5% од учениците доживуваат злоупотреба, насилство или малтретирање еднаш неделно или повеќе пати во текот на еден месец (овој процент е малку повисок во основните училишта за разлика од средните училишта и насилното однесување е во повисок степен застапено кај момчињата отколку кај девојчињата) (Roland & Galloway, 2002). Според авторот Нансен, при едно истражување во Соединетите Американски Држави, реализирано со 16.000 ученици од 6 до 10 одделение, констатирано

е дека 30% од учениците кои биле опфатени со истражувањето биле вклучени во појава на насилство, 13% биле насилници, 10,6% биле жртви и 6% се изјасниле како жртви и насилници (Nansel et al., 2001). Истражувањата што се реализирале во Австрија покажуваат дека процентот на ученици кои биле вклучени во појава на насилство е помеѓу 16-34%, процентот на извршители на насилство е од 3-16%, процентот на жртвите е од 3-16%, додека процентот на оние кои се жртви и насилници е 8-25% (Atria & Spiel, 2003). Резултатите од истражувањата спроведени во текот на 2001 и 2002 година, во 35 земји и различни региони, со повеќе од 120 000 ученици-испитаници на возраст од 11 до 15 години покажаа загрижувачко ниво на присутност на степен на насилство во училиштата. Имено, 34% од вкупниот број на испитаници барем еднаш биле изложени на насилство во текот на една недела.

Според експертите (Bosworth et al, 1999; Kumpulainen et al, 1998), доминантни психолошки фактори кои претходеле и придонеле некои деца да манифестираат насилно однесување се следниве:

- чувствуваат голема огорченост;
- имаат недостиг на самодоверба;
- агресијата ја прифаќаат како право и лично задоволство;
- не се задоволни од училиштето и не сакаат да одат на училиште;
- импулсивни се;
- имаат чувство на депресија;
- имаат домашни проблеми.

Децата или учениците насилници мислат дека треба да имаат контрола врз другите деца и немаат чувство на сожалување за жртвите. Тие прават проблеми и конфликти и со повозрасните, односно, тие се против кои било какви правила што ги наложува училиштето, често имаат тенденција да бидат лути и лесно „експлодираат“. Учениците - насилници едвај ги надминуваат фрустрирачките ситуации. Многу често тие самите биле жртви на физичко насилство и малтретирање во училиштето или во семјството. Тие можат да бидат лути и вознемирани од ситуацијата во училиштето или дома. Избираат жртви кои се помали, помлади, послаби од нив, попасивни, поповлечени или инфериорни деца.

Најчесто, насилниците не разбираат како се чувствуваат жртвите  и не го разбираат нивниот страв.

Во тој контекст, генерално земено, истражувањата покажуваат дека антисоцијалното однесување, вклучувајќи го тука и насилството во училиштата, меѓу другото, претставува последица и на карактерните особини на личноста кои започнуваат да се развиваат во раното детство, а се зајакнуваат во периодот на адолесценцијата. Според бројни истражувачи, насилното однесување во училишната средина се развива како резултат на неприлагодената интеракција на ученикот со непосредното опкружување. Се смета дека насилното однесување се манифестира во фази и дека една етапа на насилно однесување ќе резултира со одредени предвидливи реакции во друга етапа, што ќе доведе до понатамошно, односно друго, видоизменето агресивно однесување на ученикот.

Антисоцијално однесување на учениците во училиштата се должи на голем број фактори кои влијаат врз неговото манифестирање. Покрај генетските фактори, врз однесувањето на детето влијае и неговото опкружување. Во научната јавност постои консензус дека најчеста причина за ваква појава е слабата грижа и внимание кон децата во едно семејство или, пак, обратно, заведувањето на груба родителска дисциплина во семејството. Децата што се растени во вакви семејства обично не можат да демонстрираат културни и социјални вештини, поради што често се чувствуваат отфрлени од нивната група на врсници и доживуваат неуспех во учењето. Тие не им посветуваат внимание на училишните задачи и имаат потешкотии со дисциплината во училницата (на пример, не можат долго време да седат во клупа, не можат мирно да одговараат на прашања и сл.). Ваквите ученици се изложени на поголем ризик за прифаќање на деликвентно однесување и имаат тенденција да се вклучуваат во девијантни врснички групи кои, исто така, манифестираат насилно однесување. Членовите на групите ги зајакнуваат деликвентните активности, со што ја зголемуваат и веројатноста за нивно повторување. Некои ученици кои манифестираат насилно однесување се прифатени како водачи на групата од страна на нивните врсници.

Поради брзото темпо на живеење,  родителите или  семејството не посветуваат доволно време и напор за соодветно воспитание на своите деца. Во такви случаи, општеството и средината или медиумите имаат клучна улога. Влијанието на општетството врз едуцирањето на децата е големо и ова се покажува во истражувањето што било реализирано во Хрватска. Според Књаз, современото општество во голем број случаи не може да се пофали со високи морални вредности, и тоа е една од причините за појава на девијантно однесување на децата и адолесцентите (Knjaz et al. 2008).

Медиумите, исто така, претставуваат важен фактор во поттикнувањето на љубопитство и воодушевување кај децата од агресивни модели кои се достапни на телевизиските програми. Експертите предупредуваат дека учениците кои подолго време се изложени на влијание од насилни модели емитувани од страна на медиумите, стануваат сензитивни кон агресивно однесување. За жал, многу родители не ја сфаќаат сериозно опасноста што им се заканува на нивните деца од слободниот пристап до програмите со агресивни и насилни содржини на медиумите. Подоцна, наставниците во училиштата секојдневно ќе ги гледаат ефектите од недоволната родителска грижа на овој план. Насилството и агресијата кај учениците, исто така, се поттикнуваат и преку видео и компјутерски игри кои лесно им се достапни на учениците и на тинејџерите. Последиците од ваквото однесување на учениците се далекусежни. Истражувањата покажуваат дека антисоцијалното однесување во текот на детството и адолесценцијата многу често резултира со напуштање на училиштето, а подоцна и со проблеми при вработувањето, со брачни потешкотии и со извршување на кривични дела.

Токму од овие причини, на мнение сме дека клучна улога во процесот на превенирање на насилното однесување кај учениците во училиштата имаат наставниците. Наставниците можат да моделираат соодветна превентива за ваквото однесување на учениците со тоа што ќе останат смирени во ситуациите што предизвикуваат гнев, ќе го разберат проблемот или ќе се оддалечат од проблемот додека учениците не се смират доволно за да може со нив да се разговара. Ваквите компетенции наставниците пожелно е да ги стекнат преку формална обука за социјални вештини. Преку обуките наставниците можат да се оспособат за градење на позитивни односи со учениците и обезбедување на наставни програми со кои ќе се предизвика интерес кај учениците за негување на позитивната клима во училницата. Поставувањето на цели, создавањето на договори за однесување во училиштето и други слични стратегии можат да бидат искористени од страна на наставниците за промовирање и поддршка на социјално прифатливо однесување меѓу учениците во училишната средина.

Меѓутоа, реалноста во училиштата на нашите простори покажува нешто друго. Според експертите, 71% од наставниците не интервенираат во случаи на насилно однесување на учениците во училиштата (Puzić et al., 2011). Тој верува дека следниве фактори негатвно влијаат врз климата во училиштата и доведуваат допојава на конфликти:

- непрофесионалноста на наставниците за решавање на конфликтите помеѓу учениците;
- организационите карактеристики на училиштата;
- здравствените проблеми на учениците;

- семејните проблеми на учениците.

Во овој контекст, може да се каже дека училишната клима го одразува квалитетот и карактерот на училишниот живот и е поврзана со нормите и вредностите што се негуваат во училиштето, со меѓучовечките односи и социјалните интеракции меѓу структурите во училиштето. Тоа, пак, е поврзано и со учениците и со наставниците, односно, поврзано е со нивните напори да создадат подобра средина за учење. Во однос на влијанието на условите во училиштето и непримерното однесување на учениците, многу автори мислат дека отстранувањето на агресивното однесување на учениците во училиштата може да се постигне според моделот за еколошки развој во училиштето, каде што креативноста и способноста на учениците ќе дојде до израз и тие ќе можат да постигнат значителин успеси во училиштето (Fraser, 1996; Holtappels & Meier, 1997; Khoury-Kassabri et al., 2004).

## 1.1 Дефинирање на поимот „насилство“

Во контекст на образовните политики, терминот „насилство“ обично се користи за опишување на агресивно однесување кај учениците во училишната средина кое може да има сериозни последици за сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Под поимот „насилството“, во стручната литература, се подразбира секоја активност што во себе вклучува вербална и физичка кавга. Насилство е феномен што се манифестира низ многу форми кои можат да се движат од релативно минорни акти, како што се навреда или понижување, па сѐ до мошне сериозени акти, како што се физичка пресметка, употреба на оружје и убиства. Најфреквентна дефиниција за насилството е онаа во која се вели дека насилство претставува екстремна форма на агресија чија главна цел е да се предизвика штета, повреда или смрт (Anderson & Bushman, 2002). Според истражувачите, еден ученик претставува жртва на насилно однесување доколку постојано е изложен на негативни влијанија од страна на еден или повеќе соученици (Olweus, 1997). Значи, насилството во училиштата може да се дефинира како посебен вид на агресија со која се вознемируваат или повредуваат учениците, односно, како однесување кое има за цел физички или емоционално да им наштети на учениците (Benbenishty & Astor, 2005).

Според Милер (Miller, 2008), насилното однесување во училиштата вклучува: физичко и психичко задевање, кибернетичко малтретирање, заканување, кавга, силеџиство, нарушување на дисциплината во училницата, физички и психички повреди врз личноста на наставниците и учениците и сл. Кави и Џенифер (Cowie & Jennifer, 2007) тврдат дека појавата на насилство во училиштата може да се набљудува од четири перспективи: индивидуалните карактеристики на личноста, меѓучовечкиот контекст, контекстот на заедницата и општествениот контекст. Некои истражувачи на оваа проблематика се обидуваат појавата на насилно однесување во училиштата да ја набљудуваат во рамките на една поширока теорија за безбедноста во училиштата (Rigby, 2007). Во литературата што ја третира оваа проблематика се вели дека безбедноста во училиштата не подразбира само физичко обезбедување. Не се безбедни сите училишта во кои учениците го стекнуваат правото на образование под постојан притисок и страв дека можат да бидат повредени од другите. Оваа чувство на “несигурност“ не се однесува само на стравот од телесна повреда, туку и на стравот од психолошка повреда изразена преку непочитување и неприфаќање (Dwyer et al., 1998).

За да може училиштето да се смета за безбедно неопходно е да се води сметка за следниве елементи: вработените во училиштето треба да бидат фокусирани на академските постигнувања на учениците, вклученоста на семејството во училишниот живот треба да биде на високо ниво, контактите на училиштето со пошироката општествена заедницата треба да покажуваат развиен степен на комуникација и тн.

Постојат истражувачи (Sprague et al., 2002) кои се обидуваат да ги опишат личните карактеристики на младите генерации кои доведуваат до појава на насилно однесување во училиштата. Тие велат дека на младите генерации денес им се допаѓа луксузот, се однесуваат лошо, го презираат авторитетот, не покажуваат почит кон возрасните, на училиште повеќе озборуваат отколку што учат. Едноставно, учениците се трансформираат во тирани, наместо да бидат послушни деца на нивните семејства. За жал, младите не стануваат повеќе кога во просторијата ќе влезе повозрасен човек. Денешните деца им се противставуваат на родителите, седат непристојно кога јадат и прават многу други слични нешта.

## 1.2 Социокултурните гледишта на Лав Виготски

Многумина истражувачи од областа на филозофските и психолошките науки се согласуваат дека културата, во голем степен, го обликува когнитивниот развој на личноста. Еден од главните теоретичари на оваа социо-културна теорија за развојот на човечката личност е рускиот психолог Лав Виготски. Виготски смета дека човечката активност не може да се разгледува и анализира надвор од културниот контекст. Во таа смисла, основната претпоставка во неговата теорија е дека структурата на човековите ментални процеси е во тесна и нераскинлива врска со интерактивната комуникација на индивидуата со другите луѓе. Овие социјални интеракции, всушност, значат многу повеќе од едноставно влијание врз когнитивниот развој на личноста. Всушност, тие ги создаваат нашите когнитивни структури и ги моделираат процесите на размислувања (Palinscar, 1998). Претпоставките на Виготски дека секоја функција во културниот развој на детето се појавува како резултат на општественото влијание врз индивидуалното мислење, се покажаа како оправдани и точни. Имено, сѐ поголем број на научници го прифаќаат ова гледиште и сметаат дека повисоките ментални процеси, како што се ориентацијата на мислењето и логичкото решавање на проблеми, се развиваат во интерактивна комуникација на детето со друга личност (Gardner, 2007).

За Виготски социоинтерактивното влијание е повеќе од влијание. Тоа претставува генеза на повисоките ментални процеси, односно, пат до проблемско учење. Според Виготски, уметноста, како културно средство, заедно со психолошките средства, како што се ситемите од знаци, броевите, јазичните мапи и сл. играат важна улога во когнитивниот развој на личноста на детето. Во процесот на размена на знаци, симболи и објаснувања, децата почнуваат да размислуваат во согласност со нивната култура.

Јазикот е основно средство за когнитивен развој, поради тоа што обезбедува начин индивидуата да изразува идеи и да поставува прашања. На таков начин се додаваат категориите и концептите на мислењето и се создава врска меѓу минатото и иднината. Јазикот ослободува од актуелноста и остава простор за размислување за она што било и она што може да биде (Das, 1995; Driscoll, 2005; Woolfolk, 2011). Во тој контекст, Виготески смета дека посебната способност на човекот за говор им дава

можност на децата да ги користат помошните средства за решавање на проблеми, односно да ги избегнуваат импулсивните постапки, да пронаоѓаат решенија за проблемите и да го контролираат нивното однесување.

## 1.3 Биоеколошкиот модел на Урие Бронфенбренер

Биоеколошкиот модел на Урие Бронфенбренер може да се означи како широк теоретски пристап, или можеби мета-теорија, која се фокусира на влијанието што го врши социјалниот и културниот контекст врз развојот на личноста на детето. Според Урие Бронфренбренер постојат четири екосистеми во кои се одвива животот на секој човек. Тие екосистеми се следниве: микросостем, мезосистем, егзосистем и макросистем. Секој човек се развива во определен микросистем (семејство, училиште, соседство, итн.). Мезосистемот, пак, ги опфаќа меѓусебните врски на непосредната средина, односно, интеракцијата меѓу сите фактори на микросистемот (на пример, интеракцијата помеѓу семејството и училиштето). Екзосистемот ја опфаќа социјалната средина која индиректно го засега развојот на детето (на пример работното место на родителите и сл.). Сите претходни екосистеми се дел од макросистемот кој го опфаќа најширокиот културен контекст (општеството во целина, законите, обичаите и вредностите, западната наспроти источната култура, националната економија, политичката култура, субкултурата и сл.).

Според Бронфенбренер, промената во екосистемите истовремено се рефлектира како промена во однесувањето на поединецот. Во микросистемот се вклучени односите и активностите на луѓето кои му се најблиски на поединецот. Во случајот на едно дете, тука ќе ги вброиме: семејството, родителите, браќата, сестрите, роднините, другарчињата или наставниците од училиштето. Меѓусебните односи во микросистемот се реципроцитетни, децата влијаат на родители, а родителите влијаат врз децата. Мезосистемот, пак, ја отсликува комплексноста на интеракциите и односите помеѓу сите фактори на микросистемот, односно помеѓу членовите на семејството или помеѓу учениците и наставниците. И во мезосистемот сите односи се реципроцитетни. На пример, наставниците влијаат врз родителите, а родителите влијаат врз наставниците. Таквите интеракции во мезосистемот влијаат врз децата. Егзосистемот ги вклучува сите општествени средини кои индиректно влијаат врз

развојот на детето, иако тоа директно не учествува во овие системи. Макросиситемот, пак, го претставува општеството во целина, вредностите, законите, традицијата.

Покрај наведените четири системи на животна средина, Бронфенбренер подоцна додал уште еден систем. Петтиот систем го нарекол хроносистем. Хроносистемот е различен од претходно опишаните екосистеми. Тој се однесува на времето и настаните што се случуваат во животот на поединецот. Имено, акумулираното животно искуство на поединецот, односно, сите промени кои се случуваат во животот на детето, можат да предизвикаат кај него определени психолошки промени или реакции.

Децата растат во семејства кадешто се среќаваат различни стилови на родителство. Стиловите на родителство се разликуваат од една култура во друга, меѓутоа, сите стилови на родителство силно влијаат врз развојот на децата и нивната способност за прилагодување во општеството. Голема е веројатноста децата на авторитарните родители да бидат среќни со себе и природно да ги воспоставуваат односите со другите луѓе, додека, пак, поголема е веројатноста децата на строгите родители да доживеат чувство на вина и на депресија. Од друга страна, пак, децата кои потекнуваат од дисфункционално семејство препуштени се сами на себе и имаат слаба родителска грижа и контрола. Таквите деца најчесто се судираат со проблеми во односите со другите луѓе. Разводот на бракот на родителите, исто така, силно влијае врз детската психа. Децата најмногу страдаат поради поделбата на родителите и се соочуваат со тага, страв, бес, се затвораат во себе и се чувствуваат виновни за разделбата на родителите. Овие деца можат да имаат многу проблеми во училиштето при комуникацијата со наставниците и соучениците. Недостатокот на родителски модел кај децата доведува до состојба на конфузија и ја попречува интеракцијата со другите.

Односите со врсниците имаат важна улога во личниот и социјалниот развој на децата. Истражувањата покажуваат дека децата кои имале силни пријателства во детството се поспособни за негување на одржливи односи со луѓето за разлика од оние кои имале осамено детство.

Децата и адолесцентите не се секогаш толерантни кон промените. Понекогаш, можат да манифестираат и групна агресија. На пример, новите ученици често пати

можат да бидат отфрлени или неприфатени во одделението поради различни причини: физичкиот изглед, етничката и религиозната, економската статус и сл. Исто така, учениците кои се агресивни, повлечени, невнимателни или хиперактивни можат да бидат отфрлени од групата. Доколку агресијата на групата е висока, веројатноста за исклучување на одредени ученици од групата е голема. Примањето во групата или отфрлањето од групата зависи од почитувањето на правилата на групата.

Според истражувачите кои ја поддржуваат теоријата на Бронфенбренер, феномен на насилно однесување во училиштето претставува последица од комплексни интеракции помеѓу поединецот, семејството, врсниците, училиштето, пошироката општествена заедница и културата, односно се поттикнува со влијание на разни еколошки контексти (Espelage & Swearer, 2003; Kohn 2016; Popadić, 2009). Токму затоа, насилното однесување не може да се третира изолирано без помош на сите фактори од макросиситемот. Во оваа насока говори и теоријата на умот, според која, децата имаат потреба да го разберат однесувањето на другите луѓе, нивните желби, верувања и перцепции (Flavell et al., 2002). Истражувањата покажале дека таа своја потреба децата започнуваат да ја реализираат на возраст од четири години и нагоре. Тие ги разбираат чувствата на другите луѓе, имаат слични искуства и како резултат на тоа, тие можат да имаат различни ставови и поинакво мислење.

Способноста да се разберат другите е многу важна во развојот на детето, особено во поглед на јакнење на доблестите и намалување на предрасудите. Теоријата на умот помага и при решавањето на конфликтни ситуации и го промовира просоцијалното однесување кај децата (Gehlbach, 2004).

### 1.4 Теоријата за моралниот развој на Лоренс Колберг

Харвардскиот психолог Лоренс Колберг развил шест фази во развојот на моралната свест кај личноста. Тој предложил определена форма на "сократско" морално образование и ја потврдил идејата на Џон Дјуи дека основната цел на образованието треба да биде моралниот развој на личноста.Тој, исто така, сметал дека воспитувачите и наставниците можат да влијаат врз моралниот развој на личноста на детето без индоктринација.

Пристапот на Колберг започнува со претпоставката дека луѓето се мошне мотивирани да истражуваат и да бидат компетентни во функционирањето во нивните средини. Во контекст на општествената средина, тоа нè води кон имитирање на моделите и улогите што ги сметаме за компетентни и авторитативни. Така, во раното детство, доказите за правилноста на постапките на детето се постапките на возрасните модели. Колберг, исто така, сметал дека постојат заеднички обрасци во општествениот живот, забележани во општествените институции, како што се семејствата, врсничките групи, структурите и постапките за клан или општественото донесување на одлуки, како и соработката за заедничка одбрана и одржување.

Настојувајќи да станат компетентни учесници во такви институции и средини, младите луѓе од сите култури покажуваат слични шеми на однесување и размислување. Фазите на морален развој кај младите соодветствуваат на редоследот на прогресивно-инклузивните социјални кругови (семејството, врсниците, пошироката заедница и сл.). Во рамките на овие социјални кругови луѓето сакаат да работат компетентно и да се докажуваат. Кога овие групи функционираат добро и во нив владее взаемна грижа и почит, младите луѓе се прилагодуваат кон однесувањето на возрасните и тежнеат кон правда, грижа и почит.

Од овие причини, секоја фаза на моралниот и когнитивниот развој кај човекот е тесно поврзана со свесното размислување за односите на правдата, грижата и почитта изложени во еден поширок круг на општествени односи. Колберг смета дека моралното размислување, кое е основа за етичко однесување, има шест препознатливи развојни конструктивни фази. Тој сугерира дека повисоките фази на моралниот развој му обезбедуваат на човекот поголеми капацитети (способности) за донесување на праведни одлуки. Неговиот модел се заснова на претпоставката за кооперативна општествена организација која функционира врз основа на правда и праведност.

Својата теорија Колберг ја презентирал преку примери за  морални дилеми. На таков начин, тој моралното резонирање го класифицира во шест различни фази, групирани во три нивоа: предконвенционално ниво, конвенционално ниво и постконвенционално ниво. Секое ниво содржи по две фази:

- Предконвенционално ниво

Децата што се помали од девет години немаат личен кодекс на морални норми. Нивната морална свест е обликувана според стандардите на возрасните. Затоа, децата на таа возраст се трудат да ги следат моралните норми на возрасните.

• Фаза 1. Послушност поради страв од казна. Детето развива морално однесување за да не биде казнето.

• Фаза 2. Индивидуализам и размена. Во оваа фаза децата осознаваат дека кај возрасните постојат различни ставови во поглед на донесувањето на моралните судови.

- Конвенционално ниво

Повеќето адолесценти и млади луѓе почнуваат да размислуваат за универзалните морални стандарди на вредности. При тоа, своето морално рассудување го засноваат на моралните норми прифатливи за општествената група на која припаѓаат.

• Фаза 3. Добри меѓучовечки односи. Поединецот развива морално однесување кое се одобрува од средината за да биде прифатен како добра личност од страна на другите луѓе.

• Фаза 4. Одржување на општествениот поредок. Поединецот станува свесен за пошироките правила на општествено однесување. Во оваа фаза неговите морални судови се однесуваат на почитување на правилата, односно придржување кон законот за да се избегне вината.

- Постконвенционално ниво

На ова ниво индивидуалното расудување на поединецот е засновано врз лични, автономни морални принципи кои се темелат врз сопствените размислувања за праведноста. Според Колберг ова ниво на морално расудување можат да го достигнат само 10-15% од возрасната популација.

• Фаза 5. Општествен договор и индивидуални права. Поединецот станува свесен дека иако постојат правила, закони и конвенционални норми за добро однесување кои се прифатени од најголемиот број на луѓе, сепак, постојат моменти кога тие правила, закони и конвенционални норми за добро однесување работат против интересите на одредени поединци.

• Фаза 6. Универзални принципи. Луѓето во оваа фаза имаат развиено свој кодекс на

морални насоки кои можат да се совпаднат или не се совпаѓаат со конвенционалното ниво на добро однесување. Таквите принципи можат да важат за сите луѓе. На пример, универзални етички принципи се правдата и еднаквоста. Поединецот што го достигнал ова ниво на морален развој ќе биде подготвен да дејствува за да ги брани овие начела дури ако тоа значи да се оди против конвенционалноста во општеството, односно да се платат последиците од неодобрувањето.

Колберг верувал дека поединците постепено напредуваат во моралниот развој, односно, дека ги поминуваат сите фази редоследно, без „прескокнување". Знаењето и искуството стекнато во секоја фаза од моралниот развој, според него, служи како основа за напредување во следната фаза. Овој мислител смета дека примарна цел на секој образовен систем треба да биде моралното воспитание на личноста, а не тоа да биде второстепена задача. Во училиштата треба да се негува критичкото размислување и почитувањето на различностите.

Ако се прифати ставот дека образованието има важна улога во процесот на создавањето на општествените вредности, тогаш, логично е да се дојде до заклучок дека основната задача на воспитувачите и наставниците не е само да ги подготват младите луѓе за конкурентност на пазарот на трудот, туку и да ги подготват за живот во заедница, односно да ги израстат во добри и доблесни граѓани на едно демократско општество. Доброто образование, според Колберг, мора да го најде патот на вистинскиот баланс помеѓу знаењето и вредностите.

## 1.5 Теоријата за социјалното учење на Алберт Бандура

Алберт Бандура е професор по социјални науки и психологија на Универзитетот Стенфорд. Речиси шест децении тој дава голем придонес во областа на образованието и во многу области од психологијата. Познат е уште како основач на општествено-когнитивната теорија и теоретскиот конструкт за само-ефикасност.

Бандура открил дека моделите се важен извор за учење на нови однесувања и за постигнување промени во поглед на институционализираната поставеност. Теоријата за социјално учење покажува дека постојат три регулаторни системи кои го контролираат однесувањето на поединците. Прво, претходните поттикнувања и

мотивацијата значително влијаат врз времето и реакцијата во однесувањето на поединецот. Второ, влијанието на повратниот одговор, исто така, служи како важна функција. По реакцијата, се јакне искуството или набљудувањето, така што, во голема мера тоа ќе влијае врз однесувањето на поединецот во иднина. Трето, за човековите когнитивни функции многу е битно социјалното учење. На пример, некои луѓе лесно се вознемируваат и од самата помисла на личностите со кои имале непријателски средби. Оваа агресивност е латентно присутна во меморијата на субјектот и се стекнува преку процесот на учење.

Според Бандура, луѓето се активни суштества, обработувачи на информации и промислувачи на поврзаноста помеѓу нивните постапки и последиците од нивното однесување. Акцентот на оваа теорија е ставен врз моделирањето и рефлектирањето на однесувањето на поединецот во однос на ставовите и реакции на другите луѓе. Теоријата на социјалното учење се фокусира на учење преку набљудување и размислување. Таа го промовира ставот дека насилното однесување кај човечките суштества се јавува единствено кога врз индивидуата негативно влијаат животната средина (опкружувањето) и когнитивните фактори. На таков начин, луѓето учат едни од други преку симулација и рефлексија. Други фактори кои влијаат врз процесот на набљудувачкото учење се:

- *Вниманието* (вклучувајќи ги моделите, настаните и карактеристиките на набљудувачот).

- *Содржината* (вклучувајќи го симболичното кодирање и организирањето на симболични докази).

- *Репродуктивната моторика* (вклучувајќи ги физичките способности, само-набљудувањето, репродукцијата и точноста на повратните информации).

- *Мотивацијата* (вклучувајќи го и влијанието на надворешните фактори).

Во оваа теорија, менталната состојба на поединецот е од клучно и витално значење за способноста на учење. Бандура верувал дека наградата и казната во класичното бихејвиористичко учење биле несоодветна рамказа за влијание врз однесувањето на други луѓе. Тој имал искуство во лекувањето на прекумерно агресивни деца, со помош на идентификување со извори на насилство во нивните животи. Бандура е познат по експериментот со куклата Бобо, со кој покажал дека младите индивидуи го обликуваат

своето однесување под дејство на моделите. Со експериментот, Бандура докажал дека кога возрасните биле пофалени за нивното агресивно однесување, децата имале поголема веројатност да продолжат да ја удираат куклата. Меѓутоа, кога возрасните биле казнети, тие последователно престанале да ја удираат куклата. Експериментот на Бандура спаѓа меѓу најпознатите психолошки експерименти на модерното време, меѓутоа има претрпено и многу критики поради неетичкото вклучување на деца во експеримент кој ја истражува агресијата.

## 2. Училиштето како модел за просоцијално однесување на учениците

Процесот на стекнување знаење отсекогаш бил предмет на истражувања во различни области: филозофијата, психологијата, антропологијата, лингвистиката, образованието, културата. До денес, создадени се бројни теории кои се однесуваат на когнитивните способности на човечкиот ум. После семејството, училиштето е вториот најважен извор за стекнување на знаења кај младите генерации. Во училишната средина децата, пред сѐ, стекнуваат културни навики и просоцијално однесување. Во таа насока, мисијата на секое училиште е да го унапредува развојот на поединецот и на општеството, односно, да го унапредува развојот на секоја нова генерација. Основната цел, пак, на образовниот процес е да подготвува граѓани способни за живот во демократско општество, односно, да ги оспособува за стекнување на знаења, вештини и навики за работа. Значи, училиштето треба да биде огниште, храм на знаењето, културата и демократизацијата на човештвото. Тоа треба да се движи низ времето како организација која постојано учи бидејќи иднината на едно општество во голема мера зависи од него, односно, од наставниците. Исто така, училиштето треба да ги следи модерните трендови во образованието и да нуди квалитетни образовни услуги: планирање на воспитно-образовната дејност, создавање на услови кои ќе им овозможат на учениците индивидуален развој согласно нивните когнитивни капацитети, поттикнување на правилен физички развој на учениците и одговорност за сопственото здравје, подигнување на мотивацијата кај учениците и зголемување на поддршката за остварување на нивните права и потреби.

### 2.1 Училишна клима

Посебно значење треба да се посветува на создавањето на позитивна училишна клима, односно, атмосфера која ќе ги поддржува и ќе ги мотивира сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Според Смонтара (2008), климата во училиштето е диктирана од организацијата на воспитно-образовната работа на училиштето, можностите за учествување во различни активности, јасните правила во врска со дисциплината и нивната имплементација, кохезијата помеѓу квалитетот на наставата, искуството и очекувањата на наставниците. Според други експерти (Relja, 2006), училишната клима може да се третира на три нивоа: 1. Екологија во училишната

средина и организациски карактеристики, 2. Стратегија за развој на училиштето. 3. Квалитетот на меѓучовечките односи, што всушност, претставува и најважен дел на училишната клима.

Клучниот елемент во постигнувањето на квалитет и одржувањето на баланс во меѓучовечките односи во училиштето е односот помеѓу наставниците и учениците. Истражувањата на научниците (Vettenburg & Huybregts, 2001) ја донесоа во центарот на вниманието врската помеѓу анти-социјалното однесување на учениците, од една страна, и квалитетот на односот меѓу учениците и наставниците, од друга страна. Авторите на истражувањето покажаа дека учениците многу јасно прават разлика меѓу „добрите наставници“ кои ги сакаат учениците, ги почитуваат и со секого соработуваат, и „лошите наставници“ кои не ги поседуваат овие особини. Според резултатите добиени со ова истражување, во која категорија на наставници ќе биде некој вброен зависи од:

- стилот на манифестирање на личноста на наставникот;
- начинот на предавање на наставникот;
- вредностите и ставовите на наставникот;
- односот на наставникот кон учениците.

Учениците биле многу јасни во своето размислување, односно, повеќето од нив сметале дека насилното однесување и малтретирањето кај учениците може да се избегне ако наставниците:

- покажуваат посветеност и интерес за предметот што го предаваат;
- не се здодевни на предавањата;
- повремено се шегуваат и имаат врска со актуелните настани и интереси на учениците;
- воспоставуваат јасни стандарди на дисциплина и ограничувања;
- преземаат соодветни мерки ако правилата на однесување во училиштето се нарушени;
- ги наградуваат и пофалуваат учениците кога тие ќе прикажат про-социјално однесување;
- ги предупредуваат учениците и разговараат со нив пред да им биде изречена казна за насилно однесување;

- дејствуваат праведно и ги третираат сите ученици  на подеднакво;
- активно ги слушаат учениците и сериозно ги разгледуваат нивните мислења.

Ова истражување покажува дека некои елементи на училишната клима во голема мера можат да придонесат за појава на насилно однесување кај учениците. На пример, би можеле да ги посочиме следниве елементи:

- слаба вклученост на учениците во процесот на донесување на одлуки;
- несоодветни просторни услови за учење на учениците;
- некоректен однос на наставниците кон учениците.

Кон овој заклучок гравитираат и резултатите од истражувањата што се вршени во Израел, кои, исто така, покажуваат дека, покрај социо-економскиот статус на учениците и стапката на криминал во соседството, училишната клима е еден од најважните фактори што го поттикнуваат насилното однесување кај учениците во училиштата (Benbenishty & Astor, 2003).

## 2.2 Училишна дисциплина

Дисциплината е многу значаен елемент во училишниот живот не само за учениците, туку и за сите други чинители на воспитно-образовниот процес. Под терминот „дисциплина" општо се подразбира практика на само-подобрување, додека, пак, под терминот „училишна дисциплина" подразбираме систем од правила, норми, санкции и стратегии за регулирање на соодветно однесување кај учениците во училиштето, односно, систем за надминување на проблемите со однесувањето на учениците (Moles, 1989). Училишната дисциплина е неопходна поради две круцијални причини:

- За да се гаратира безбедност на наставниот кадар и на учениците во училиштето.
- За да се обезбеди почитување на куќниот ред и етичкиот кодекс во училиштето, односно, за да се создаде поволна средина за учење.

Во тој контекст, слободно може да се каже дека училишната дисциплина е една од најважните компоненти на воспитно-образовниот процес. Со нејзина помош се врши корекција во однесувањето на учениците и се поставуваат граници помеѓу

лошото или неетичко однесување на учениците (со кое се кршат востановените правила на поредокот во училиштето) и примерното, етичко однесување. Исто така, училишната дисциплина е основниот чекор кон создавање на позитивна клима за учење.

Кога децата нема да успеат, целата заедница е оштетена. Затоа, употребата на дисциплински практики кои се потпираат на казнување и исклучување на учениците од школскиот систем, ја поткопуваат целта на образовниот процес и успехот на цела општествена заедница. Позитивната училишна дисциплина треба да е интегрирана во политиките, програмите и практиките на едно училиште и да се применува во училницата за да се создаде безбедна и инклузивна средина за учење за сите ученици. Во таа насока, училиштето како општествен организам кадешто се отсликува севкупната општествена ситуација треба да се стреми кон постигнување на заеднички цели со кооперативни активности.

Дисциплината никогаш не треба да се меша со дисциплинските мерки, иако најчесто ја мешаат со казнувањето. Всушност, вистинското значење на поимот „дисциплина“ означува процес во кој една личност се учи да ги почитува правилата на однесување во заедницата во краткотрајна или долготрајна временска рамка, односно, се учи да ја зајакнува сопствената самоконтрола. Спротивно на ова, со казнувањето само се држи под контрола несоодветното однесување на учениците. Највисоката цел на дисциплината е учениците да покажат одговорност за изборите што ги прават и да се почитуваат себеси и другите. Со други зборови, тие, со помош на дисциплината, треба да усвојат позитивен систем на размислување што ќе го поттикнува нивното просоцијално однесување.

Пофалбата на доброто однесување може да се смета како еден вид на награда што ги стимулира учениците да работат на себе си, да учат и да постигнуваат подобри резултати. На овој начин се постигнува ученикот да се цени себеси, односно, тој учи дека наградата или пофалбата се добива по заслуга. Кога нема охрабрување за лошото однесување (на пример, кога наставникот не обрнува внимание на некој од учениците кој постојано доцни на часови) со текот на времето, учениците ќе сфатат дека вниманието на наставникот можат да го привлечат само тогаш кога се однесуваат добро (односно, кога стигнуваат на време). Во таа насока, денес е општо прифатен

ставот дека учениците подобро реагираат на дисциплинските мерки за наградување, отколку на дисциплинските мерки за казнување.

Наставниците кои употребуваат позитивни дисциплински мерки веруваат во способностите на своите ученици и им ги пренесуваат вредностите со љубов и почит. Кога наставниците внимателно го следат напредокот на учениците и го охрабруваат нивното позитивно однесување, тие, на таков начин, им помагаат на учениците да станат одговорни за своите постапки и да ги намалат случаите на лошо однесување. Учениците ќе се обидат да избегаат од правилата и прописите ако дисциплината во училиштето не се одржува или се применува строго. Ако нивниот ум не е окупиран од нивните наставници со активностите за учење, тие ќе се препуштат на лоши активности.

### 2.3 Училишна комуникација

Комуникацијата во училницата е интерактивен јазик помеѓу учениците и наставниците. Кога зборуваме за училишната средина може да се каже дека постојат три категории на комуникација: вербална, невербална комуникација и комуникација во писмена форма. Комуникациските вештини вклучуваат способност да се користи зборот, способност за презентација и аргументација на сопственото размислување, способност за дијалог. Елементарните компоненти кои го сочинуваат квалитативното комуницирање и кои имаат влијание врз развојот на општествените односи се слободата на комуникација и незаканувањето (Brajša, 1993).

Наставникот како управувач на воспитно-образовниот процес треба да го поттикне меѓусебното разбирање кај учениците, почитувањето и заедничката соработка. Комуникациските компетенции на наставниците се предуслов за развој и квалитет на воспитно-образовниот процес (Bris, 1993).

Исто така, учениците имаат потреба од емоционална поддршка во комуникацијата со врсниците и наставниците. За да комуницираат успешно, важно е да вежбаат, но исто така и да имаат внатрешна контрола. Одговорното однесување на сите субјекти во воспитно-образовниот процес, избегнувањето на негативни емоции, спречувањето на неприфатливо однесување, контролата на лутината и

трансформирањето на конфликтите, се предуслов за развој на успешна комуникација во училишната средина.

Постојат голем број на причини коишто можат да предизвикаат тешкотии и пречки во комуникацијата. За да се избегне ризикот од појава на препреки и опструкции при комуницирањето на субјектите треба да се практикува активното слушање. Активното слушање често недостасува во училиштата, а има големо влијание врз квалитетот на комуникацијата. Активното слушање го ориентира вниманието на учениците кон новите содржини што треба да се научат, им помага во разбирањето и поврзувањето на новиот со стариот материјал, ја олеснува дискусијата за новиот материјал, ги разјаснува двосмисленостите и недоразбирањата во врска со новите идеи или концепти.

Дијалогот помеѓу учениците и наставниците е витален дел од образовниот процес. Учениците кои немаат глас во училницата се наоѓаат во неповолна положба и често манифестираат агресивно однесување. Преку испитување на емоционалните, психолошките и социјалните бариери за комуникација, се утврдува важноста на ефективните активности на малите групи во зајакнувањето на училишната комуникација. Повеќето наставници сметаат дека нивна одговорност е само она што се случува во училницата. Меѓутоа, должност на наставникот е да оддвои малку време и да набљудува што се случува надвор од училницата, односно да види каква е комуникацијата на учениците помеѓу часовите, за време на одморите, додека тие се дружат во училишниот двор. Наставникот треба да поттикнува и развива персонализирани контакти помеѓу учениците, дружење и негување на пријателства меѓу ученици со различно етничко потекло во и надвор од училишната средина. Активното слушање може да му помогне на наставникот при воспоставувањето на емпатичка комуникација со учениците. Во училишната комуникација треба да се одбегнува користење на етноцентрични идиоми, да се создава позитивна училишна клима и да се решаваат конфликтните ситуации преку разговор и дијалог.

## 3. Фактори кои влијаат врз појавата на насилно однесување на учениците

Појавата на насилно однесување во училиштата стана меѓународен проблем кој во голема мера влијае врз благосостојбата на учениците и другите субјекти што го сочинуваат воспитно-образовниот процес. До денес, голем број на експерти ја истражувале испреплетеноста на факторите кои придонесуваат за појава на насилно однесување кај учениците. Постојат различни варијабли кои најчесто се движат помеѓу личните (индивидуалните) карактеристики на учениците, семејството и училишната средина. Исто така, постои и недостиг на емпириски докази кои истражуваат како родот (полот), како фактор на ризик, може да влијае врз појавата на насилно однесување во училиштата. Насилството во училиштето не се ограничува само на популацијата на учениците. Голем број на наставници, исто така, пријавуваат физички напади или малтретирање од страна на ученици. Истражувачите открилe дека учениците кои имале поголема изложеност на насилни видео-игри, развиле повеќе агресивни особини, биле помалку расположени за простување и сметале дека насилството е нормално и корисно за опстанокот во секојдневниот живот. Мобилните телефонски текстуални пораки и e-mail пораките обезбедуваат дополнителни платформи кои поддржуваат нова форма на насилство во виртуелниот простор. Сајбернасилството се случува кога младите луѓе користат електронски медиуми за да ги омаловажат, навредуваат или дури да ги загрозуваат своите врсници. Статистичките податоци за малолетничка деликвенција покажуваат дека насилството кај учениците се зголемува до надпросечни стапки во периоди кога затајува училишниот надзор над учениците. Насилството во училиштата, исто така, е поврзано со трансформацијата на заедниците. Постојаното менувањето на демографската слика на училиштето честопати се одразува со поголеми промени во однесувањето и прилагодувањето на учениците.

Иако нашата култура очекува семејството да се справи со проблемите на децата, функционирањето на современото општество им отежнува на родителите правилно да ги задоволат потребите на нивните деца. На пример, актуелната економија честопати бара двајцата родители да работат, па децата се занемарени и недоволно згрижени. Голем број на деца се воспитуваат од самохрани родители, а некои доживуваат и семејно насилство. Родителите се најсилниот модел кој придонесува кон

негување и зајакнување на позитивно однесување кај децата. Кога родителите нема да успеат во тој процес, децата можат да развијат негативни и насилни карактеристики на личноста. Покрај тоа, несоодветната и дисфункционална семејна средина може да го попречи развојот на комуникациски вештини кај децата и нивната самодоверба може да биде сериозно разнишана. Во таков случај, злоупотребата на алкохол, семејното насилство, присуството на оружје во домот и сл., може да го охрабрат детето да ги следи стапките на своите родители. Во тој контекст, насилството помеѓу учениците во основните училишта, како универзален проблем, денес станува важна тема дури и за јавното здравство.

### 3.1 Индивидуални карактеристики на личноста

Според истражувачите на оваа област, кај децата што се родени од родители кои покажуваат антисоцијално однесување, постои поголема веројатност да се развие нарушување во однесувањето дури и тогаш кога тие се воспитувани во сиропиталиште или во поправни домови. Ова укажува на наследната или генетска причина за развој на агресивни црти во личноста на детето. Во исто време, ризикот од развој на нарушување во однесувањето кај овие деца е уште поголем доколку тие растеле во неповолна семејна средина. Тоа покажува дека покрај наследните фактори и факторите на животната средина, исто така, значително влијаат врз појавата на насилно однесување кај децата.

Не постојат јасни граници помеѓу различните форми на нарушувања во однесувањето кај децата. Формите меѓусебе се испреплетени и нарушувањето честопати поминува од еден вид во друг (Bouillet & Uzelac, 2007). Отсуството на внимание и хиперактивноста кај децата претставуваат своевиден хендикеп кој не може да се опише само како фаза на развој кај децата. Хемискиот дисбаланс што настанува во мозокот кај овие деца предизвикува моторен немир, односно, неможност да се седи мирен. Хиперактивните деца тешко ги следат инструкциите, се мешаат во разговорот на трети лица, вниманието им се задржува само на надворешните дразби и сл. Кај хиперактивноста е многу важно да се постават јасни правила на следење за да се разберат специфичните потреби и начинот на функционирање на хиперактивно дете (Prvčić & Rister, 2004). Нормално е децата да бидат немирни, да скокаат, да трчаат и постојано да се во движење. Нормално е повремено да ја заборават домашната работа,

да мечтаат за време на часовите, да дејствуваат без да размислат или да негодуваат на трпезата за време на оброкот. Меѓутоа, импулсивноста и хиперактивноста се исто така знаци за дефицит на внимание што може да доведе до проблеми во развојот на детето, како во домот, така и во училиштето, односно, може да се случи ваквата состојба да влијае и врз способноста на детето да учи и да се дружи со врсниците.

Постојат определени симптоми (знаци), по кои може да се разликува хиперактивното од немирното дете, како на пример: импулсивност, хиперактивност и проблем со вниманието. Важно е овие знаци да се регистрирани во сите средини каде што се одвива животот на детето - во градинка и училиште, дома и во слободното време за игри со други деца. Импулсивното дете стапува во акција пред да размисли за последиците, брзо преминува од една активност на друга, не може да чека во ред, ги прекинува другите додека разговорат, не почитува (следи) инструкции и сл.

Намаленото внимание значи дека детето има слаба концентрација, неспособност да го заврши она што го има започнато, нема способност за планираање, често се заборава и губи нешта. Хиперактивното дете секогаш има потреба за качување, слегување, танцување, не може да седи удобно во столче, сака да зборува многу, секогаш превртува нешто во своите раце, покажува вознемиреност и сл. Исто така, хиперактивните деца имаат проблеми со читањето, пишувањето, моторните вештини или јазикот. Оваа појава кај децата настанува при трауматски искуства (на пример, смрт на некој близок во семејството, развод на родителите, малтретирање и слично). Психолошките нарушувања карактеристични за оваа состојба кај децата вклучуваат анксиозност, депресија, растројство, пореметување во однесувањето и, во крајна линија, кулминираат со изразување на агресија и насилство.

## 3.2 Семејна средина

Секое човечко суштество има потреба да биде перцепирано, да му се даде слобода да размислува, интерпретира и создава, да негува емоции и да има право на избор. Во тој контекст, улогата на семејството претставува клучен фактор за развојот и правилното воспитување на детето, односно за формирање на здрава личност. Функционалното семејство е корисно не само за благосостојбата на детето, туку и за родителите и за пошироката заедница.

Социјалната кохезија на општеството во целина зависи од кохезијата на семејната единица. Експертите (Lattanzi - Licht, 1996) се согласуваат дека кохезијата во рамките на семејната единица започнува со комуникација. Најкохезивни семејства се оние семејства каде што партнерите соработуваат еден со друг, ефикасно комуницираат и се договараат кога донесуваат одлуки за тоа како да се справат со своите деца, бидејќи тие учат како да се однесуваат гледајќи ги и имитирајќи ги возрасните.

Оттаму, родителите имаат огромно влијание врз развојот, образованието и социјализацијата на нивните деца. Ниту едно семејство не е совршено, меѓутоа, оние семејства што функционираат можат да се распределат во четири групи:

1. Семејство кое е гостопримливо и безбедно ;

2. Семејство во кое проблемите се решаваат по пат на разговор;

3. Семејство во кое родителите имаат флексибилни сфаќања и принципи;

4. Семејство кое функционира како заедница

Функционирањето на здраво семејство вклучува систем од јасно дефинирани односи меѓу членовите на семејството и прифаќање на одговорности. (Karpowitz & Kenner, 2001; Ljubetić, 2007). Исто така, од огромна важност за развојот на детето е начинот на кој се разменуваат информации во семејството. Родителите треба да бидат пример за тоа како се разменуваат информации со други лица (Bruce, 1997). Јасната и конзистентна комуникација е клучна за воспоставување на функционалност која подразбира свест за себе и за другиот, како и меѓусебно почитување на човечкото достоинство. Во таа насока, слободно можеме да кажеме дека основите на своите комуникациски и интерперсонални вештини децата ги стекнуваат во семејството.

Семејството е еден од најсилните фактори што влијае врз појавата на насилно однесување кај децата (Olweus 1993). Поради тоа, голема е веројатноста да се развијат црти на агресивност во карактерот на детето доколку во раниот период од неговиот развој му недостасувала родителска топлина и грижа. Таквите деца подоцна манифестираат насилно однесување и во училишната средина.

### 3.3 Училишна средина

Универзалните напори за подобрување на социјалните вештини и позитивното однесување на учениците во училиштата можат да се имплементираат преку наставни програми и педагошки пристапи кои вклучуваат настава за социјални вештини, поттикнување на позитивни интеракции помеѓу учениците, инклузија и прифаќање. Овие пристапи вклучуваат зголемен фокус врз односите, ангажманот и позитивното управување со училницата и однесувањето на учениците. Нивната намера е да се создаде училишна култура каде појавата на насилно однесување нема да може да напредува. Целните пристапи се фокусираат посебно на учениците кои се инволвирани во некаков вид на малтретирање, како сторител или жртва. Пристапите се комплементарни и имаат тенденција да доведат до редуцирање на случаи на насилно однесување кои бараат специјализирана интервенција.

Има малку докази за тоа дека големината на училиштето или капацитетот на училницата можат да бидат значаен фактор при појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта (Olweus, 1999; Smith, 2003). Сепак, општо е познат фактот дека училишната клима сериозно може да влијае врз настанувањето на оваа појава (Roland & Galloway, 2002; Hanewinkel, 2004).

Покрај социоекономскиот статус на училиштето, влијанието на групата, односно влијанието на врсниците исто така претставува значаен фактор кој придонесува кон настанувањето на оваа појава. Имено, насилното однесување кај голем број деца може да биде поттикнато под влијание на соучениците и тоа особено се случува на возраст од 13 до 16 години. Според експертите, повисоко ниво на деструктивност покажуваат момчињата, кои обично формираат деликвентни банди (Peterson et al., 1989; Vitaro et al. 1997). Статистичките податоци покажуваат дека бројот на жртвите на насилство во училиштата се намалува со зголемувањето на возраста кај учениците (Smith, 2003). Оваа појава најверојатно се должи на фактот кој говори дека потенцијалните жртви стануваат релативно посилни и поспособни за да им избегаат на насилниците. Кога се разгледува физичката форма на насилство, момчињата имаат повисок степен на изразување на агресија отколку девојчињата. Во принцип, момчињата се физички посилни од девојчињата, а тоа, на иста возраст, е важен индикатор за статусот на момчињата во групата. Меѓутоа, ако ја користиме

поширокатa дефиниција за насилство, ќе откриеме дека девојчињата далеку повеќе од момчињата практикуваат тип на релационо насилство, односно, применуваат социјално исклучување, ширење на гласини и вербално насилство.

Во последниве години, во многу европски земји, се зголемува бројот на деца на имигранти во училиштата. Процесот на нивна инклузија и интеграција во училишниот систем исто така е проследен со тензии и со појава на насилно однесување кај учениците. Етничките малцинства и учениците имигранти можат да доживеат разни малтретирања по основ на расата, религиозната припадност или социо-економскиот статус.

Учениците со посебни образовни потреби и пречки во развојот, исто така, се изложени на поголем ризик да бидат жртви на насилство од децата со нормален развој (Nabuzoka, 2000). Овие ученици можат да станат жртва на понижувачки или насилни акти од страна на врсниците, а тоа најверојатно произлегува од недостигот на свест кај нивните врсници дека треба да ги заштитат таквите деца во групата. Во обратна ситуација, и некои ученици со посебни потреби, исто така, може да ги манифестираат своите проблеми агресивно.

# II

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет, цели и задачи на истражувањето

Појавата на насилно однесување кај учениците во училиштата е глобален проблем кој се наоѓа во постојан подем. Гледано од тој аспект, основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија не се изолирани од овој феномен. Безбедноста на сите субјекти во училишната средина претставува основен услов за ефикасно функционирање на секое училиште. Оттаму, конвенцијата за правата на детето ја нагласува важноста од заштитата на квалитетот на животот на децата и нивното право да бидат едуцирани во безбедна средина, без насилство и без вознемирување.

Иако современата литература зборува доволно за оваа појава во училиштата, како и за улогата што ја имаат наставниците во превенцијата на насилството, сепак, во Р. Косово и во Р. Македонија многу малку се посветило внимание на овој проблем од страна на политичкиот фактор, од страна на училиштата, семејствата и другите општествени институции. Истражувањата покажуваат дека голем број на деца од овие две земји се однесуваат насилнички во подолг временски период (и по неколку години). Тоа и не е така тешко да се разбере ако се знае дека некои ученици секој ден во училиште доаѓаат со постојан страв, покажуваат несигурност и имаат ниска самодоверба.

Во тој контекст, предметот на истржувањето на оваа докторска дисертација се однесува на откривањето и анализата на различните фактори кои влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија. Истражувањето има за цел да даде јасна слика за ставовите, перцепциите и реакциите на учениците за сите форми на насилно однесување во училиштата. Истовремено, истражувањето се фокусира и на превенирањето на оваа појава, со цел да се формираат јасни препораки за нејзино надминување. Експлицитно, цел на истражувањето претставува идентификувањето на факторите кои примарно влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија.

Целта на истражувањето ќе се реализира преку задачи кои одговараат на прагматичните трендови во модерните мултидисциплинарни истражувања во образованието. Во тој контекст, истражувањето ги има следниве задачи:

- Да се утврдат формите на насилно однесување на учениците во основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија.
- Да се утврдат факторите кои влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија.
- Да се утврдат разликите во ставовите и перцепциите на учениците во врска со појавата на насилно однесување во основните училиштата во Р. Косово и во Р. Македонија.
- Да се направи анализа на организацијата и функционирањето на семејството во контекст на неговата улога во воспитувањето на децата преку синтетички и аналитички показатели (споредба меѓу двете земји).
- Да се направи анализа на организацијата и функционирањето на училиштето во контекст на неговата улога во воспитувањето на децата преку синтетички и аналитички показатели (споредба меѓу двете земји).
- Да се утврдат разликите и сличностите во креирањето на образовните политики во Р. Косово и во Р. Македонија во однос на истражуваниот проблем.

Продлабоченото истражување на оваа тема може да помогне при идентификувањето на факторите кои влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија и, во таа смисла, може да се поттикне општествено и институционално решавање на проблемот.

## 2. Хипотези

Имајќи ги предвид сознанијата од научните истражувања и статистичките податоци за појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта од балканскиот образовен простор и пошироко, тргнуваме од една генерална претпоставка дека постојат различни мислења и ставови кај учениците и наставниците од основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија во врска со видот и формите на манифестираното насилство во училиштата.

## 2.1 Општа хипотеза

Постојат три главни фактори кои примарно влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта во Р. Косово и во Р. Македонија. Тие се: семејната средина, училишната средина и индивидуалните карактеристики на личноста на ученикот.

## 2.2 Посебни хипотези

*Посебна хипотеза 1*

Атмосферата во семејната средина ја поттикнува појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Р. Косово и Р. Македонија.

*Посебна хипотеза 2*

Атмосферата во училишната средина ја поттикнува појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Р. Косово и Р. Македонија.

*Посебна хипотеза 3*

Индивидуалните карактеристики на личноста влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Р. Косово и Р. Македонија

**Варијабли на истражувањето**

Независни варијабли

- Атмосфера во семејната средина и услови за развој на децата.
- Атмосфера во училишната средина и услови за развој на децата.
- Индивидуални карактеристики на личноста и предиспозиции за развој на антисоцијално однесување кај децата.

Зависни варијабли

- Негативен став кон појавата на насилно однесување кај децата во семејството.
- Негативен став кон појавата на насилно однесување кај учениците во училиштето.
- Негативен став кон појавата на насилно однесување кај учениците кои покажуваат хиперактивност.

## 3. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во ова истражување се користат: компаративниот, дескриптивниот и методот на теоретска анализа. За добивање на релевантни податоци се користени следниве техники и инструменти: анализа на содржини од анкетирање, односно, евиденциона листа за следење на учениците во училница и два прашалника (еден прашалник наменет за ученици, а друг наменет за наставници).

Во училиштата се формирани и фокус групи од ученици при што се користи и методот на набљудување. Прашалникот нуди ефикасен пристап кон собирањето на податоци бидејќи може да покрие широка популација и податоците можат да бидат собрани за кратко време. Исто така, прашалникот како инструмент овозможува флексибилност во собирањето на мислењата и ставовите на испитаниците без притоа да се остава простор за манипулирање со одговорите (Creswell, 2003).

Во истражувањето се структурирани прашалници за ученици и прашалници за наставници. Целта на прашалникот е да се соберат релевантни податоци за откривање на факторите кои влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во двете соседни земји. Прашалникот е анонимен и се состои од 30 прашања. Изработен е според Ликертовата скала. Скалата се движи во распон од изјава “целосно се согласувам", до изјава "не се согласувам". Во овој случај, на испитаниците им се даваат понудени одговори, со цел да го искажат своето мислење за истражувачките прашања во зависност од степенот на нивното одобрување или неодобрување. Податоците добиени на ваков начин лесно се обработуваат и анализираат. При поставувањето на параметрите за прашалникот водена се сметка за следниве елементи:

- користена е истата постапка за мерење;
- користен е ист набљудувач;
- користен е ист начин на мерење и под исти услови;
- користена е иста локација;
- повторувањето е направено во краток временски период.

Стандардизираниот прашалник за учениците се состои од 30 прашања. Најголемиот дел од прашањата се однесуваат на атмосферата во семејството и формите на семејно насилство, односно, на атмосферата во училиштето, училишната дисциплина и комуникација. На почетокот од анкетниот лист конципирани се прашања кои се однесуваат на: полот, општествено-економскиот статус на учениците, постигнатиот успех на учениците, дали живеат со двата родители, дали родителите имаат засновано работен однос и сл. Во втората група прашања понудени се повеќе алтернативи и се бара од учениците да се заокружи само една опција. Оваа група на прашања е наменета за собрање на податоци за семејството, односно, за тоа какво образование имаат најблиските членови на семејството (татко, мајка, сестра, брат и др.), како се донесуваат одлуки во семејството, кој од членовите на семејството помага при решавање на проблемите со домашните задачи на учениците и, на крај, какови видови на насилство се користени од страна на родителите врз учениците (доколку ги има). Третата група на прашања се однесуваат на интеракцијата на учениците со училишната заедница, односно, со одговорите на овие прашања се собираат податоци за безбедноста на учениците во училиштата, за училишната клима, за односот ученик-наставник и сл. Во анкетниот лист се дизајнирани и прашања во врска со односот на учениците кон нивните врсници, т. е. се идентификуваат видовите на насилство кои учениците ги доживуваат од страна на нивните врсници. Исто така, со овој тип на прашања се дознава каде се случува појавата на насилно однесување и кои ученици најчесто се жртви на насилството. Прашалникот завршува со прашања од следниот тип: од кого учениците најчесто бараат помош кога се жртви на насилство во училиштето?

Стандардизираниот прашалник наменет за наставниците, исто така, се состои од 30 прашања. Одговорот на овие прашања е со избор, односно, според Ликертовата скала. Прашалникот за наставници помогна во собирањето на податоци за климата во училиштето, за видовите на манифестирано насилство во училиштето, за соработката помеѓу училиштето и семејството, за начинот на кој се реализира институционалното справување со насилството во училиштето и за тоа колку наставниците се компетентни да се справуваат со насилство во училницата, самостојно. Исто така, со овој прашалник се собраа информации за менаџирањето со дисциплината во училницата, за напорите што ги вложуваат наставниците за создавање на безбедна и позитивна клима за учење,

за комуникацијата и соработката на наставниците и стручните служби во училиштето и сл. Анкетирањето беше спроведено во периодот септември /октомври, 2016 година.

За да се утврди сериозноста, практичноста и применливоста на инструментите, направено е и пилот истражување. Пилот истражувањето беше реализирано во Гостивар (Р. Македонија), и Гњилане (Р. Косово). Бидејќи истражувањето е компаративно, избрани се овие два града повеќе поради нивната сличност (на пример, имаат приближно ист број на жители и приближно ист бројот на ученици во основните училишта).

Некои истражувачи (Pellegrini, 1998) сметаат дека за вакви истражувања е пожелно да се користи и методот на набљудување, со цел да се истражи интеракцијата помеѓу учениците во природни услови, односно, да се види како тие се однесуваат по ходниците и во дворот на училиштето, во кафетерии, во автобуси и сл.

Од тие причини, набљудувани беа и фокус групи од ученици во училиштата со цел да се зајакнат на наодите од истражувањето. Во истражувањето користевме и метод на набљудување со цел да се идентификуваат основните форми на насилно однесување меѓу учениците во основните училишта во двете соседни земји. Фокус група за набљудување беа ученици од петто одделение кои покажуваа хиперактивно однесување. Набљудувањето го вршеше наставник за време од 10 работни денови. Со оглед на фактот дека во петто одделение дневниот распоред на наставата изнесува 5 часа, можеме да кажеме дека се реализирани 50 часа набљудување во едно училиште. За оваа активност беа избрани три училишта од Р. Косово и три училишта од Р. Македонија, односно, беа реализирани вкупно 300 часови набљудување во двете земји. Бројот на ученици вклучени во фокус групите е 30.

## 4. Популација на истражувањето

Популацијата во ова истражување ја сочинуваат ученици и наставници од основните училишта во Република Косово и во Република Македонија кои работат во урбани и рурални средини. Од Косово, во истражувањето се застапени регионите на Приштина, Гњилане и Урошевац, а од Македонија, регионите на Скопје, Гостивар и Битола.

## 5. Примерок на истражувањето

Примерокот на истражувањето го сочинуваат 805 ученици и 153 наставници од Република Косово и 779 ученици и 169 наставници од Република Македонија. Сумирано, вкупниот број на ученици застапени во истражувањето е 1614, а вкупниот број на наставници застапени во истражувањето е 322. Од овде може да се заклучи дека во истражувањето учествувале вкупно 1936 испитаници од двете земји.

## 6. Етика во истражувањето

Истражувањето за овој докторски труд беше спроведено согласно етичките стандарди за научно-истражувачка работа. Најнапред беше побарана согласност од директорите на училиштата за реализирање на истражувачките активности. Прашалникот беше анонимен, со приложено упатство за пополнување. На испитаниците им беше објаснето со каква цел се врши истражувањето.

# III

# ПРИКАЗ И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Резултати од истражувањето со ученици

Резултатите од истражувањето со ученици ги презентирам во табелите од 1 до 6. Со оглед дека истражувањето со ученици има компаративен карактер, резултатите помеѓу Македонија и Косово, споредувајќи ги, ги презентирам во иста табела.

Во **Табела бр. 1**, презентирани се резултатите од првите пет прашања.

1. Пол
2. Кое одделение сте?
3. Со каков успех завршивте минатата година?
4. Дали ги имате двајцата родители?
5. Дали живеете со двајцата родители?

Во поглед на полот, во Македонија доминира машкиот пол (412), во споредба со женскиот пол (367). Во Косово, исто така, доминира машкиот пол (410), наспроти женскиот пол (395). Вкупниот број на ученици е поголем во Косово (805 ученици), во споредба со Македонија (779 ученици), значи, поголем е за 26 ученици.

Бројот на ученици од машки пол во Македонија (412) и во Косово (410), речиси е еднаков. Разликата е во тоа што во Македонија има само двајца ученици повеќе отколку во Косово. Бројот на ученички е поголем во Косово (395), во споредба со Македонија (367). Разликата е за 28 повеќе женски ученици во Косово, во споредба со Македонија.

Во второто прашање: „Кое одделение сте?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: V, VI, VII, VIII и IX одделение.

Во Македонија доминира бројот на учениците од VIII одделение, 307 ученици, а потоа се учениците од VII одделение - 198. На трета позиција се учениците од IX одделение, 163 ученици. Помалку ученици има во VI одделение - 111. Ученици од V одделение нема.

Во Косово доминира бројот на ученици од IX одделение, 318 ученици. Потоа се учениците од VIII одделение, 223 ученици. На трета позиција се ученици од VII одделение, 206 ученици. Помалку ученици има во VI одделение, 58 ученици. Во Косово, исто така, нема ученици од V одделение.

Во третото прашање: „Со каков успех ја завршивте минатата година?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „доволен“ (2), „добар“ (3), „многу добар“ (4) и „одличен“ (5).

Во Македонија доминира одговорот „одличен“, кој го заокружиле 355 ученици. Одговорот „многу добар“ го заокружиле 227 ученици, одговорот „добар“ го заокружиле 177 ученици, а одговорот „доволен“ го заокружиле 20 ученици.

Во Косово доминира одговорот „одличен“, кој го заокружиле 446 ученици. Одговорот „многу добар“ го заокружиле 199 ученици, одговорот „добар“ го заокружиле 133 ученици, а одговорот „доволен“ го заокружиле 27 ученици.

Кај третото прашање, одговорот „одличен“, кој го заокружиле 446 ученици во Косово и 335 ученици во Македонија, доминира во двете земји, во споредба со другите успеси.

Во четвртото прашање: „Дали ги имате двајцата родители?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „да“ и „не“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, кој го заокружиле 755 ученици. Одговорот „не“ го заокружиле 24 ученици. Во Косово, исто така, доминира одговорот „да“, кој го заокружиле 778 ученици. Одговорот „не“ го заокружиле 27 ученици.

Кај четвртото прашање, одговорот „да“ доминира и во Македонија (755 ученици) и во Косово (778 ученици). Одговорот „не“, во Македонија го заокружиле 24 ученици, додека во Косово го заокружиле 27 ученици.

Во петтото прашање: „Дали живеете со двајцата родители?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „да“ и „не“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, кој го заокружиле 732 ученици. Одговорот „не“ го заокружиле 47 ученици. И во Косово доминира одговорот „да“, го заокружиле 747 ученици, одговорот „не“ го заокружиле 58 ученици.

**Табела бр. 1**: Резултати од истражувањето со ученици, од прашањата од 1 до 5:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 1. Пол | машки: 412<br>женски: 367<br>вкупно: 779 | машки: 410<br>женски: 395<br>вкупно: 805 |
| 2. Кое одделение сте? | VI одделение: 111 ученици<br>VII одделение: 198 ученици<br>VIII одделение: 307 ученици<br>IX одделение: 163 ученици | VI одделение: 58 ученици<br>VII одделение: 206 ученици<br>VIII одделение: 223 ученици<br>IX одделение: 318 ученици |
| 3. Со каков успех завршивте минатата година? | доволен: 20 ученици<br>добар: 177 ученици<br>мн. добар: 227 ученици<br>одличен: 355 ученици | доволен: 27 ученици<br>добар: 133 ученици<br>мн. добар: 199 ученици<br>одличен: 446 ученици |
| 4. Дали ги имате двајцата родители? | да: 755<br>не: 24 | да: 778<br>не: 27 |
| 5. Дали живеете со двајца родители? | да: 732<br>не: 47 | да: 747<br>не: 58 |

Во **Табела бр. 2**, презантирани се резултатите добиени од следниве прашања:

6. Дали двајцата ваши родители или старатели се вработени?
7. Каква е атмосферата во вашето семејство?
8. Кој ги носи одлуките во вашето семејство?
9. За мојата едукација во семејството се грижи...
10. Кој одговара на повиците на наставниците од училиштето?

Резултати од шестото прашање: „Дали двајцата ваши родители или старатели се вработени?“, се следниве:

Во Македонија има повеќе вработени родители (543), додека во Косово има помалку (443). Во Косово има повеќе невработени родители (362), а во Македонија има помалку (239).

Во седмото прашање: „Каква е атмосферата во вашето семејство?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „одлична“, „многу добра“, „добра“, „не е добра“ и „лоша“.

Во Македонија доминира одговорот „одлична“, заокружен 587 пати, следува одговорот „многу добра“, заокружен 147 пати, одговорот „добра“, заокружен 39 пати и одговорите „не е добра“ и „лоша“, заокружени по 3 пати.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „одлична“, заокружен 573 пати, следува одговорот „многу добра“, заокружен 170 пати, одговорот „добра“, заокружен 44 пати и одговорот „не е добра“, заокружен 12 пати. Одговорот „лоша“, се наоѓа на последно место, заокружен е 6 пати.

Само одговорот „одлична“, доминира во Македонија, во однос на Косово и тоа за 14 пати повеќе. Додека сите други одговори доминираат во Косово, во споредба со Македонија.

Во осмото прашање: „Кој ги носи одлуките во вашето семејство?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „таткото“, „мајката“, „сите заедно“, „зависи од ситуацијата“ и „никој“.

Во Македонија доминира третиот по ред одговор „сите заедно“, заокружен 303 пати. Следува одговорот „таткото“, заокружен 211 пати, потоа одговорот „мајката“, заокружен 160 пати, одговорот „зависи од ситуацијата“, заокружен 102 пати и на крај одговорот „никој“, заокружен 3 пати.

Во Косово, исто така, доминира третиот по ред одговор „сите заедно“, заокружен 379 пати, потоа одговорот „таткото“, заокружен 164 пати, па одговорот „зависи од ситуацијата“, заокружен 139 пати. Следуваат одговорите „мајката“, заокружен 123 пати и на крај одговорот „никој“, кој не е заокружен.

Во врска со прашањето: „Кој ги носи одлуките во вашето семејството?“, не постојат значајни разлики помеѓу учениците од Македонија и учениците од Косово. Единствената разлика помеѓу Македонија и Косово е кај петтиот одговор „никој“, кој во Македонија е заокружен 3 пати, додека, пак, во Косово не е воопшто заокружен. Сличноста е во тоа што другите одговори се наведени на иста позиција и што третиот одговор „сите заедно“, доминира во двете земји.

Во деветтото прашање: „За мојата едукација во семејството се грижи:“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „таткото“, „мајката“, „брат/сестра“ и „никој“.

Во Македонија доминира вториот по ред одговор „мајката“, заокружен 428 пати, следува одговорот „таткото“, заокружен 253 пати, потоа одговорот „никој“, заокружен 58 пати и на крај одговорот „брат/сестра“, заокружен 40 пати.

Во Косово, исто така, доминира вториот по ред одговор „мајката“, заокружен 513 пати, а потоа следува одговорот „таткото“, заокружен 224 пати. Одговорот „никој“, заокружен е 35 пати, а одговорот „брат/сестра“, заокружен е 33 пати.

Во поглед на едукацијата, на прашањето: „За мојата едукација во семејството се грижи:“, не постојат разлики помеѓу учениците од Македонија и учениците од Косово. Единствената разлика помеѓу Македонија и Косово е во бројките, а не во редоследот на одговорите. Значи, редоследот на одговорите е ист и во Македонија и во Косово.

Во десеттото прашање: „Кој се јавува на повиците на наставниците од училиштето?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „таткото“, „мајката“, „двајцата“, „дедо/баба“ и „никој“.

Во Македонија доминира одговорот „двајцата“, заокружен 297 пати, следува одговорот „мајката“, заокружен 246 пати. Првиот по ред одговор „таткото“, заокружен 224 пати е на трета позиција, а одговорот „дедо/баба“, заокружен 9 пати се наоѓа на четврта позиција. Одговорот „никој“, заокружен е 3 пати и се наоѓа на последно место.

Во Косово, исто така, доминира третиот по ред одговор „двајцата“, заокружен е 398 пати. Следува одговорот „таткото“, заокружен 211 пати. Вториот по ред одговор „мајката“, заокружен 194 пати се наоѓа на трета позиција. Одговорот „дедо/баба“, заокружен 2 пати е на четврта позиција, одговорот „никој“ не е заокружен.

Во врска со прашањето: „Кој се јавува на повиците на наставниците од училиштето?“, постојат разлики и сличности помеѓу учениците од Македонија и Косово. Разликата помеѓу Македонија и Косово е во редоследот на одговорите. Во двете земји доминира одговорот „двајцата“, додека одговорот „мајката“, во Македонија е на втора позиција, а во Косово, одговорот „мајката“ се наоѓа на трета позиција.

Одговорот „таткото“, во Косово е на втора позиција, а во Македонија е на трета позиција. Одговорот „дедо/баба“, во двете земји е на четврто место, додека, пак, одговорот „никој“, во Косово не е заокружен, додека во Македонија е заокружен само 3 пати и се наоѓа на последно место.

**Табела бр. 2**: Резултати од истражувањето, од прашањата од 6 до 10:

| Прашања | Македонија | Косово |
|---|---|---|
| 6. Дали вашите родители или старатели се вработени? | да: 540<br>не: 239 | да: 443<br>не: 362 |
| 7. Каква е атмосферата во вашето семејство? | одлична: 587<br>мн. добра: 147<br>добра: 39<br>не е добра: 3<br>лоша: 3 | одлична: 573<br>мн. добра: 170<br>добра: 44<br>не е добра: 12<br>лоша: 6 |
| 8. Кој ги носи длуките во вашето семејство? | таткото: 211<br>мајката: 160<br>сите заедно: 303<br>зависи од ситуацијата: 102<br>никој: 3 | таткото: 164<br>мајката: 123<br>сите заедно: 379<br>зависи од ситуацијата: 139<br>никој: 0 |
| 9. За мојата едукација во семејството се грижи: | таткото: 253<br>мајката: 428<br>брат/сестра: 40<br>никој: 58 | таткото: 224<br>мајката: 513<br>брат/сестра: 33<br>никој: 35 |
| 10. Кој се јавува на повиците на наставниците од училиштето? | таткото: 224<br>мајката: 246<br>двајцата: 297<br>дедо/баба: 9<br>никој: 3 | таткото: 211<br>мајката: 194<br>двајцата: 398<br>дедо/баба: 2<br>никој: 0 |

Во **Табела бр. 3**, презентирани се резултатите од следниве прашања:

11. Со кој се консултирате, кога имате проблем со домашната задача?
12. Кои видови на насилство ви се случиле дома?
13. Давајќи мислење за вашата населба, подвлечете дали се согласувате со следниве тврдења...
14. Дали возрасните од вашата населба би презеле нешто доколку...
15. Дали се чувствувате безбедно во училиштето?

Во единаесеттото прашање: „Со кој се консултирате, кога имате проблеми со домашната задача?", на учениците им беа понудени следниве одговори: „со таткото", „со мајката", „со брат/сестра", „со дедо/баба" и „со никој".

Во Македонија доминира одговорот „со мајката", кој е заокружен 325 пати. Следува одговорот „со таткото", заокружен 198 пати. Учениците помалку се консултираат „со брат/сестра" - 170 пати и со „дедо/баба", само 3 пати. Меѓутоа, има и

ученици, вкупно 83, кои кога имаат проблеми со домашните задачи не се консултираат со никој.

Во Косово, за разлика од Македонија, во врска со консултациите во текот на проблемите со домашната задача, доминира одговорот „со брат/сестра“, заокружен 302 пати. Следува одговорот „со мајката“, заокружен 233 пати. Одговорот „со таткото“, заокружен е 194 пати. Учениците помалку се консултираат „со дедо/баба“. Оваа опција е заокружена 170 пати во Македонија, а 4 пати во Косово. Но, има и ученици, вкупно 72, кои за проблемите со домашните задачи не се консултираат со никој.

Од резултатите гледаме дека има разлика во врска со консултациите за проблемите со домашната задача помеѓу учениците од двете земји. Додека во Македонија повеќе се консултираат со мајката - одговор заокружен 325 пати, во Косово повеќе се консултираат со брат/сестра, одговор заокружен 302 пати. Со дедо/баба се консултираат помалку, како во Македонија (3), така и во Косово (4).

Во дванаесеттото прашање: „Кои видови на насилство ви се случиле дома?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „тегнење за уши“, „штипење“, „шлаканици по различни делови на телото“, „кубење за коса“, „удирање со предмети“, „удирање со тупаници/клоци“ и „фаќање за гуша“.

Во Македонија, одговорот „тегнење за уши“, заокружен е од 385 ученици. Одговорот „шлаканици по различни делови на телото“, заокружен е 110 пати. Одговорот „штипење“, заокружен е 108 пати.

Одговорот „кубење за коса“, заокружен е 48 пати. Одговорот „удирање со предмети“ заокружен е 17 пати, а одговорот „удирање со клоци/тупаници“ заокружен е 9 пати. Одговорот фаќање за гуша, не го заокружил ниту еден ученик. Исто така, имаме и 102 ученици кои не се изјасниле.

Во Косово, како и во Македонија, одговорот „тегнење за уши“ го заокружиле повеќе ученици - 298. Одговорот „штипење“ заокружен е 139 пати, а одговорот „шлаканици по различни делови на телото“ го заокружиле 133 ученици.

Одговорот „кубење за коса“ е на четврто место и е заокружен 60 пати. Одговорите: „удирање со предмети“, „удирање со тупаници/клоци“ и „фаќање за гуша“ не се заокружени од учениците во Косово.

Во Косово, како и во Македонија имаме повеќе ученици кои не се изјасниле - 175.

Во тринаесеттото прашање: „Давајќи мислење за вашата населба, подвлечете дали се согласувате со овие тврдења“: 1) живеам во населба каде што луѓето се

познаваат и се почитуваат меѓу себе; 2) луѓето од мојата населба си помагаат меѓу себе; 3) луѓето од мојата населба имаат соживот; 4) луѓето од мојата населба честопати имаат исти ставови за добрите и лошите работи; 5) на луѓето од мојата населба можам да им верувам; на учениците им беа понудени следниве одговори: „целосно се согласувам“, „делумно се согласувам“, „се согласувам“, „делумно не се согласувам“ и „не се согласувам“.

Во Македонија, одговорот „се согласувам“, заокружен е од 309 ученици. Одговорот „целосно се согласувам“ е на втора позиција, заокружен е 177 пати. Одговорот „делумно не се согласувам“ е на трета позиција, заокружен е 140 пати. Одговорот „делумно се согласувам“ е на четврта позиција, заокружен е 106 пати, додека одговорот „не се согласувам“ е најмалку заокружен, 47 пати.

Во Косово, како и во Македонија, одговорот „се согласувам“, заокружен е од повеќе ученици - 294. Одговорот „целосно се согласувам“ е на втора позиција, заокружен е 233 пати, а одговорот „делумно се согласувам“ е на трета позиција и е заокружен 156 пати.

Одговорот „делумно не се согласувам“ е на четврто место, заокружен е 65 пати. Одговорот „не се согласувам“, заокружен е 57 пати и е на последно место, исто како и во Македонија.

Во четиринаесеттото прашање: „Дали возрасните од вашата населба би презеле нешто доколку: а) учениците бегаат од училиште и седат во населба; б) децата или учениците пишуваат графити на некоја зграда; в) децата во твојата населба покажуваат непочитување спрема другите луѓе; г) има расправија пред куќата/вашата зграда, или е некој физички нападнат; д) се сомневате дека некое дете во вашата населба е злоупотребувано од неговото семејство; ѓ) се сомневате дека некое дете во вашата населба е запоставувано од своето семејство; на учениците им беа понудени следниве одговори: „најверојатно“, „делумно веројатно“, „веројатно“, „малку веројатно“, „веројатно не“.

Во Македонија, одговорот „веројатно“, заокружен е 245 пати. Одговорот „веројатно не“, се наоѓа на втората позиција, заокружен е 174 пати, а одговорот „најверојатно“, стои дури на третата позиција и е заокружен 125 пати.

Одговорот „малку веројатно“ се наоѓа на четвртата позиција, заокружен е 120 пати, додека одговорот „делумно веројатно“, е помалку заокружен, 115 пати.

Во Косово, како и во Македонија, одговорот „веројатно“, заокружен е од повеќе ученици - 255. Одговорот „веројатно не“, се наоѓа на втора позиција, заокружен е 170

пати, а одговорот „делумно веројатно“, се наоѓа на трета позиција, заокружен е 152 пати.

Одговорот „малку веројатно“, се наоѓа на четвртата позиција, заокружен е 137 пати. Додека, пак, одговорот „најверојатно“, за разлика од учениците во Македонија, заокружен е најмалку пати - 91 и се наоѓа на последната, петта позиција. Во Македонија, последна е опцијата „делумно веројатно“, која е заокружена 115 пати.

Во петнаесеттото прашање: „Дали се чувствувате безбедно во училиштето?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија повеќе е заокружен одговорот „да“ и тоа 522 пати. Одговорот „не знам“ се наоѓа на втората позиција и е заокружен 134 пати, а одговорот „не“, заокружен е најмалку пати - 123.

Како и во Македонија, така и во Косово, повеќе е заокружен одговорот „да“, 639 пати. Одговорот „не знам“ е на втората позиција, заокружен е 99 пати, а одговорот „не“, заокружен е најмалку пати - 67.

**Табела бр. 3**: Резултати од истражувањето со ученици, од прашањата од 11 до 15:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 11. Со кој се консултирате, кога имате проблеми со домашната задача?:<br>- со таткото<br>- со мајката<br>- со брат/сестра<br>- со дедо/баба<br>- со никој | со таткото: 198<br>со мајката: 325<br>со брат/сестра: 170<br>со дедо/баба: 3<br>со никој: 83 | со таткото: 194<br>со мајката: 233<br>со брат/сестра: 302<br>со дедо/баба: 4<br>со никој: 72 |
| 12. Кои видови на насилство ви се случиле дома?<br><br>- тегнење за уши<br>- штипење<br>- шлаканици по различни делови од телото<br>- кубење за коса<br>- удирање со предмети<br>- удирање со тупаници/клоци.<br>- фаќање за гуша. | тегнење за уши: 385<br>штипење: 108<br>шлаканици по различни делови од телото: 110<br>кубење за коса: 48<br>удирање со предмети: 17<br>удирање со тупаници/клоци: 9<br>фаќање за гуша: 102 | тегнење за уши: 298<br>штипење: 139<br>шлаканици по различни делови од телото: 133<br>кубење за коса: 60<br>удирање со предмети: 0<br>удирање со тупаници/ клоци: 0<br>фаќање за гуша: 175 |
| 13. Давајќи мислење за вашата населба, подвлечете дали се согласувате со следниве тврдења:<br>1) живеам во населба каде што луѓето се познаваат и се почитуваат меѓу себе<br>2) луѓето од мојата населба се помагаат меѓу себе. | целосно се согласувам: 177<br>делумно се согласувам: 106<br>се согласувам: 309<br>делумно не се согласувам: 140<br>не се согласувам: 47 | целосно се согласувам: 233<br>делумно се согласувам: 156<br>се согласувам: 294<br>делумно не се согласувам: 65 |

| | | |
|---|---|---|
| 3) луѓето од мојата населба имаат соживот.<br>4) луѓето од мојата населба честопати имаат исти ставови за добрите и за лошите работи<br>5) на луѓето од мојата населба можам да им верувам.<br><br>На учениците како одговор им беа понудени овие опции:<br>- целосно се согласувам<br>- делумно се согласувам<br>- се согласувам<br>- делумно не се согласувам<br>- не се согласувам | | не се согласувам: 57 |
| 14. Дали возрасните од вашата населба би презеле нешто доколку:<br>а) учениците бегаат од училиште и седат во населба<br>б) децата или учениците пишуваат графити на некоја зграда<br>в) децата од твојата населба покажат непочитување спрема другите луѓе<br>г) има расправија пред куќата/вашата зграда, или е некој физички нападнат<br>д) се сомневате дека некое дете во вашата населба е злоупотребувано од неговото семејство<br>ѓ) се сомневате дека некое дете во вашата населба е запоставено од своето семејство<br><br>На учениците како одговор им беа понудени овие опции:<br>- најверојатно<br>- делумно веројатно<br>- веројатно<br>- малку веројатно<br>- веројатно не | најверојатно: 125<br>делумно веројатно: 115<br>веројатно: 245<br>малку веројатно: 120<br>веројатно не: 174 | најверојатно: 91<br>делумно веројатно: 152<br>веројатно: 255<br>малку веројатно:137<br>веројатно не: 170 |
| 15. Дали се чувствувате безбедно во училиштето?<br>- да<br>- не<br>- не знам | да: 522<br>не: 123<br>не знам: 134 | да: 639<br>не: 67<br>не знам: 99 |

Во **Табела бр. 4**, презентирани се резултатите од истражувањето, добиени од следниве прашања:

16. Дали има добра образовна клима во училиштето?
17. Класните правила (доколку ги има), дали сте ги развивале заедно со класниот раководител?
18. Какви се односите ученик-наставник?
19. Дали има случаи кога наставниците се однесуваат лошо со учениците?
20. Дали учениците се движат и прават врева додека наставниците држат настава?

Во шеснаесеттото прашање: „Дали има добра образовна клима во училиштето?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија во најголем дел заокружен е одговорот „да“, 571 пати, одговорот „не знам“, се наоѓа на втората позиција, заокружен е 108 пати, додека одговорот „не“, заокружен 100 пати, е најмалку заокружен одговор.

Во Косово, како и во Македонија, најмногу заокружен одговор е одговорот „да“ - 670 пати, одговорот „не знам“, е на второ место, заокружен 74 пати, додека одговорот „не“, заокружен е најмалку пати - 61.

Во седумнаесеттото прашање: „Класните правила (доколку ги има), дали сте ги развивале заедно со класниот раководител?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија најмногу е заокружен одговорот „да“ - 581 пат, додека одговорот „не“, заокружен 164 пати се наоѓа на втора позиција. Одговорот „не знам“ е на трета позиција, заокружен е 34 пати.

Во Косово, како и во Македонија, најмногу е заокружена опцијата „да“ - 557 пати, опцијата „не“, заокружена е 220 пати. Опцијата „не знам“ се наоѓа на третата позиција, заокружена е 28 пати.

Во осумнаесеттото прашање: „Какви се односите ученик-наставник?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „одлични“, „многу добри“, „добри“, „не се добри“ и „не знам“.

Одговорот „одлични“, доминира во двете земји и се наоѓа на прво место. Во Македонија е заокружен 373 пати, а во Косово 339 пати.

Одговорот „добри“, како во Македонија, така и во Косово е на втора позиција. Во Македонија е заокружен 221 пат, а во Косово 245. Одговорот „многу добри“, во Македонија е заокружен 180 пати, а во Косово 185 пати и се наоѓа на трета позиција во двете земји. Одговорот „не се добри“, во двете земји е на четврто место. Во Македонија е заокружен 36 пати, а во Косово 6 пати. Одговорот „не знам“, се наоѓа на последно место, на позиција број пет и во двете земји. Во Македонија е заокружен 9 пати, а во Косово не е заокружен.

Во деветнаесеттото прашање: „Дали има случаи кога наставниците се однесуваат лошо со учениците?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „секогаш“, „многу пати“, „понекогаш“ и „никогаш“.

Во Македонија најмногу е заокружен одговорот „понекогаш“, 412 пати, додека одговорот „никогаш“, заокружен е 205 пати и се наоѓа на второ место. Одговорот „многу пати“, заокружена е 83 пати и се наоѓа на трета позиција, а најмалку е заокружен одговорот „секогаш“, 79 пати.

Во Косово, најмногу е заокружен одговорот „понекогаш“, 505 пати, додека одговорот „никогаш“, заокружен е 200 пати и се наоѓа на второ место. Одговорот „многу пати“, заокружен е 78 пати и се наоѓа на трета позиција. Во Косово најмалку е заокружен одговорот „секогаш“, 22 пати.

Во дваесеттото прашање: „Дали учениците се движат и прават врева додека наставниците држат настава?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „секогаш“, „многу пати“, „понекогаш“ и „никогаш“.

Во Македонија најмногу е заокружен одговорот „понекогаш“, 445 пати, додека одговорот „никогаш“, кој се наоѓа на втората позиција, е заокружен 165 пати. Одговорот „многу пати“, се наоѓа на третата позиција, заокружен е 138 пати, а најмалку е заокружен одговорот „секогаш“, 31 пат.

Во Косово, најмногу е заокружен одговорот „понекогаш“, 554 пати, додека одговорот „многу пати“, за разлика од Македонија е на втора позиција, заокружен е 107 пати. Одговорот „никогаш“, заокружен е 88 пати и се наоѓа на трета позиција. Во Косово, како и во Македонија, најмалку е заокружен одговорот „секогаш“, 56 пати.

**Табела бр. 4**: Резултати од истражувањето со ученици, од прашањата од 16 до 20:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 16. Дали има добра образовна клима во училиштето: | да: 571<br>не: 100<br>не знам: 108 | да: 670<br>не: 61<br>не знам: 74 |
| 17. Класните правила, доколку ги има, дали сте ги развивале заедно со класниот раководител? | да: 581<br>не: 164<br>не знам: 34 | да: 557<br>не: 220<br>не знам: 28 |
| 18. Какви се односите ученик-наставник? | одлични: 373<br>многу добри: 180<br>добри: 211<br>не се добри: 6<br>не знам: 9 | одлични: 339<br>многу добри: 185<br>добри: 245<br>не се добри: 36<br>не знам: 0 |
| 19. Дали има случаи кога наставниците се однесуваат лошо со учениците? | секогаш: 79<br>често пати: 83<br>понекогаш: 412<br>никогаш: 205 | секогаш: 22<br>често пати: 78<br>понекогаш: 505<br>никогаш: 200 |
| 20. Дали учениците се движат и прават врева | секогаш: 31 | Секогаш - 56 |

| | | |
|---|---|---|
| додека наставниците држат настава? | често пати: 138<br>понекогаш: 445<br>никогаш: 165 | Често пати - 107<br>Понекогаш - 554<br>Никогаш - 88 |

Во **Табела бр. 5**, ги презентирам резултатите од истражувањето со ученици од следниве прашања:

21. Дали учениците употребуваат навредливи зборови меѓу себе?
22. Дали наставниците употребуваат навредливи зборови спрема учениците?
23. Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат редот и правилата на училиштето?
24. Дали наставниците користат физичко насилство врз учениците кои се непослушни?
25. Дали во текот на изминатите три месеци сте доживеале насилство од другари/другарки?

Во дваесет и првото прашање: „Дали учениците употребуваат навредливи зборови меѓу себе?", на учениците им беа понудени следниве одговори: „секогаш", „многу пати", „понекогаш" и „никогаш".

Во Македонија, од учениците најмногу е заокружен одговорот „понекогаш", 413 пати. Одговорот „никогаш", заокружен е 191 пат и се наоѓа на втора позиција, а одговорот „многу пати", се наоѓа на трета позиција, заокружен е 115 пати. Одговорот „секогаш", заокружен е 60 пати и се наоѓа на четврта позиција.

Во Косово, како и во Македонија, најмногу е заокружен одговорот „понекогаш" - 448 пати, одговорот „никогаш", е на втората позиција, заокружен е 146 пати, а одговорот „многу пати", се наоѓа на трета позиција и е заокружен 115 пати.

Одговорот „секогаш" заокружен е 96 пати и се наоѓа на четвртата позиција.

Во дваесет и второто прашање: „Дали наставниците употребуваат навредливи зборови спрема учениците?", на учениците им беа понудени следниве одговори: „да" и „не".

Учениците мислат дека наставниците употребуваат навредливи зборови спрема нив, така што одговорот „да" во Македонија е заокружен 171 пат, додека во Косово е заокружен 277 пати.

Одговорот „не“, во однос на тоа дека наставниците не употребуваат навредливи зборови спрема учениците, во Македонија е заокружен 608 пати, додека во Косово 528 пати.

Во дваесет и третото прашање: „Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат редот и правилата на училиштето?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија, мнозинството ученици мислат дека ги почитуваат редот и правилата на училиштето и тука доминира одговорот „да“, кој е заокружен најмногу, 438 пати. Одговорот „не знам“ се наоѓа на втората позиција, заокружен е 230 пати, а одговорот „не“, се наоѓа на трета позиција и е заокружен 111 пати.

Во Косово, редоследот на опциите е ист како и во Македонија, односно одговорот „да“, од учениците е најмногу заокружен, 390 пати. Одговорот „не знам“ се наоѓа на втората позиција, заокружен е 294 пати, а одговорот „не“ се наоѓа на третата позиција, заокружен е 121 пат.

Во дваесет и четвртото прашање: „Дали наставниците користат физичко насилство врз учениците кои се непослушни?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „секогаш“, „многу пати“, „понекогаш“ и „никогаш“.

Во Македонија доминира одговорот „никогаш“, кој е заокружен од повеќето ученици, 409 пати, одговорот „понекогаш“, се наоѓа на втората позиција, заокружен е 253 пати. Одговорот „многу пати“, се наоѓа на третата позиција, заокружен е 82 пати, а одговорот „секогаш“, се наоѓа на четвртата позиција, заокружен е 35 пати.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „никогаш“, кој е заокружен од 404 ученици. Одговорот „понекогаш“ се наоѓа на втората позиција, заокружен е 297 пати. Одговорот „многу пати“, се наоѓа на третата позиција, заокружен е 66 пати, додека одговорот „секогаш“ се наоѓа на четвртата позиција, зокружен е 38 пати.

Во дваесет и петтото прашање: „Дали во текот на изминатите три месеци сте доживеале насилство од другари/другарки?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „никогаш“, „еднаш или двапати“, „неколку пати“, „секогаш“.

Во Македнија доминира одговорот „никогаш“, кој е заокружен од 585 ученици. Одговорот „еднаш или двапати“ се наоѓа на втората позиција, заокружен е 87 пати. Одговорот „неколку пати“ се наоѓа на третата позиција, заокружен е 52 пати, а одговорот „секогаш“ заокружен е 55 пати и се наоѓа на четвртата позиција.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „никогаш“, кој е заокружен од 700 ученици. Одговорот „еднаш или двапати“ се наоѓа на втората позиција, заокружен е 68 пати. Одговорот „неколку пати“ се наоѓа на третата позиција, заокружен е 33 пати, а одговорот „секогаш“ заокружен е 9 пати и се наоѓа на четвртата позиција.

**Табела бр. 5**: Резултати од истражувањето со ученици, од прашањата од 26 до 30:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 21. Дали учениците употребуваат навредливи зборови меѓу себе? | секогаш: 60<br>често пати: 115<br>понекогаш: 413<br>никогаш: 191 | секогаш: 96<br>често пати: 115<br>понекогаш: 448<br>никогаш: 146 |
| 22. Дали наставниците употребуваат навредливи зборови спрема учениците? | да: 171<br>не: 608 | да: 277<br>не: 528 |
| 23. Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат редот и правилата на училиштето? | да: 438<br>не: 111<br>не знам: 230 | да: 390<br>не: 121<br>не знам: 294 |
| 24. Дали наставниците користат физичко насилство врз учениците кои се непослушни? | секогаш: 35<br>многу пати: 82<br>понекогаш: 253<br>никогаш: 409 | секогаш: 38<br>многу пати: 66<br>понекогаш: 297<br>никогаш: 404 |
| 25. Дали во текот на изминатите три месеци сте доживеале насилство од другари/другарки? | никогаш: 585<br>еднаш или два пати: 87<br>неколку пати: 52<br>секогаш: 55 | никогаш: 700<br>еднаш или два пати: 63<br>неколку пати: 33<br>секогаш: 9 |

Во **Табела бр. 6**, ќе ги презентирам резултатите од истражувањето со ученици од следниве прашањата:

26. Како реагирате на насилни ситуации?
27. Каде се случува вознемирувањето?
28. Кој е најчесто жртва на насилство?
29. Ако имате проблеми со насилство во училиштето кому му се обраќате за помош?
30. Дали учениците ги применуваат правилата на училиштето?

Во дваесет и шестото прашање: „Како реагирате на насилни ситуации?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „интервенирам“, „го прекинувам насилството“, „гледам“ и „не ме интересира“.

Во Македонија доминира одговорот „го прекинувам насилството“, кој е заокружен од 323 ученици. Одговорот „не ме интересира“ заокружен е 187 пати и се наоѓа на втората позиција. Одговорот „интервенирам“ заокружен е 169 пати и се наоѓа на третата позиција, а одговорот „гледам“ заокружен е 100 пати и се наоѓа на четвртата позиција.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „го прекинувам насилството“, кој е заокружен од 320 ученици. Одговорот „не ме интересира“ заокружен е 223 пати и се наоѓа на втората позиција. Одговорот „гледам“ заокружен е 136 пати и се наоѓа на трета позиција, а одговорот „интервенирам“, заокружен е 126 пати и се наоѓа на четвртата позиција.

Во дваесет и седмото прашање: „Каде се случува вознемирувањето?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „во училница“, „во ходниците“, „во спортската сала“ и „во училишниот двор“.

Во Македонија доминира одговорот „во училишниот двор“, кој е заокружен од 414 ученици. Одговорот „во училница“ заокружен е 209 пати и се наоѓа на втората позиција. Одговорот „во ходниците“ заокружен е 132 пати и се наоѓа на третата позиција, а одговорот „во спортската сала“ заокружен е 17 пати и се наоѓа на четвртата позиција.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „во училишниот двор“, кој е заокружен од 482 ученици. Одговорот „во училница“ заокружен е 202 пати и се наоѓа на втората позиција. Одговорот „во ходниците“ заокружен е 107 пати и се наоѓа на третата позиција, а одговорот „во спортската сала“ заокружен е 14 пати и се наоѓа на четвртата позиција.

Во дваесет и осмото прашање: „Кој е најчесто жртва на насилство?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „новите ученици во училницата“, „талентираните ученици“, „мирните и воспитани ученици“, „ученици кои имаат добра комуникација со наставниците“, „ученици од семејства со лоша финансиска состојба“, „ученици со посебни потреби“, „ученици со разведени родители“ и „ученици од семејства со семејно насилство“.

Заедничка карактеристика за двете држави е што се заокружени сите осум понудени одговори.

Во Македонија, најмногу е застапен одговорот „мирните и воспитани ученици“, кој е заокружен 244 пати. Одговорот „новите ученици во училницата“ се наоѓа на втората позиција. Тој е заокружен 202 пати. Одговорот „ученици од семејства со лоша

финансиска состојба“ е на трета позиција, заокружен е 86 пати. Одговорот „ученици со посебни потреби“ се наоѓа на четвртата позиција. Заокружен е 76 пати. Одговорот „ученици од семејства со семејно насилство“ се наоѓа на петтата позиција. Заокружен е 63 пати. Одговорот „ученици со разведени родитетели“ се наоѓа на шестата позиција. Заокружен е 62 пати. Одговорот „ученици кои имаат добра комуникација со наставниците“ се наоѓа на седмата позиција. Заокружен е 8 пати. Одговорот „талентираните ученици“ не е заокружен.

Резултатите во Косово покажуваат дека одговорот „новите ученици во училницата“ е најмногу заокружен, 360 пати. Одговорот „мирните и воспитани ученици“ се наоѓа на втората позиција. Заокружен е 158 пати. Одговорот „талентираните ученици“ се наоѓа на третата позиција. Заокружен е 97 пати. Одговорот „ученици од семејства со лоша финансиска состојба“ се наоѓа на четвртата поазиција. Заокружен е 70 пати. Одговорот „ученици од семејства со семејно насилство“ се наоѓа на петтата позиција. Заокружен е 67 пати. Одговорот „ученици од разведени родители“ се наоѓа на шестата позиција. Заокружен е 44 пати. Одговорот „ученици кои имаат добра комуникација со наставниците“ се наоѓа на седмата позиција. Заокружен е 2 пати.

Во дваесет и деветтото прашање: „Ако имате проблеми со насилство во училиштето кому му се обраќате за помош?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „на семејството“, „на наставниците“, „на друштвото“, „на полицијата“ и „никому“.

Во Македонија доминира одговорот „на семејството“, кој е заокружен 325 пати. Одговорот „на наставниците“ се наоѓа на втората позиција. Заокружен е 322 пати. Одговорот „на друштвото“ се наоѓа на трета позиција. Заокружен е 65 пати. Одговорот „никому“ се наоѓа на четвртата позиција. Заокружен е 58 пати. Одговорот „на полицијата“ заокружен е само 9 пати и се наоѓа на петтата позиција.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „на семејството“, кој е заокружен 440 пати. Одговоот „на наставниците“ се наоѓа на втората позиција. Заокружен е 241 пат. Одговорот „никому“ е на третата позиција. Заокружен е 70 пати. Одговорот „на полицијата“ се наоѓа на петтата позиција и тој воопшто не е заокружен.

Учениците во Косово, за разлика од учениците во Македонија, во случај на насилство во училиштето не ѝ се обраќаат за помош на полицијата.

Во триесеттото прашање: „Дали учениците ги применуваат правилата на училиштето?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „секогаш“, „многу пати“, „понекогаш“ и „никогаш“.

Во Македонија доминира одговорот „секогаш“, кој е заокружен 425 пати. Одговорот „многу пати“, заокружен е 211 пат и се наоѓа на втората позиција. Одговорот „понекогаш“ заокружен е 94 пати и се наоѓа на третата позиција, а одговорот „никогаш“, кој е заокружен 49 пати, се наоѓа на четвртата позиција.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „секогаш“. Заокружен е 423 пати. Одговорот „многу пати“ заокружен е 248 пати и се наоѓа на втората позиција. Одговорот „понекогаш“ заокружен е 108 пати и се наоѓа на третата позиција, а одговорот „никогаш“, кој е заокружен 26 пати, се наоѓа на четвртата позиција.

**Табела бр. 6**: Резултати од истражувањето со ученици, од прашањата од 26 до 30:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 26. Како реагирате на насилни ситуации? | интервенирам: 169<br>го прекинувам насилството: 323<br>гледам: 100<br>не ме интересира: 187 | интервенирам: 126<br>го прекинувам насилството: 320<br>гледам: 136<br>не ме интересира: 223 |
| 27. Каде се случува вознемирувањето? | во училница: 209<br>во ходниците: 132<br>во спортската сала: 17<br>во училишниот двор: 414 | во училница: 202<br>во ходниците: 107<br>во спортската сала: 14<br>во училишниот двор: 482 |
| 28. Кој е најчесто жртва на насилство? | 1) новите ученици во училницата: 202<br>2) талентираните ученици: 46<br>3) мирните и воспитани ученици: 244<br>4) ученици кои имаат добра комуникација со наставниците: 0<br>5) ученици од семејства со лоша финансиска состојба: 86<br>6) ученици со посебни потреби: 76<br>7) ученици со разведени родители: 62<br>8) ученици од семејства со семејно насилство: 63 | 1) новите ученици во училницата: 360<br>2) талентираните ученици: 97<br>3) мирните и воспитани ученици: 158<br>4) учениците кои имаат добра комуникација со наставниците: 2<br>5) ученици од семејства со лоша финансиска состојба: 70<br>6) ученици со посебни потреби: 7<br>7) ученици со разведени родители: 44<br>8) ученици од семејства со семејно насилство: 67 |
| 29. Ако имате проблеми со насилство во училиштето кому му се обраќате за помош? | на семејството: 325<br>на наставниците: 322<br>на друштвото: 65<br>на полицијата: 9<br>никому: 58 | на семејството: 440<br>на наставниците: 241<br>на друштвото: 54<br>на полицијата: 0<br>никому: 70 |
| 30. Дали учениците ги применуваат правилата на училиштето? | секогаш: 425<br>многу пати: 211<br>понекогаш: 94<br>никогаш: 49 | секогаш: 423<br>многу пати: 248<br>понекогаш: 108<br>никогаш: 26 |

## 2. Резултати од истражувањето со наставници

Резултатите од истражувањето со наставници ќе бидат презентирани во табелите од 7 до 12. Бидејќи истражувањето има компаративен карактер, резултатите од Македонија и од Косово ќе се презентираат во иста табела, за да се споредат.

Во **Табела бр. 7**, презентирани се резултатите од првите пет прашања:

1. Пол
2. Дали училиштето има пријателски став кон учениците?
3. Дали вработените во вашето училиште го гледаат училиштето како атрактивно место за работа?
4. Дали наставниците ги поддржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација?
5. Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат законите и прописите на училиштето?

Во поглед на полот, во Македонија доминира женскиот пол (93), во споредба со машкиот пол (76). Во Косово, исто така, доминира женскиот пол (94), наспроти машкиот пол (59). Вкупниот број на испитани наставници е поголем во Македонија (169), во споредба со Косово (153).

Бројот на женски наставници во Македонија (93) и во Косово (94) е речиси еднаков. Додека бројот на машки наставници е поголем во Македонија (76), во споредба со Косово (59).

Во второто прашање: „Дали училиштето има пријателски став кон учениците?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, кој го заокружиле 164 наставници. Одговорот „не“ го заокружиле 5 наставници, додека одговорот „не знам“ не го заокружил ниту еден наставник.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „да“. Го заокружиле 160 наставници. Одговорот „не“ го заокружиле двајца наставници, додека одговорот „не знам“ го заокружил само еден наставник.

Во второто прашање, одговорот „да“ го заокружиле речиси ист број наставници и во Македонија (164) и во Косово (160). Одговорот „не“ во Македонија го заокружиле 5 наставници, додека во Косово, го заокружиле само двајца наставници. Одговорот „не знам“ во Македонија не го заокружил ниту еден наставник, а во Косово го заокружил само еден наставник.

Во третото прашање: „Дали вработените во вашето училиште го гледаат училиштето како атрактивно место за работа?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, кој е заокружен од 141 наставник. Одговорот „не“ го заокружиле  9 наставници, додека, пак, одговорот „не знам“ го заокружиле  19 наставници.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „да“, кој го заокружиле 133 наставници. Одговорот „не“ го заокружиле 9 наставници, додека одговорот „не знам“ го заокружиле 5 наставници.

Кај третото прашање доминира одговорот „да“ и во Македонија (141) и во Косово (133). Одговорот „не“ и во Македонија и во Косово го заокружиле 9 наставници. Одговорот „не знам“ во Македонија го заокружиле 19 наставници, додека во Косово го заокружиле 5 наставници.

Во четвртото прашање: „Дали наставниците ги поддржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, кој е заокружен од 151 наставник. Одговорот „не“ го заокружиле 7 наставници, додека одговорот „не знам“, го заокружиле  9 наставници.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „да“. Го заокружиле 147 наставници. Одговорот „не“ го заокружиле двајца наставници, додека одговорот „не знам“ го заокружиле 4 наставници.

Кај четвртото прашање доминира одговорот „да“, и во Македонија (151), и во Косово (147). Одговорот „не“ во Македонија го заокружиле 7 наставници, додека во Косово го заокружиле двајца наставници. Одговорот „не знам“ во Македонија го заокружиле  9 наставници, додека во Косово го заокружиле  4 наставници.

Во петтото прашање: „Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат законите и прописите на училиштето?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Кај петтото прашање во Македонија доминира одговорот „да". Го заокружиле 148 наставници. Одговорот „не" го заокружиле 17 наставници, додека одговорот „не знам" го заокружиле 4 наставници.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „да". Го заокружиле 126 наставници. Одговорот „не" го заокружиле 22 наставници, додека одговорот „не знам" го заокружиле 5 наставници.

Кај петтото прашање доминира одговорот „да" и во Македонија (148) и во Косово (126). Одговорот „не", во Македонија го заокружиле 17 наставници, додек, пак, во Косово го заокружиле 22 наставници. Одговорот „не знам" во Македонија го заокружиле 4 наставници, а во Косово го заокружиле 5 наставници.

**Табела бр. 7**: Резултати од истражувањето со наставници од прашањата од 1 до 5:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 1. Пол | машки: 76<br>женски: 93<br>вкупно: 169 | машки: 59<br>женски: 94<br>вкупно: 153 |
| 2. Дали училиштето има пријателски став кон учениците? | да: 164<br>не: 5<br>не знам: 0 | да: 150<br>не: 2<br>не знам: 1 |
| 3. Дали вработените во вашето училиште го гледаат училиштето како атрактивно место за работа? | да: 141<br>не: 9<br>не знам: 19 | да: 139<br>не: 9<br>не знам: 5 |
| 4. Дали наставниците ги поддржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација? | да: 153<br>не: 7<br>не знам: 9 | да: 147<br>не: 2<br>не знам: 4 |
| 5. Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат законите и прописите на училиштето? | да: 148<br>не: 17<br>не знам: 4 | да: 126<br>не: 22<br>не знам: 5 |

Во **Табела бр. 8**, ги презентирам резултатите од истражувањето со наставници од следниве прашања:

6. Дали вашето училиште се раководи според следниве наведени принципи: 1) почитување на правата на учениците, 2) почитување на различностите, 3) образование фокусирано на вредностите, 4) соработка, комуникација и инклузија.

7. Дали учениците покажуваат насилно (асоцијално) однесување во училиштето?

8. Зошто учениците покажуваат насилство во училиштето?
9. Според вас, кои негативни појави ги покажуваат учениците во училиштето?
10. Дали мислите дека овие негативни појави што ги покажуваат учениците во училиштето, ја попречуваат ефикасноста на образовната настава во училиштата?

Во шестото прашање: „Дали вашето училиште се раководи според следниве принципи:“ 1) почитување на правата на учениците, 2) почитување на различностите, 3) образование фокусирано на вредностите, 4) соработка, комуникација и инклузија, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „целосно се согласувам“, „се согласувам“, „делумно се согласувам“, „не се согласувам“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „целосно се согласувам“, кој е заокружен 67 пати. Следува одговорот се „согласувам“, кој е заокружен 60 пати. Одговорот „делумно се согласувам“ е заокружен 34 пати. Одговорот „не се согласувам“ е заокружен 8 пати, додека одговорот „не знам“ не е заокружен од ниту еден наставник.

Во Косово, за разлика од Македонија, доминира одговорот „се согласувам“, кој е заокружен 62 пати. Следува одговорот „целосно се согласувам“, кој е заокружен 54 пати. Одговорот „делумно се согласувам“ е заокружен 35 пати. Одговорот „не се согласувам“ е заокружен 2 пати, додека одговорот „не знам“ не е заокружен од ниту еден наставник.

Во седмото прашање: „Дали учениците покажуваат насилно (асоцијално) однесување во училиштето?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „целосно се согласувам“, „се согласувам“, „делумно се согласувам“, „не се согласувам“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „делумно се согласувам“, заокружен е 62 пати. Следува одговорот „не се согласувам“, кој е заокружен 38 пати. Одговорот „се согласувам“ заокружен е 36 пати. Одговорот „целосно се согласувам“ е заокружен 32 пати, додека одговорот „не знам“ е заокружен само од еден наставник.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „делумно се согласувам“, заокружен 80 пати, што е речиси двојно повеќе од одговорот „не се согласувам“, кој е заокружен 44 пати. Одговорот „се согласувам“ е заокружен 18 пати. Одговорот „целосно се согласувам“ е заокружен 10 пати, додека одговорот „не знам“ е зокружен само од еден наставник.

Ако се споредат резултатите меѓу Македонија и Косово, можеме да видиме дека одговорот „делумно се согласувам“ доминира и во двете земји. Во Косово е заокружен 80 пати, а во Македонија 62 пати.

Одговорот „не се согласувам“ е втор по застапеност во двете земји. Во Косово е заокружен 44 пати, а во Македонија 38 пати. Одговорот „се согласувам“ во Македонија е заокружен 36 пати и доминира во споредба со Косово, каде што е заокружен 18 пати.

Одговорот „целосно се согласувам“, исто така, повеќе е заокружен во Македонија - 32 пати, во споредба со Косово, каде што е заокружен 10 пати.

Одговорот „не знам“ е заокружен само од еден наставник и во двете земји.

Во осмото прашањето: „Зошто учениците покажуваат насилство во училиштето?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „им недостига воспитание“, „врз нив влијае неорганизираната средина“, „училиштето не ги едуцира доволно“, „семејството не им посветува доволно внимание“ и „влијае фазата на пубертет“.

Во двете земји, најмногу беше заокружен одговорот „семејството не им посветува доволно внимание“. Во Македонија овој одговор е заокружен 77 пати, а во Косово 61 пат.

Втор по застапеност заокружен одговор во Македонија и во Косово е „влијае фазата на пубертетот“. Во Македонија е заокружен 39 пати, а во Косово 45 пати.

Во Македонија, одговорот „влијае неорганизираната средина“ е на трета позиција, заокружен е 21 пат. Одговорот им „недостига воспитание“ е на четврта позиција, заокружен е 19 пати. Оодговорот „училиштето не ги едуцира доволно“ е на петта позиција. Заокружен е само 11 пати.

Во Косово, одговорот „им недостига воспитание“ е на трета позиција, заокружен е 27 пати.

Одговорот „влијае неорганизираната средина“ е на четврта позиција, заокружен е 17 пати, додека одговорот „училиштето не ги едуцира доволно“ е на петта позиција, заокружен е најмалку, само 3 пати.

Резултатите покажуваат дека во двете земји доминантно е мислењето дека учениците покажуваат насилство во училиштата бидејќи „семејството не им посветува доволно внимание“. Овој одговор во Македонија го заокружиле 77 наставници, а во Косово 61 наставник.

Одговорот „влијанието на пубертетот“ во двете земји се гледа како фактор кој влијае врз појавата на насилно однесување кај учениците во училиштето, во што веруваат 39 наставници од Македонија и 45 наставници од Косово.

Одговорот „недостигот на воспитание“, според наставниците во Косово е третиот фактор кој влијае врз појавата на насилно однесување кај учениците во училиштето, а во Македонија е четврти.

Во Македонија, одговорот „неорганизираната средина“ е третиот фактор кој влијае за појава на насилно однесување кај учениците во училиштето. Заокружен е од 21 наставник. Во Косово, овој одговор е четврт фактор за појава на насилно однесување кај учениците во училиштето, го заокружиле 17 наставници.

Влијанието на училиштето врз појавата на насилно однесување кај учениците во училиштето е фактор кој е минимизиран во двете земји. Во Македонија овој одговор го заокружиле 11 наставници, а во Косово само тројца.

Во Македонија има 22 наставници кои не се изјасниле, за разлика од Косово, каде нема наставници што не се изјасниле.

Во деветтото прашање: „Според вас, кои негативни појави ги покажуваат учениците во училиштето?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „насилно однесување“, „пушење“, „пиење алкохол“ и „консумирање наркотични супстанци“.

Во двете земји, наставниците од четирите понудени одговори заокружиле само два: „насилно однесување“ и „пушење“. Во Македонија, одговорот „насилно однесување“ е заокружен 141 пат, а во Косово 106 пати. Одговорот „пушење“ во Македонија е заокружен 14 пати, а во Косово 44 пати. Одговорот „пиење алкохол“ и „консумирање наркотични супстанци“ не е заокружен ни во Македонија, ни во Косово.

Во десеттото прашање: „Дали мислите дека негативните појави што ги покажуваат учениците во училиштето, ја попречуваат ефикасноста на образовната настава во училиштата?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во двете земји, наставниците имаат речиси исто мислење дека негативните појави што ги покажуваат учениците во училиштето ја попречуваат ефикасноста на образовната настава во училиштата. Па така, одговорот „да“, во Македонија е заокружен 129 пати, а во Косово 127 пати.

Има наставници кои сметаат дека негативните појави што ги покажуваат учениците во училиштето не ја попречуваат ефикасноста на образовната настава во

училиштата. Па така, одговорот „не“ во Македонија го заокружиле 25 наставници, а во Косово 19. Одговорот „не знам“ во Македонија е заокружен 15 пати, а во Косово 7 пати.

**Табела бр. 8**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 6 до 10:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 6. Дали вашето училиште се раководи според следниве наведени принципи: 1) почитување на правата на учениците, 2) почитување на различностите, 3) образование фокусирано на вредностите, 4) соработка, комуникација и инклузија. | целосно се согласувам: 67<br>се согласувам: 60<br>делумно се согласувам: 34<br>не се согласувам: 8<br>не знам: 0 | целосно се согласувам: 54<br>се согласувам: 62<br>делумно се согласувам: 2<br>не се согласувам: 2<br>не знам: 0 |
| 7. Дали учениците покажуваат насилно (асоцијално) однесување во училиштето? | целосно се согласувам: 32<br>се согласувам: 36<br>делумно се согласувам: 62<br>не се согласувам: 38<br>не знам: 1 | целосно се согласувам: 10<br>се согласувам: 18<br>делумно се согласувам: 80<br>не се согласувам: 44<br>не знам: 1 |
| 8. Зошто учениците покажуваат насилство во училиштето? | им недостига воспитание: 19<br>влијае неорганизираната средина: 21<br>училиштето не ги едуцира доволно: 11<br>семејството не им посветува доволно внимание: 77<br>влијае фазата пубертет: 39 | им недостига воспитание: 27<br>влијае неорганизираната средина: 17<br>училиштето не ги едуцира доволно: 3<br>семејството не им посветува доволно внимание: 61<br>влијае фазата пубертет: 45 |
| 9. Според вас, кои негативни појави ги покажуваат учениците во училиштето? | насилно однесување: 141<br>пушење: 14<br>пиење алкохол: 0<br>консумирање наркотични супстанции: 0<br>неизјаснети: 14 | насилно однесување: 106<br>пушење: 44<br>пиење алкохол: 0<br>консумирање наркотични супстанции: 0<br>неизјаснети: 3 |
| 10. Дали мислите дека овие негативни појави што ги покажуваат учениците во училиштето, ја попречуваат ефикасноста на образовната настава во училиштата? | да: 129<br>не: 25<br>не знам: 15 | да: 127<br>не: 19<br>не знам: 7 |

Во **Табела бр. 9**, ги презентирам резултатите од истражувањето со наставници од следниве прашања:

11. Дали училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство?
12. Што мислите, кој треба да ги отстрани овие негативни појави

кои ги среќаваме кај децата во училиштето?

13. Преку што можат наставниците да го развијат просоцијалното однесување кај учениците?

14. Колку редовно и како добивате информации од училиштето за постигнувањата и однесувањето на учениците?

15. Дали мислите дека соработката помеѓу училиштето и семејството е задоволителна?

Во единаесеттото прашањето: „Дали училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, заокружен е 116 пати. Следува одговорот „не знам“, заокружен 30 пати. Одговорот „не“ заокружен е 13 пати.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „да“, кој е заокружен 83 пати. Следува одговорот „не“, кој е заокружена 39 пати. Одговорот „не знам“ заокружен е 31 пат.

Од резултатите можеме да видиме дека разликата во мислењето помеѓу наставниците од Македонија и наставниците од Косово е во одговорите „не“ и „не знам“. Во Косово, одговорот „не“ се наоѓа на второ место и е заокружен 39 пати. Во Македонија, овој одговор се наоѓа на трета позиција и е заокружен 13 пати.

Одговорот „не знам“, во Косово се наоѓа на трета позиција, заокружен е 31 пат. Во Македонија, овој одговор се наоѓа на втора позиција, заокружен е 30 пати. Одговорот „не“, пак, заокружен е 13 пати.

Само кај одговорот „да“, наставниците од Македонија и наставниците од Косово имаат усогласеност во мислењето дека училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство.

Во дванаесеттото прашањето: „Што мислите, кој треба да ги отстрани овие негативни појави кои ги среќаваме кај децата во училиштето?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „училиштето“, „семејството“, „училиштето/семејството“, „училиштето/семејството/заедницата“.

Во Македонија доминира одговорот „училиштето/семејството/заедницата“, кој е заокружен 105 пати. Следува одговорот „училиштето/семејството“, заокружен 52 пати. Одговорот „училиштето“, заокружен е 10 пати, а одговорот „семејството“ само 2 пати.

Во двете земји, и во Косово и во Македонија, најмногу пати е заокружен одговорот „училиштето/семејството/заедницата“. Во Косово, тој одговор е заокружен 96 пати, а во Македонија 105 пати. Следува одговорот „училиштето/семејството“, кој е заокружен 53 пати во Косово и 105 пати во Македонија. Во Косово, одговорот „семејството“ заокружен е 3 пати, а одговорот „училиштето“, само еднаш.

Единствена разлика помеѓу Македонија и Косово е во одговорите „училиштето“ и „семејството“. Во Македонија, одговорот „семејството“ се наоѓа на последно место, заокружен е само 2 пати. Во Косово, пак, на последно место се наоѓа одговорот „училиштето“. Во Македонија, одговорот „училиштето“ се наоѓа на претпоследно место. Заокружен е 10 пати.

Во тринаесеттото прашање: „Преку што можат наставниците да го развијат просоцијалното однесување кај учениците?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „преку подобра комуникација со учениците“, „преку пофалби“, „преку награди“, „преку почитување на правилата на училиштето“ и „преку заедничка работа“.

Одговор кој е најмногу заокружен во Македонија и во Косово е одговорот „преку почитување на правилата на училиштето“. Овој одговор во Македонија е заокружен 57 пати, а во Косово 56 пати. Следува одговорот „преку заедничка работа“, кој во Македонија е заокружен 54 пати, а во Косово 36 пати. Овој одговор се наоѓа на трето место. Одговорот „преку подобра комуникација со учениците“, во Македонија е заокружен 45 пати, а во Косово 47 пати.

Одговорот „преку пофалби“, во Македонија е на четврто место, заокружен е 14 пати. Во Косово, овој одговор е на последното место, заокружен е 5 пати.

Одговорот „преку награди“, во Македонија се наоѓа на последно место, заокружен е 9 пати. Во Косово, овој одговор е на претпоследното место, заокружен е 12 пати.

Во четиринаесеттото прашањето: „Колку редовно и како добивате информации од училиштето за постигнувањата и однесувањето на учениците?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „двапати годишно“, „понекогаш“, „на систематизиран начин“ и „никогаш“.

Во Македонија и во Косово, најмногу е заокружен одговорот „на систематизиран начин“. Овој одговор во Македонија е заокружен 91 пат, а во Косово 73 пати. Следува одговорот „понекогаш“, кој во Македонија е заокружен 64 пати, а во Косово 70 пати.

Одговорот „двапати годишно“, во Македонија е заокружен 9 пати, а во Косово 7 пати и се наоѓа на трето место.

Одговорот „никогаш“, и во Македонија и во Косово е најмалку заокружен, во Македонија 5 пати, а во Косово 3 пати.

Во петнаесеттото прашањето: „Дали мислите дека соработката помеѓу училиштето и семејството е задоволителна?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, заокружен е 98 пати. Следува одговорот „не“, кој е заокружен 52 пати. Одговорот „не знам“ е заокружен 19 пати.

За разлика од Македонија, во Косово доминира одговорот „не“, заокружен е 77 пати. Потоа следува одговорот „да“, кој е заокружен 65 пати. Одговорот „не знам“, заокружен е 11 пати.

Од добиените резултати можеме да видиме дека разликата во двете земји е во одговорите „да“ и „не“. Во Косово, на пр., наставниците сметаат дека соработката меѓу училиштето и семејството не е задоволителна. Оттаму одговорот „не“ во оваа земја е заокружен 77 пати и доминира во однос на одговорот „да“, според кој, соработката меѓу училиштето и семејството е задоволителна. Одговорот „да“ во Косово е заокружен 65 пати.

Во Македонија доминира одговорот „да“, кој е заокружен 98 пати. Одговорот „не“ заокружен е 52 пати.

Одговорот „не знам“, и во Македонија и во Косово е на последно место. Во Македонија е зокружен 19 пати, а во Косово 11 пати.

**Табела бр. 9**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 11 до 15:

| **Прашања** | **Македонија** | **Косово** |
|---|---|---|
| 11. Дали училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство? | да: 116<br>не: 13<br>не знам: 30 | да: 83<br>не: 39<br>не знам: 31 |
| 12. Што мислите, кој треба да ги отстрани негативните појави кои ги среќаваме кај децата во училиштето? | училиштето: 10<br>семејството: 2<br>училиштето/семејството: 52<br>училиштето/семејството/ заедницата: 105 | училиштето: 1<br>семејството: 3<br>училиштето/семејството: 53<br>училиштето/семејството/ заедницата: 96 |
| 13. Преку што можат | преку подобра комуникација | преку подобра комуникација со |

| | | |
|---|---|---|
| наставниците да го развијат просоцијалното однесување кај учениците? | со учениците: 46<br>преку пофалби: 5<br>преку награди: 9<br>преку почитување на правилата на училиштето: 57<br>преку заедничка работа: 52 | учениците: 47<br>преку пофалби: 5<br>преку награди: 12<br>преку почитување на правилата на училиштето: 56<br>преку заедничка работа: 36 |
| 14. Колку редовно и како добивате информации од училиштето за постигнувањата и однесувањето на учениците? | двапати годишно: 9<br>понекогаш: 64<br>на систематизиран начин: 91<br>никогаш: 5 | двапати годишно: 7<br>понекогаш: 70<br>на систематизиран начин: 73<br>никогаш: 3 |
| 15. Дали мислите дека соработката помеѓу училиштето и семејството е задоволителна? | да: 98<br>не: 52<br>не знам: 19 | да: 65<br>не: 77<br>не знам: 11 |

Во **Табела бр. 10**, ги презентирам резултатите од истражувањето со наставници од следниве прашања:

16. Каде најчесто учениците покажуваат негативно однесување?
17. Што преземате за спречување на насилството во училиштето?
18. Дали мислите дека правната структура ги стимулира учениците да пројавуваат негативни појави и насилство во училиштата?
19. Дали родителите имаат интерес и дали нудат поддршка на училиштето?
20. Дали се пријавува насилство во вашето училиште?

Во шеснаесеттото прашање: „Каде најчесто учениците покажуваат негативно однесување?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „во семејството“, „во училиштето“, „на улица“, „на друго место“.

Во Македонија доминира одговорот „на улица“, заокружен е 80 пати. Следува одговорот „во училиштето“, кој е заокружен 56 пати. Одговорот „во семејството“ заокружен е 31 пат, а одговорот „на друго место“ заокружен е 3 пати.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „на улица“, заокружен е 90 пати. Следува одговорот „во училиштето“, кој е заокружен 51 пат. Одговорот „во семејството“ заокружен е 8 пати, а одговорот „на друго место“, 4 пати.

Од резултатите можеме да видиме дека рангирањето на одговорите е исто и во Македонија, и во Косово.

Во седумнаесеттото прашање: „Што преземате за спречување на насилството во училиштето?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „вклучувам теми во кои се промовира подобра комуникација во наставната програма“, „советувам да се

користат педагошките услуги на училиштето“, „ја зачестувам комуникацијата со родителите“, „ги известувам надлежните служби (управителот) во училиштето“, „барам интервенција во случај на насилно однесување на учениците“, „стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување“.

Во Македонија доминираат одговорите: „советувам да се користат педагошките услуги на училиштето“ и „стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување“. Овие одговори се заокружени 42 пати. Следува одговорот „ја зачестувам комуникацијата со родителите“, кој е заокружен 26 пати и се наоѓа на второ место.

На трето место е одговорот „ги известувам надлежните служби (управителот) во училиштето“, кој е заокружен 25 пати. Одговорот „вклучувам теми во кои се промовира подобра комуникација во наставната програма“ е заокружен 19 пати и се наоѓа на четврто место. Одговорот „барам интервенција во случај на насилно однесување на учениците“ е заокружен 15 пати и се наоѓа на петто место.

Во Косово доминира одговорот „стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување“, заокружен е 41 пат. Следува одговорот „вклучувам теми во кои се промовира подобра комуникација во наставната програма“, заокружен е 37 пати и се наоѓа на второ место.

Одговорот „советувам да се користат педагошките услуги на училиштето“ е заокружен 36 пати и се наоѓана трето место. Одговорот „ја зачестувам комуникацијата со родителите“ е заокружен 20 пати и се наоѓа на четврто место. Одговорот „ги известувам надлежните служби (управителот) во училиштето“ е заокружен е 12 пати и се наоѓа на петто место, а одговорот „барам интервенција во случај на насилно однесување на учениците“ е заокружен 6 пати и се наоѓа на шесто место.

Кај седумнаесеттото прашање има и сличности и разлики во мислењето на наставниците од Македонија и од Косово. Сличноста е во тоа што во двете земји доминантен одговор на наставниците е „стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување“.

Разликата меѓу наставниците во Македонија и во Косово е во одговорот „советувам да се користат педагошките услуги на училиштето“, кој во Македонија е рангиран на второ место, додека во Косово е рангиран на трето место. Тоа значи дека наставниците во Македонија на педагошката служба и придаваат поголема важност.

Во осумнаесеттото прашање: „Дали мислите дека правната структура ги стимулира учениците да пројавуваат негативни појави и насилство во училиштата?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Најмногу заокружен одговор и во Македонија и во Косово е одговорот „да“, кој во Македонија е заокружен 75 пати, а во Косово 83 пати.

Разлики во мислењето меѓу наставниците во Македонија и во Косово се забележуваат кај одговорите „не“ и „не знам“. Наставниците во Македонија одговорот „не знам“ го заокружиле 73 пати и тој е на второ место, додека во Косово, на второ место е одговорот „не“, кој е заокружен 36 пати.

Наставниците во Македонија одговорот „не“, го заокружиле 21 пат и тој се наоѓа на третото место, додека во Косово, на трето место е одговорот „не знам“, кој е заокружен 34 пати.

Во деветнаесеттото прашање: „Дали родителите имаат интерес и дали нудат поддршка на училиштето?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Најмногу заокружен одговор и во Македонија и во Косово е одговорот „да“. Овој одговор во Македонија е заокружен 110 пати, а во Косово 76 пати.

Според одговорите на наставниците и во Македонија и во Косово, одговорот „не“ се наоѓа на второ место. Во Македонија е заокружен 39 пати, а во Косово 49 пати.

Според одговорите на наставниците и во Македонија и во Косово, одговорот „не знам“ се наоѓа на трето место. Во Македонија е заокружен 20 пати, а во Косово 28 пати.

Во дваесеттото прашање: „Дали се пријавува насилство во вашето училиште?“**,** на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Најмногу заокружени одговори и во Македонија и во Косово има за предлогот „да“. Овој одговор во Македонија е заокружен 95 пати, а во Косово 96 пати.

Според одговорите на наставниците и во Македонија и во Косово, одговорот „не“ се наоѓа на второто место. Во Македонија е заокружен 41 пат, а во Косово 45 пати.

Според одговорите на наставниците и во Македонија и во Косово, одговорот „не знам“ се наоѓа на трето место. Во Македонија е заокружен 33 пати, а во Косово 12 пати.

**Табела бр. 10**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 16 до 20:

| Прашања | Македонија | Косово |
|---|---|---|
| 22. Дали се прави мониторинг на насилството во училиштето од страна на надлежните служби (управителот) на училиштето? | да: М-118/ К-102<br>не: М-22/ К-26<br>не знам: М-29/ К-25 | М-57.983/ К-1.414<br>М-1.414/ К-4.243<br>М-6.364/ К-3.536 | NS, P=0.863<br>NS, P=0.592<br>NS, P=0.735 |
| 23. Дали во училиштето има добра образовна клима? | да: М-150/ К-117<br>не: М-13/ К-9<br>не знам: М-6/ К-27 | М-7.071/ К-16.263<br>М-0.707/ К-0.707<br>М-1.414/ К-2.121 | NS, P=0.319<br>NS, P=0.106<br>S, P=2.121 |
| 24. Како ја воспоставувате дисциплината кај учениците во училиштето? | со помош на административни мерки и менаџирање во училница: М-55/ К-30<br>со дисциплински мерки: М-34/ К-26<br>со нулта толеранција во спроведување на законот: М-10/ К-27<br>со почитување на правата и обврските на учениците: М-70/ К-70 | М-3.536/ К-7.071<br>М-4.243/ К-4.243<br>М-0.000/ К-4.950<br>/ | NS, P=0.155<br>NS, P=0.445<br>NS, P=0.136<br>/ |
| 25. Дали односите меѓу учениците, наставниците и администраторите се генерално позитивни и се карактеризираат со почит и колегијалност? | да: М-153/ К-136<br>не: М-6/ К-11<br>не знам: М-10/ К-6 | М-33.234/ К-45.255<br>М-0.000/ К-0.707<br>М-0.000/ К-0.000 | NS, P=0.850<br>S, P=0.038<br>S, P=<0.001 |

Во **Табела бр. 30**, ги презентирам резултатите од истражувањето со наставници, добиени врз основа на прашањата од 26 до 30.

Статистичката  обработка на дваесет и шестото прашање: „Каква е релацијата, т.е., комуникацијата меѓу наставникот и учениците?“, во рамките на кое на наставниците им беа понудени пет одговори, покажува дека наставниците од Македонија и од Косово, воопшто не ги заокружиле одговорите: „не се добри“ и „не знам“. Од таа причина, овие одговори не се статистички обработени.

Во Македонија, во споредба со Косово, доминираат одговорите: „одлични“ и „добри“. Одговорот „одлични“ е статистички значаен (p=0.005), додека одговорот „добри“, не е статистички значаен (P=0.860).

Во Косово, во споредба со Македонија, доминира одговорот „многу добри“, меѓутоа, и покрај тоа, тој не е статистички значаен (P=0.592).

Статистичката обработка на дваесет и седмото прашање: „Дали учениците се однесуваат лошо кон наставниците?“, покажува дека во Македонија, во споредба со Косово, доминираат одговорите: „секогаш“, „честопати“ и „никогаш“. Кај одговорите „секогаш“ и „никогаш“ се забележува разлика во статистичката значајност (P=0.038 и P= <0.001), додека кај одговорот „честопати“, може да се забележи дека нема статистичка значајност (P=0.776).

Во Косово, во споредба со Македонија, доминира одговорот „понекогаш“, но тој не е статистички значаен (P=0.423).

Статистичката обработка на дваесет и осмото прашање: „Дали учениците се движат и прават врева во време кога наставниците држат настава?“, во рамките на кое на наставниците им беа понудени четири одговори, три одговори можат да бидат статистички обработени, додека одговорот „секогаш“ не може да биде статистички обработен, бидејќи наставниците од Косово ниту еднаш не го заокружиле овој одговор.

Во Македонија, во споредба со Косово, доминираат одговорите: „понекогаш“ и „никогаш“. Одговорот „понекогаш“ има статистичка значајност (P=0.002), додека одговорот „никогаш“, нема статистичка значајност (P=0.127).

Во Косово, во споредба со Македонија, доминира одговорот „понекогаш“. Кај него се забележува разлика во статистичката значајност (P=0.840).

Статистичката обработка на дваесет и деветтото прашање: „Дали применувате физичко насилство врз непослушните ученици?“, во рамките на кое на наставниците им беа понудени четири одговори, покажува дека одговорите: „секогаш“ и „честопати“ не можат да бидат предмет на статистичка обработка, бидејќи одговорот „секогаш“, наставниците од Македонија воопшто не го заокружиле. Одговорот „честопати“ не го заокружиле ниту наставниците од Македонија, ниту наставниците од Косово, за

разлика од одговорите „понекогаш“ и „никогаш“, кои се заокружени и од наставниците од Македонија и од наставниците од Косово.

Во Македонија, во споредба со Косово, доминираат одговорите: „понекогаш“ и „никогаш“. Одговорот „понекогаш“ не е статистички значаен (п=0.089), додека одговорот „никогаш“ има статистичка значајност (п=0.006).

Во  Косово, во споредба со Македонија, не доминира ниеден одговор.

Статистичката обработка на триесеттото прашање: „Дали во училиштето има професионален совет, за да им помогне на учениците со проблематично однесување?“, во рамките на кое на нставниците им беа понудени три одговори, покажува дека во Македонија, во споредба со Косово, најзастапен е одговорот „да“ и тој е статистички значаен (P=< 0.001).

Во Косово, во споредба со Македонија, доминираат одговорите „не“ и „не знам“, но тие не се статистички значајни (P=<0,001 и P=<0.001).

**Табела бр. 30**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 26 до 30.

| **Прашања** | **Македонија/Косово** | **Стандардна девијација М/К** | **Значајност** |
|---|---|---|---|
| 26. Каква е релацијата, т.е. комуникацијата меѓу наставникот и учениците? | одлична: М-58/ К-30<br>многу добра: М-63/ К-69<br>добра: М-48/ К-46<br>не е добра: М-0/ К-0<br>не знам: М-0/ К-0 | одлична: М-1.414/ К-0.000<br>многу добра: М-2.121/ К-6.364<br>добра: М-5.657/ К-4.243<br>не е добра: М-0/ К-0<br>не знам: М-0/ К-0 | s, P=0.005<br>ns, P=0.592<br>ns, P=0.860<br>/<br>/ |
| 27. Дали учениците се однесуваат лошо кон наставниците? | секогаш: М-10/ К-5<br>честопати: М-29/ К-32<br>понекогаш: М-100/К-104<br>никогаш: М-30/ К-12 | секогаш: М-0.000/ К-0.707<br>честопати: М-6.364/ К-1.414<br>понекогаш: М-0.000/ К-2.828<br>никогаш: М-0.000/ К-0.000 | s, P=0.038<br>ns, P=0.776<br>ns, P=0.423<br>s, P=<0.001 |
| 28. Дали учениците се движат и прават врева во време кога наставниците држат настава? | секогаш: М-5/ К-0<br>честопати: М-38/ К-15<br>понекогаш: М-93/ К-113<br>никогаш: М-33/ К-25 | секогаш:<br>честопати: М-0.000/ К-0.707<br>понекогаш: М-4.950/ К-61.518<br>никогаш: М-2.121/ К-0.707 | /<br>s, P=0.002<br>ns, P=0.840<br>ns, P=0.127 |
| 29. Дали применувате физичко насилство врз непослушните ученици? | секогаш: М-0/ К-4<br>честопати: М-0/ К-0<br>понекогаш: М-34/ К-27<br>никогаш: М-135/ К-122 | секогаш:<br>честопати: /<br>понекогаш: М-1.414 / К-0.707<br>никогаш: М-0.707/ К-0.000 | /<br>/<br>ns, P=0.089<br>s, P=0.006 |
| 30. Дали во училиштето има професионален совет, за да им помогне на учениците со проблематично однесување? | да: М-145/ К-97<br>не: М-16/ К-30<br>не знам: М-8/ К-26 | да: М-0.707/ К-0.707<br>не: М-0.000/ К-0.000<br>не знам: М-0.000/ К-0.000 | s, P=<0.001<br>s, P=<0.001<br>s, P=<0.001 |

Во **Табела бр. 31**, ги презентирам сумираните резултатите од истражувањето со наставници, добиени врз основа на прашањата од 1 до 5.

Во поглед на полот, во двете држави доминира женскиот пол и тоа значително, во споредба со машкиот. Во Македонија бројот на наставниците од женски пол е 17 пати поголем од бројот на наставниците од машки пол. Овој податок е статистички значаен (P=0.017).

Во Косово, бројот на наставниците од женски пол е 35 пати поголем од бројот на наставниците од машки пол. Овој податок е статистички значаен (P=<0.001).

Од ова можеме да видиме дека и во Македонија и во Косово бројот на наставниците од женски пол е поголем од бројот на наставниците од машки пол.

Кај второто прашање: „Дали училиштето има пријателски став кон учениците?", мислењето на наставниците од Македонија покажува дека училиштето има пријателски став кон учениците. Одговорот „да", кај наставниците од Македонија е заокружен 164 пати, што е за 159 пати повеќе од одговорот „не", кој е заокружен само 5 пати. Овој одговор е статистички значаен (P=<0.001).

Во Косово, мислењето на наставниците е дека училиштето има пријателски став кон учениците. Одговорот „да", кај наставниците во Косово е заокружен 150 пати, што е за 148 пати повеќе од одговорот „не", кој е заокружен само двапати. Овој одговор е статистички значаен (P=<0.001).

Од ова можеме да видиме дека и во Македонија и во Косово наставниците мислат дека училиштето има пријателски однос кон учениците.

На третото прашање: „Дали вработените во вашето училиште го гледаат училиштето како атрактивно место за работа?", наставниците од Македонија најмногу го заокружиле одговорот „да" (141), што е за 132 пати повеќе од опцијата „не", која е заокружена само 9 пати. Овој одговор е статистички значаен (P=<0.001).

Исто така, има наставници кои не знаат дали училиштето е атрактивно место за работа. Тоа го покажува заокружениот одговор „не знам", кој е заокружен 19 пати. Овој одговор е статистички значаен (P=<0.001).

Наставниците во Косово училиштето го гледаат како атрактивно место за работа. Таму одговорот „да" е заокружен 139 пати, што е за 130 пати повеќе од одговорот „не", кој е заокружен само 9 пати. Разликата помеѓу одговорите да и не е статистички значајна (P=<0.001).

Има и наставници кои не знаат дали училиштето е атрактивно место за работа. Тоа го покажува заокружениот одговор „не знам", кој е заокружен 19 пати. Разликата помеѓу одговорите да и не знам е статистички значајна (P=<0.001).

Кај четвртото прашање: „Дали наставниците ги поддржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација?", во двете земји доминира одговорот „да", наспроти одговорите „не" и „не знам".

Наставниците во Македонија ги поддржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација. Тоа го покажува заокружениот одговор „да", кој е заокружен 153 пати, што е за 146 пати повеќе од одговорот „не", кој е заокружена само 7 пати и е статистички значаен (П=<0.001). Разликата која се забележува кај одговорот „не знам" (кој е заокружен 9 пати), во поглед на другите одговори е статистички значајна (P=<0.001).

Наставниците во Косово ги поддржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација. Тоа го покажува заокружениот одговор „да", кој е заокружен 147 пати, што е за 145 пати повеќе од одговорот „не", заокружен само двапати. Разликата меѓу овие два одговори е статистички значајна (П=<0.001). Разликата на одговорот „не знам" (заокружен 4 пати), во споредба со другите одговори е исто така статистички значајна (P=<0.001).

Кај петтото прашање: „Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат законите и прописите на училиштето?", во двете земји доминира одговорот „да", наспроти одговорите „не" и „не знам".

Наставниците во Македонија мислат дека учениците ги почитуваат законите и прописите на училиштето. Тоа го покажува заокружениот одговор „да", кој е заокружен 148 пати, што е за 131 пати повеќе од одговорот „не", кој е заокружен 17 пати и е статистички значаен (П=<0.001). Разликата која се забележува помеѓу одговорот „не знам" (заокружен 4 пати), во споредба со другите одговори е статистички значајна (P=<0.001).

Наставниците во Косово мислат дека учениците ги почитуваат законите и прописите на училиштето. Тоа го покажува заокружениот одговор „да", кој е заокружен 126 пати, што е за 104 пати повеќе од одговорот „не", кој е заокружен 22 пати и е статистички значаен (П=<0.001). Разликата која се забележува помеѓу одговорот „не знам" (заокружен 5 пати), во споредба со другите одговори е статистички значајна (P=<0.001).

**Табела бр. 31**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 1 до 5.

| Прашања | Македонија | Значајност | Косово | Значајност |
|---|---|---|---|---|
| 1. Пол | женски: 93<br>машки: 76 | S, P=0.017 | женски: 94<br>машки: 59 | S, P=<0.001 |
| 2. Дали училиштето има пријателски став кон учениците? | да: 164<br>не: 5<br>не знам: 0 | S, P = <0.001 | да: 150<br>не: 2<br>не знам: 1 | S, P=<0.001 |
| 3. Дали вработените во вашето училиште го гледаат училиштето како атрактивно место за работа? | да: 141<br>не: 9<br>не знам: 19 | S, P=<0.001<br>/<br>P=<0.001 | да: 139<br>не: 9<br>не знам: 5 | S, P=<0.001<br>/<br>S, P = <0.001 |
| 4. Дали наставниците ги поддржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација? | да: 153<br>не: 7<br>не знам: 9 | s, P=<0.001<br>s, P = <0.001<br>s, P = <0.001 | да: 147<br>не: 2<br>не знам: 4 | s, P=<0.001<br>s, P=<0.001 |
| 5. Дали учениците во вашето училиште ги почитуваат законите и прописите на училиштето? | да: 148<br>не: 17<br>не знам: 4 | s, P=<0.001<br>s, P=<0.001 | да: 126<br>не: 22<br>не знам: 5 | P=<0.001<br>s, P=<0.001 |

Во **Табела бр. 32**, ги презентирам резултатите од истражувањето со наставници, добиени врз основа на прашањата од 6 до 10.

Кај шестото прашање: Дали вашето училиште се раководи според следниве наведени принципи: „почитување на правата на учениците“, „почитување на различностите“, „образование фокусирано на вредностите“ и „соработка, комуникација и инклузија“, мислењата на наставниците од Македонија се речиси избалансирани и тоа помеѓу одговорите „целосно се согласувам“ (заокружен 67 пати) и „се согласувам“ (заокружен 60 пати). Разликата меѓу нив е 7. Оваа разлика статистички не е значајна (П=0.760). Помеѓу одговорот „целосно се согласувам“ и одговорот „делумно се согласувам“ (заокружен 34 пати) постои разлика, која не е статистички значајна (П=0.070).

Мислењата на наставниците во Косово се, исто така, речиси избалансирани во поглед на одговорот „се согласувам“ (заокружен 62 пати) и одговорот „целосно се согласувам“ (заокружен 54 пати). Разликата меѓу нив е 8. Оваа разлика статистички не

е значајна (П=0.333). Помеѓу одговорот „се согласувам“ и одговорот „делумно се согласувам“ (заокружен 2 пати) постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Кај седмото прашање: „Дали учениците покажуваат насилно (асоцијално) однесување во училиштето?“, во Македонија, разликата помеѓу одговорот „делумно се согласувам“ (заокружен 62 пати) - кој доминира, и одговорот „не се согласувам“ (заокружен 38 пати) е 7. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Помеѓу одговорот делумно „се согласувам“, кој е на прво место и одговорот „целосно се согласувам“, кој е на трето место (заокружен 32 пати) постојат разлики кои не се статистички значајни (П=0.001).

Во Косово на истото прашање, одговорот „делумно се согласувам“ е на прво место, заокружен е 80 пати. Одговорот „не се согласувам“ е на второ место, заокружен е 44 пати. Разликата меѓу двата одговори е 36. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.012). Разликата меѓу одговорот „делумно се согласувам“, кој е на прво место и одговорот „се согласувам“, кој е на трето место (заокружен е 18 пати) е 62. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.001). Разликата помеѓу одговорот „делумно се согласувам“ и одговорот „целосно се согласувам“, кој е заокружен 10 пати, е 70. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001).

Кај осмото прашање: „Зошто учениците покажуваат насилство во училиштето?“, во Македонија на прво место се наоѓа одговорот „семејството не им посветува доволно внимание“. Овој одговор е заокружен 77 пати. Одговорот „влијае фазата на пубертет“ е на второ место, заокружен е 39 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 38. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.007).

Разликата помеѓу одговорот кој се наоѓа на прво место „семејството не им посветува доволно внимание“ и одговорот кој се наоѓа на трето место „влијае неорганизираната средина“, а кој е заокружен 21 пат, изнесува 56. Но таа разлика не е статистички значајна (П=0.003). Одговорот кој се наоѓа на последно место „им недостига воспитание“, а кој е заокружен 19 пати, заокружен е за 58 пати помалку од одговорот кој е на прво место. Разликата меѓу овие два одговори е статистички значајна (П=0.003).

Во Косово, одговорот „семејството не им посветува доволно внимание“ е на прво место, заокружен е 61 пат, а одговорот „влијае фазата на пубертет“ е на второ место, заокружен е 45 пати. Разликата меѓу нив е 16. Оваа разлика не е значајна статистички (П=0.501).

Разликата помеѓу одговорот „семејството не им посветува доволно внимание“, кој се наоѓа на прво место и одговорот „им недостига воспитание“, кој се наоѓа на трето место (заокружен 27 пати), изнесува 34. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.002). Разликата помеѓу одговорот „влијае неорганизираната средина“, кој се наоѓа на последно место (заокружен 17 пати) и одговорот кој се наоѓа на прво место изнесува 44. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.001).

Кај деветтото прашање: **„**Според вас, кои негативни појави ги покажуваат учениците во училиштето?“, во Македонија на прво место се наоѓа одговорот „насилно однесување“, заокружен 141 пат. На второ место се наоѓа одговорот „пушење“, кој е заокружен 14 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 127. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово на прво место се наоѓа одговорот „насилно однесување“, кој е заокружен 106 пати. На второто место се наоѓа одговорот „пушење“, кој е заокружен 44 пати. Резликата меѓу нив изнесува 62. Оваа разлика е статистички значајни (П=<0.005).

Кај десетото прашање: „Дали мислите дека овие негативни појави што ги покажуваат учениците во училиштето, ја попречуваат ефикасноста на образовната настава во училиштата?“, во Македонија доминира одговорот „да“, заокружен е 129 пати. На второ место се наоѓа одговорот „не“, заокружен е 25 пати. Разликата меѓу нив е 104. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Кај одговорот „не знам“, кој е заокружен 15 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово, исто така, доминира одговорот „да“, кој е заокружена 127 пати. На второ место се наоѓа одговорот „не“, кој е заокружен 19 пати. Разликата меѓу нив е 108. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Кај одговорот „не знам“, кој е заокружен 7 пати, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

**Табела бр. 32**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 6 до 10.

| **Прашања** | **Македонија** | **Значајност** | **Косово** | **Значајност** |
|---|---|---|---|---|
| 6. Дали вашето училиште се | целосно се согласувам: 67<br>се согласувам: 60 | Ns, P=0.760 | се согласувам: 62<br>целосно се согласувам: 54 | Ns, P=0.333 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| раководи според следниве наведени принципи: 1) почитување на правата на учениците, 2) почитување на различностите, 3) образование фокусирано на вредностите, 4) соработка, комуникација и инклузија. | целосно се согласувам: 67<br>делумно се согласувам: 34 | Ns, P=0.070 | се согласувам: 62<br>делумно се согласувам: 2 | S, P=<0.001 |
| 7. Дали учениците покажуваат насилно (асоцијално) однесување во училиштето? | делумно се согласувам: 62<br>не се согласувам: 38 | S, P=<0.001 | делумно се согласувам: 80<br>не се согласувам: 44 | S, P=0.012 |
| | делумно се согласувам: 62<br>се согласувам: 36 | S, P=<0.001 | делумно се согласувам: 80<br>се согласувам: 18 | S, P=0.001 |
| | делумно се согласувам: 62<br>целосно се согласувам: 32 | S, P=<0.001 | делумно се согласувам: 80<br>целосно се согласувам: 10 | S, P=<0.001 |
| 8. Зошто учениците покажуваат насилство во училиштето? | семејството не им посветува доволно внимание: 77<br>влијае фазата пубертет: 39 | S, P=0.007 | семејството не им посветува доволно внимание: 61<br>влијае фазата пубертет: 45 | NS,P =0.501 |
| | семејството не им посветува доволно внимание: 77<br>влијае неорганизираната средина: 21 | S, P=0.003 | семејството не им посветува доволно внимание: 61<br>недостиг на воспитание: 27 | S, P=0.002 |
| | семејството не им посветува доволно внимание: 77<br>недостиг на воспитание: 19 | S, P=0.003 | семејството не им посветува доволно внимание: 61<br>влијае неорганизираната средина: 17 | S, P=0.001 |
| 9. Според вас, кои негативни појави ги покажуваат учениците во училиштето? | насилно однесување: 141<br>пушење: 14 | S, P=<0.001 | насилно однесување: 106<br>пушење: 44 | S, P=0.005 |
| | пиење алкохол: 0<br>консумирање наркотични супстанции: 0<br>неизјаснети: 14 | | пиење алкохол: 0<br>консумирање наркотични супстанции: 0<br>неизјаснети: 3 | |
| 10. Дали мислите дека | да: 129<br>не: 25 | S, P=<0.001 | да: 127<br>не: 19 | S, P=<0.001 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| овие негативни појави што ги покажуваат учениците во училиштето, ја попречуваат ефикасноста на образовната настава во училиштата? | да: 129<br>не знам: 15 | S, P=<0.001 | да: 127<br>не знам: 7 | S, P=<0.001 |

Во **Табела бр. 33**, ги презентирам резултатите од истражувањето со наставници, добиени врз основа на прашањата од 11 до 15.

Кај единаесеттото прашање: „Дали училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство?“, во Македонија доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 116 пати. Одговорот „не“, е на второ место, заокружен е 13 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 103. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.001). Кај одговорот „не знам“, кој е заокружен 30 пати, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=0.001).

Во Косово доминира одговорот „да“, заокружен е 83 пати. Одговорот „не“ се наоѓа на второ место, заокружен е 39 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 44. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.001). Кај одговорот „не знам“, кој е заокружен 31 пат, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=0.001).

Кај дванесеттото прашање: „Што мислите, кој треба да ги отстрани овие негативни појави кои ги среќаваме кај децата во училиштето?“, во Македонија доминира одговорот „училиштето/семејството/заедницата“. Овој одговор е заокружен 105 пати. Одговорот „училиштето/семејството“ се наоѓа на второ место. Овој одговор е заокружен 52 пати. Разликата помеѓу овие два одговори е 53. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.010). Кај одговорот „училиштето“, кој е заокружен 10 пати, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово одговорот „училиштето/семејството/заедницата“ се наоѓа на прво место. Овој одговор е заокружен 96 пати. Одговорот „училиштето/семејството“, кој е заокружен 53 пати, се наоѓа на второ место. Разликата меѓу овие два одговори е 43.

Оваа разлика е статистички значајна (П=0.013). Кај одговорот „училиштето“, кој е заокружен само еднаш, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Кај тринаесеттото прашање: „Преку што можат наставниците да го развијат просоцијалното однесување кај учениците?“, во Македонија доминира одговорот „преку почитување на правилата на училиштето“. Овој одговор е заокружен 57 пати. Одговорот „преку заедничка работа“, се наоѓа на второ место, заокружен е 52 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 5. Оваа разлика не е статистички значајна (П=0.618). Кај одговорот „преку подобра комуникација со учениците“, кој е заокружен 46 пати, исто така постои разлика, но таа не е статистички значајна (П=0.243). Разликата која се јавува во споредба со другите одговори („преку пофалби“ и „преку награди“), покажува дека таа разлика е статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово доминира одговорот „преку почитување на правилата на училиштето“. Овој одговор е заокружен 56 пати. Одговорот „преку подобра комуникација со учениците“ се наоѓа на второ место, заокружен е 47 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 9. Оваа разлика не е статистички значајни (П=0.057). Кај одговорот „преку заедничка работа“, кој е заокружен 36 пати, исто така постои разлика и таа е статистички значајна (П=0.047). Разликата која се јавува во споредба со другите одговори („преку пофалби“ и „преку награди“) е исто така статистички значајна.

Кај четиринаесеттото прашање: „Колку редовно и како добивате информации од училиштето за постигнувањата и однесувањето на учениците?“, во Македонија доминира одговорот „на систематизиран начин“. Овој одговор е заокружен 91 пат. Одговорот „понекогаш“, кој се наоѓа на второ место е заокружена 64 пати. Разликата помежу овие два одговори е 27. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.023). Кај одговорот „двапати годишно“, кој е заокружен 9 пати, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001). Разликата која се појавува кај одговорот „никогаш“ е исто така статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово доминира одговорот „на систематизиран начин“. Овој одговор е заокружен 73 пати. Одговорот „понекогаш“, кој се наоѓа на второ место, заокружен е 70 пати. Разликата помеѓу овие два одговори е 3. Оваа разлика не е статистички значајна (П=1.000). Кај одговорот „двапати годишно“, кој е заокружен 7 пати, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001). Разликата која се јавува кај одговорот „никогаш“ е исто така статистички значајна (П=<0.001).

Кај петнаесеттото прашање: „Дали мислите дека соработката помеѓу училиштето и семејството е задоволителна?“, во Македонија доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 98 пати. Одговорот „не“, кој е заокружен 52 пати, се наоѓа на второ место. Разликата помеѓу овие два одговори е 46. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.004). Кај одговорот „не знам“, кој е заокружен 19 пати, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 77 пати. Одговорот „не“ е заокружен 65 пати и се наоѓа на второ место. Разликата помеѓу овие два одговори е 12. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.176). Кај одговорот „не знам“, кој е заокружен 11 пати, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=0.002).

**Табела бр. 33**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 11 до 15.

| **Прашања** | **Македонија** | **Значајност** | **Косово** | **Значајност** |
|---|---|---|---|---|
| 11. Дали училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство? | да: 116<br>не: 13 | S, P=<0.001 | да: 83<br>не: 39 | S, P=0.001 |
| | да: 116<br>не знам: 30 | S, P=<0.001 | да: 83<br>не знам: 31 | S, P=0.029 |
| 12. Што мислите, кој треба да ги отстрани овие негативни појави кои ги среќаваме кај децата во училиштето? | училиштето/семејството/ заедницата: 105<br>училиштето/ семејството: 52 | S, P=0.010 | училиштето/семејството/ заедницата: 96<br>училиштето/ семејството: 53 | S, P=0.013 |
| | училиштето/семејството/ заедницата: 105<br>училиштето: 10 | S, P=<0.001 | училиштето/семејството/ заедницата: 96<br>семејството: 3 | S, P=<0.001 |
| | семејството: 2 | S, P=<0.001 | училиштето: 1 | S, P=<0.001 |
| 13. Преку што можат наставниците да го развијат просоцијалното однесување кај учениците? | преку почитување на правилата на училиштето: 57<br>преку заедничка работа: 52 | NS, P=0.618 | преку почитување на правилата на училиштето: 56<br>преку подобра комуникација со учениците: 47 | NS, P=0.057 |
| | преку почитување на правилата на училиштето: 57<br>преку подобра комуникација со учениците: 46 | NS, P=0.243 | преку почитување на правилата на училиштето: 56<br>преку заедничка работа: 36 | S, P=0.047 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | преку почитување на правилата на училиштето: 57<br>преку награди: 9 | S, P=<0.001 | преку почитување на правилата на училиштето: 56<br>преку награди: 12 | S, P=0.002 |
| | преку пофалби: 5 | | преку пофалби: 5 | |
| 14. Колку редовно и како добивате информации од училиштето за постигнувањата и однесувањето на учениците? | на систематизиран начин: 91<br>понекогаш: 64 | S, P=0.023 | на систематизиран начин: 73<br>понекогаш: 70 | NS, P=1.000 |
| | на систематизиран начин: 91<br>двапати годишно: 9 | S, P=<0.001 | на систематизиран начин: 73<br>двапати годишно: 7 | S, P=<0.001 |
| | никогаш: 5 | | никогаш: 3 | S, P=<0.001 |
| 15. Дали мислите дека соработката помеѓу училиштето и семејството е задоволителна? | да: 98<br>не: 52 | S, P=0.004 | не: 77<br>да: 65 | NS, P=0.176 |
| | да: 98<br>не знам: 19 | S, P=<0.001 | не: 77<br>не знам: 11 | S, P=0.002 |

Во **Табела бр. 34**, ги презентирам сумираните резултати од истражувањето со наставници, добиени врз основа на прашањата од 16 до 20.

Кај шеснаесеттото прашање: „Каде најчесто учениците покажуваат негативно однесување?“, во Македонија доминира одговорот „на улица“. Овој одговор е заокружен 80 пати. Одговорот „во училиштето“, кој се наоѓа на второ место е заокружен 56 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 24. Оваа разлика не е статистички значајна (П=0.156). Меѓу претходните одговори и одговорот „во семејството“, кој е заокружен 31 пат, постои разлика која е статистички значајна (П=0.002). Помеѓу одговорот „во училиштето“, кој се наоѓа на второ место и одговорот „во семејството“, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=0.026).

Во Косово доминира одговорот „на улица“. Овој одговор е заокружен 90 пати. Одговорот „во училиштето“, кој е заокружен 51 пат, се наоѓа на второ место. Разликата меѓу овие два одговори е 29. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.011). Меѓу претходните одговори и одговорот „во семејството“, кој е заокружен 8 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.001). Помеѓу одговорот „во училиштето“, кој се наоѓа на второ место и одговорот „во семејството“, кој се наоѓа на трето место, исто така постои разлика која е статистички значајна (П=0.001).

Кај седумнаесеттото прашање: „Што преземате за спречување на насилството во училиштето?“, во Македонија доминираат одговорите: „советувам да се користат педагошките служби на училиштето“ и „стимулирам активности со позитивни примери

за добро однесување". Овие два одговора се заокружени 42 пати. Одговорот „ја зачестувам комуникацијата со родителите", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 26 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 16. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.030). Меѓу претходните одговори и одговорот „ги известувам надлежните служби (управителот) во училиштето", кој е заокружен 25 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.017). Помеѓу одговорот „вклучувам теми во кои се промовира подобра комуникација во наставната програма", кој е зокружен 19 пати и се наоѓа на четврто место и одговорот „барам интервенција во случај на насилно однесување на учениците", кој е заокружен 15 пати и се наоѓа на петто место, постои разлика која е статистички значајна (П=0.009 и П=0.007).

Во Косово доминира одговорот „стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување". Овој одговор е заокружен 41 пат. Одговорот „вклучувам теми во кои се промовира подобра комуникација во наставната програма", заокружен е 37 пати и се наоѓа на второ место. Разликата меѓу овие два одговори е 4. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.333). Меѓу претходните одговори и одговорот „ги известувам надлежните служби (управителот) во училиштето", кој е заокружен 36 пати, постои разлика која не е статистички значајна (П=0.349).

Помеѓу одговорот „ја зачестувам комуникацијата со родителите", кој е заокружен 20 пати и се наоѓа на четврто место и одговорот „советувам да се користат педагошките служби на училиштето", кој е заокружен 12 пати и се наоѓа на петто мест, исто така се јавува разлика која е статистички значајна (П=0.002 и П=0.001).

Кај осумнаесеттото прашање: „Дали мислите дека правната структура ги стимулира учениците да пројавуваат негативни појави и насилство во училиштата?", во Македонија доминира одговорот „да". Овој одговор е заокружен 75 пати. Одговорот „не знам", кој е заокружен 73 пати, се наоѓа на второ место. Разликата меѓу овие два одговори е 2. Оваа разлика не е статистички значајна (П=0.293). Меѓу претходните одговори и одговорот „не", кој е заокружен 21 пат, исто така се јавува разлика која е статистички значајна (П=<0.001). Помеѓу одговорот „не знам", кој е заокружен 73 пати и одговорот „не", кој е заокружен 21 пат, се јавува разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово, исто така, доминира одговорот „да". Овој одговор е заокружен 83 пати. Одговорот „не", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 36 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 47. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.004). Меѓу претходните одговори и одговорот „не знам", кој е заокружен 34 пати, исто така се

јавува разлика која е статистички значајна (П=0.005). Помеѓу одговорот „не“, кој е заокружен 36 пати и одговорот „не знам“, кој е заокружен 34 пати, постои избалансираност и затоа статистички не ги обработуваме.

Кај деветнаесеттото прашање: „Дали родителите имаат интерес и дали нудат поддршка на училиштето?“, во Македонија доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 110 пати. Одговорот „не“, кој се наоѓа на второ место, заокружен е 39 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 71. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.019). Меѓу претходните одговори и одговорот „не знам“, кој е заокружен 20 пати, исто така се јавува разлика, која е статистички значајна (П=<0.012).

Во Косово доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 76 пати. Одговорот „не“, кој е заокружен 49 пати, се наоѓа на второ место. Разликата меѓу овие два одговори е 27. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.111). Меѓу претходните одговори и одговорот „не знам“, кој е заокружен 28 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.033). Помеѓу одговорот „не“, кој е заокружен 36 пати и одговорот „не знам“, кој е заокружен 34 пати, постои избалансираност и затоа статистички не ги обработуваме.

Кај дваесеттото прашање: „Дали се пријавува насилство во вашето училиште?“, во Македонија доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 95 пати. Одговорот „не“, кој се наоѓа на второ место, заокружен е 41 пат. Разликата меѓу овие два одговори е 54. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.009). Меѓу претходните одговори и одговорот „не знам“, кој е заокружен 33 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.007).

Во Косово доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 96 пати. Одговорот „не“, кој е заокружен 45 пати се наоѓа на второ место. Разликата меѓу овие два одговори е 51. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.015). Помеѓу одговорот „да“ и одговорот „не знам“, кој е заокружен 12 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.002).

**Табела бр. 34**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 16 до 20.

| Прашања | Македонија | Значајност | Косово | Значајност |
|---|---|---|---|---|
| 16. Каде најчесто учениците покажуваат негативно однесување? | на улица: 80<br>во училиштето: 56 | NS, P=0.156 | на улица: 90<br>во училиштето: 51 | S, P=0.011 |
| | на улица: 80<br>во семејството: 31 | S, P=0.002 | на улица: 90<br>во семејството: 8 | P=<0.001 |
| | во училиштето: 56<br>во семејството: 31 | S, P=0.026 | во училиштето: 51<br>во семејството: 8 | P = <0.001 |
| | на друго место: 3 | / | на друго место: 4 | / |
| 17. Што преземате за спречување на насилството во училиштето? | советувам да се користат педагошките служби на училиштето: 42<br>стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување: 42 | / | стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување: 41<br>вклучувам теми во кои се промовира подобра комуникација во наставната програма: 37 | NS, P=0.333 |
| | советувам да се користат педагошките служби на училиштето: 42<br>ја зачестувам комуникацијата со родителите: 26 | S, P=0.030 | стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување: 41<br>советувам да се користат педагошките служби на училиштето: 36 | Ns, P=0.349 |
| | советувам да се користат педагошките служби на училиштето: 42<br>ги известувам надлежните служби (управителот) во училиштето: 25 | S, P=0.017 | стимулирам активности со позитивни примери за добро однесување: 41<br>ја зачестувам комуникацијата со родителите: 20 | S, P=0.002 |
| | советувам да се користат педагошките служби на училиштето: 42<br>вклучувам теми во кои се промовира подобра комуникација во наставната програма: 19 | S,P=0.009 | ги известувам надлежните служби (управителот) во училиштето: 36 | S, P=0.001 |
| | советувам да се користат педагошките служби на училиштето: 42<br>барам интервенција во случај на насилно однесување на учениците: 15 | S, P=0.007 | барам интервенција во случај на насилно однесување на учениците: / | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. Дали мислите дека правната структура ги стимулира учениците да пројавуваат негативни појави и насилство во училиштата? | да: 75<br>не знам: 73 | NS, P=0.293 | да: 83<br>не: 36 | S, P=0.004 |
| | да: 75<br>не: 21 | S, P=<0.001 | да: 83<br>не знам: 34 | S, P=0.005 |
| | не знам: 73<br>не: 21 | P=<0.001 | не: 36<br>не знам: 34 | / |
| 19. Дали родителите имаат интерес и дали нудат поддршка на училиштето? | да: 110<br>не: 39 | S, P=0.019 | да: 76<br>не: 49 | NS, P=0.111 |
| | да: 110<br>не знам: 20 | S, P=0.012 | да: 76<br>не знам: 28 | S, P=0.033 |
| 20. Дали се пријавува насилство во вашето училиште? | да: 95<br>не: 41 | S, P=0.009 | да: 96<br>не: 45 | S, P=0.015 |
| | да: 95<br>не знам: 33 | S, P=0.007 | да: 96<br>не знам: 12 | P=0.002 |

Во **Табела бр. 35**, ги презентирам сумираните резултати од истражувањето со наставници, добиени врз основа на прашањата од 21 до 25.

Кај дваесет и првото прашање: „Кои деца се жртви на насилство?“, во Македонија доминира одговорот „мирните и воспитани ученици“. Овој одговор е заокружен 69 пати. Одговорот „ученици од семејства со лоша финансиска состојба“ е заокружен 24 пати и се наоѓа на второ место. Разликата меѓу овие два одговори е 45. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.002). Меѓу претходните одговори и одговорот „новите ученици во училницата“, кој е заокружен 23 пати, исто така, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.005).

Меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици“, кој е на прво место и одговорот „ученици со разведени родители“, кој е заокружен 18 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.002).

Меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици“, кој е на прво место и одговорот „ученици од семејства со семејно насилство“, кој е заокружен 17 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици“, кој е на прво место и одговорот „ученици со посебни потреби“, кој е заокружен 13 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Соодносот меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици", кој е на прво место, и одговорите: „талентираните ученици" и „ученици кои имаат добра комуникација со наставниците", статистички не е обработен, бидејќи овие одговори не се ниту еднаш заокружени.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „мирните и воспитани ученици". Овој одговор е заокружен 45 пати. Одговорот „ученици со разведени родители", кој е на второ место, заокружен е 28 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 17. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.017). Меѓу претходните одговори и одговорот „ученици од семејства со лоша финансиска состојба", кој е заокружен 24 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.005).

Меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици", кој е на прво место и одговорот „новите ученици во училницата", кој е заокружен 22 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.002).

Меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици", кој е на прво место и одговорот „ученици од семејства со семејно насилство", кој е заокружен 20 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.002).

Меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици", кој е на прво место и одговорот „ученици кои имаат добра комуникација со наставниците", кој е заокружен 7 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.002).

Меѓу одговорот „мирните и воспитани ученици", кој е на прво место, одговорот „талентираните ученици" и одговорот „ученици со посебни потреби", исто така постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Кај дваесет и второто прашање: „Дали се прави мониторинг на насилството во училиштето од страна на надлежните служби (управителот) на училиштето?", во Македонија доминира одговорот „да". Овој одговор е заокружен 118 пати. Одговорот „не", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 22 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 96. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу претходните одговори и одговорот „не знам", кој е заокружен 29 пати, постои разлика која е исто така статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „да". Одговорот да е заокружен 102 пати, а одговорот „не", кој е на второ место, 26 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 76. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу претходните одговори и одговорот „не знам", кој е заокружен 25 пати, постои разлика која е исто така статистички значајна (П=<0.001).

Кај дваесет и третото прашање: „Дали во училиштето има добра образовна клима?", во Македонија доминира одговорот „да". Овој одговор е заокружен 150 пати. Одговорот „не", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 13 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 137. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу претходните одговори и одговорот „не знам", кој е заокружен 6 пати, постои разлика која е исто така статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „да". Одговорот „да" е заокружен 117 пати, а одговорот „не", кој се наоѓа на второ место, 27 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 90. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу одговорот „да" и одговорот „не знам", кој е заокружен 9 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

Кај дваесет и четвртото прашање: „Како ја воспоставувате дисциплината кај учениците во училиштето?", во Македонија доминира одговорот „со почитување на правата и обврските на учениците". Овој одговор е заокружен 70 пати. Одговорот „со помош на административни мерки и и со менаџирање на односите меѓу учениците", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 55 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 15. Оваа разлика не е статистички значајна (П=0.517). Меѓу одговорот кој е најзастапен и одговорот „со дисциплински мерки", кој е заокружен 34 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.004).

Во Косово доминира одговорот „со почитување на правата и обврските на учениците". Овој одговор е заокружен 70 пати. Одговорот „со помош на административни мерки и со менаџирање на односите меѓу учениците", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 30 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 40. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.004). Меѓу одговорот кој е најзастапен и одговорот „со нулта толеранција во спроведување на законот", кој е заокружен 26 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.009). Исто така, помеѓу одговорот кој се наоѓа на прво место и одговорот „со дисциплински мерки" - заокружен 26 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.008).

Кај дваесет и петтото прашање: „Дали односите меѓу учениците, наставниците и администраторите се генерално позитивни и се карактеризираат со почит и колегијалност?", во Македонија доминира одговорот „да". Овој одговоро е заокружен 153 пати. Одговорот „не", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 6 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 147. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Помеѓу

одговорот кој се наоѓа на прво место и одговорот „не знам", кој е заокружен 10 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.001).

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „да". Овој одговор е заокружен 136 пати. Одговорот „не", кој се наоѓа на второ место, заокружен е 11 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 125. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Помеѓу одговорот кој се наоѓа на прво место и одговорот „не знам", кој е заокружен 6 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=0.001).

**Табела бр. 35**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 21 до 25.

| Прашања | Македонија | Значајност | Косово | Значајност |
|---|---|---|---|---|
| 21. Кои деца се жртви на насилство? | мирните и воспитани ученици: 69<br>учениците од семејства со лоша финансиска состојба: 24 | S, P=0.002 | мирните и воспитани ученици: 45<br>ученици со разведени родители: 28 | S, P=0.017 |
| | мирните и воспитани ученици: 69<br>новите ученици во училницата: 23 | S, P=0.005 | мирните и воспитани ученици: 45<br>ученици од семејства со лоша финансиска состојба: 24 | S, P=0.011 |
| | мирните и воспитани ученици: 69<br>ученици со разведени родители: 18 | S, P=0.002 | мирните и воспитани ученици: 45<br>новите ученици во училницата: 22 | S, P=0.002 |
| | мирните и воспитани ученици: 69<br>ученици од семејства со семејно насилство: 17 | S, P=<0.001 | мирните и воспитани ученици: 45<br>ученици од семејства со семејно насилство: 20 | S, P=0.002 |
| | мирните и воспитани ученици: 69<br>ученици со посебни потреби: 13 | S, P=<0.001 | мирните и воспитани ученици: 45<br>ученици кои имаат добра комуникација со наставниците: 7 | S, P=0.001 |
| | талентираните ученици: 0<br>ученици кои имаат добра комуникација со наставниците: 0 | / | мирните и воспитани ученици: 45<br>ученици со посебни потреби: 4 | S, P=<0.001 |
| | | | талентираните ученици: 45 | S, P=0.001 |
| 22. Дали се прави мониторинг на | да: 118<br>не знам: 29 | S, P=<0.001 | да: 102<br>не: 26 | S, P=<0.001 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| насилството во училиштето од страна на надлежните служби (управителот) на училиштето? | да: 118<br>не: 22 | S, P=<0.001 | да: 102<br>не знам: 25 | S, P=<0.001 |
| 23. Дали во училиштето има добра образовна клима? | да: 150<br>не: 13 | S, P=<0.001 | да: 117<br>не знам: 27 | S, P=<0.001 |
| | да: 150<br>не знам:6 | S, P=<0.001 | да: 117<br>не: 9 | S, P=<0.001 |
| 24. Како ја воспоставувате дисциплината кај учениците во училиштето? | почитување на правата и обврските на учениците: 70<br>со помош на административни мерки и менаџирање во училница: 55 | NS, P=0.517 | почитување на правата и обврските на учениците: 70<br>со помош на административни мерки и менаџирање во училница : 30 | S, P=0.004 |
| | почитување на правата и обврските на учениците: 70<br>со дисциплински мерки: 34 | S, P=0.015 | почитување на правата и обврските на учениците: 70<br>со нулта толеранција во спроведување на законот: 27 | S, P=0.009 |
| | почитување на правата и обврските на учениците: 70<br>со нулта толеранција во спроведување на законот: 10 | S, P=0.004 | почитување на правата и обврските на учениците: 70<br>со дисциплински мерки: 26 | S, P=0.008 |
| 25. Дали односите меѓу учениците, наставниците и администраторите се генерално позитивни и се карактеризираат со почит и колегијалност? | да: 153<br>не: 6 | S, P=<0.001 | да: 136<br>не: 11 | S, P=0.001 |
| | да: 153<br>не знам: 10 | S, P=<0.001 | да: 136<br>не знам: 6 | P=<0.001 |

Во **Табела бр. 36**, ги презентирам сумираните резултати од истражувањето со наставници, добиени врз основа на прашањата од 26 до 30.

Кај дваесет и шестото прашање: **„**Каква е релацијата, т.е. комуникацијата меѓу наставникот и учениците?“, во Македонија доминира одговорот „многу добра“. Овој одговор е заокружен 63 пати. Одговорот „одлична“, кој се наоѓа на второ место, заокружен е 58 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 5. Оваа разлика не е статистички значајна (П=0.155). Меѓу одговорот кој е на прво место и одговорот „добра“, кој е заокружен 48 пати, се јавува разлика која е статистички значајна (П=0.022).

Првиот одговор не е спореден со одговорите: „не е добра“ и „не знам“, бидејќи тие одговори не беа заокружени од наставниците.

Во Косово доминира одговорот „многу добра“. Овој одговор е заокружен 69 пати. На второ место се наоѓа одговорот „добра“, кој е заокружен 46 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 23. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.009). Меѓу одговорот кој е на прво место и одговорот „одлична“, кој е заокружен 30 пати, се јавува разлика која е статистички значајна (П=0.003).

Првиот одговор не е спореден со одговорите: „не е добра“ и „не знам“, бидејќи тие одговори не беа заокружени од наставниците.

Кај дваесет и седмото прашање: **„**Дали учениците се однесуваат лошо кон наставниците?“, во Македонија доминира одговорот „понекогаш“. Овој одговор е заокружен 100 пати. Одговорот „никогаш“, кој се наоѓа на второ место, заокружен е 30 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 70. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу одговорот кој е на прво место и одговорот „честопати“, кој е заокружен 29 пати, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001). Исто така, меѓу одгогорот кој е на прво место и одговорот секогаш, кој е заокружен 10 пати, се јавува разлика која е статистички значајни (П=<0.001).

Во Косово доминира одговорот „понекогаш“. Овој одговор е заокружен 104 пати. Одговорот „честопати“, кој се наоѓа на второ место, заокружен е 32 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 72. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу одговорот кој е на прво место и одговорот „никогаш“, кој е заокружен 12 пати, се јавува разлика која е статистички значајна (П=<0.001). Исто така, меѓу одгогорот кој е на прво место и одговорот „секогаш“, кој е заокружен 5 пати, се јавува разлика која е статистички значајни (П=<0.001).

Кај дваесет и осмото прашање: „Дали учениците се движат и прават врева во време кога наставниците држат настава?“, во Македонија доминира одговорот „понекогаш“. Овој одговор е заокружен 93 пати. Одговорот „честопати“, кој се наоѓа на второто место е заокружен 38 пати. Разликата која се јавува меѓу овие двеа одговори е 55. Оваа разлика е статистички значајна. (П=0.004). Меѓу одговорот кој е на прво место и одговорот „никогаш“, кој е заокружен 33 пати, се јавува разлика која е статистички значајна (П=0.016). Исто така, меѓу одгогорот кој е на прво место и одговорот „секогаш“, кој е заокружен 5 пати, се јавува разлика која е статистички значајна (П=0.001).

Во Косово доминира одговорот „понекогаш“. Овој одговор е заокружен 113 пати. Одговорот „никогаш“, кој се наоѓа на второто место, заокружен е 25 пати. Разликата која се јавува меѓу овие два одговори е 88. Овие разлики статистички се значајни (П=<0.001). Меѓу одговорот кој е на прво место и одговорот „честопати“, кој е заокружен 15 пати, се јавува разлика која е статистички значајна (П=<0.001). Одговорот „секогаш“ не е статистички обработен, затоа што не е ниту еднаш заокружен.

Кај дваесет и деветтото прашање: „Дали применувате физичко насилство врз непослушните ученици?“, во Македонија доминира одговорот никогаш. Овој одговор е заокружен 135 пати. Одговорот „понекогаш“, кој се наоѓа на второто место заокружен е 34 пати. Разликата која се јавува меѓу овие два одговори е 101. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Одговорите „секогаш“ и „честопати“, не се статистички обработени, бидејќи не беа заокружени.

Во Косово доминира одговорот „никогаш“. Овој одговор е заокружен 122 пати. Одговорот „понекогаш“, кој се наоѓа на второтоместо, заокружен е 27 пати. Разликата која се јавува помеѓу овие два одговори е 95. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу одговорот кој е на прво место и одговорот „секогаш“, кој е заокружен 4 пати, се јавува разлика која е статистички значајна (П=<0.001). Одговорот „честопати“, не е статистички обработен, бидејќи не е ниту еднаш заокружен.

Кај триесеттото прашање: „Дали во училиштето има професионален совет, за да им помогне на учениците со проблематично однесување?“, во Македонија доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 145 пати. Одговорот „не“, кој се наоѓа на второто место, заокружен е 16 пати. Разликата која се јавува меѓу овие два одговори е 129. Оваа разлика е статистички значајна (П=<0.001). Меѓу одговорот „да“ и одговорот „не знам“, кој е заокружен 8 пати, исто така, се јавува разлика кој е статистички значајна (П=<0.001).

Во Косово доминира одговорот „да“. Овој одговор е заокружен 97 пати. Одговорот „не“, кој се наоѓа на второто место, заокружен е 30 пати. Разликата меѓу овие два одговори е 67 пати. Оваа разлика е статистички значајна (П=0.001). Меѓу одговорот „да“ и одговорот „не знам“, кој е заокружен 26 пати, исто така, постои разлика која е статистички значајна (П=<0.001).

**Табела бр. 36**: Резултати од истражувањето со наставници на прашањата од 26 до 30.

| Прашања | Македонија | Значајност | Косово | Значајност |
|---|---|---|---|---|
| 26. Каква е релацијата, т.е. комуникацијата меѓу наставникот и учениците? | мн. добра: 63<br>одлична: 58 | Ns, P=0.155 | мн. добра: 69<br>добра: 46 | S, P=0.009 |
| | мн. добра: 63<br>добра: 48 | S, P=0.022 | мн. добра: 69<br>одлична: 30 | S, P=0.003 |
| | не е добра: 0 | / | не е добра: 0 | / |
| | не знам: 0 | / | не знам: 0 | / |
| 27. Дали учениците се однесуваат лошо кон наставниците? | понекогаш: 100<br>никогаш: 30 | S, P=<0.001 | понекогаш: 104<br>честопати: 32 | S, P=<0.001 |
| | понекогаш: 100<br>честопати: 29 | S, P=<0.001 | понекогаш: 104<br>никогаш: 12 | S, P=<0.001 |
| | понекогаш: 100<br>секогаш: 10 | S, P=<0.001 | понекогаш: 104<br>секогаш: 5 | S, P=<0.001 |
| 28. Дали учениците се движат и прават врева во време кога наставниците држат настава? | понекогаш: 93<br>честопати: 38 | S, P=0.004 | понекогаш: 113<br>никогаш: 25 | S, P=<0.001 |
| | понекогаш: 93<br>никогаш: 33 | S, P=0.016 | понекогаш: 113<br>честопати: 15 | S, P=<0.001 |
| | понекогаш: 93<br>секогаш: 5 | S, P=0.001 | секогаш: 0 | / |
| 29. Дали применувате физичко насилство врз непослушните ученици? | никогаш: 135<br>понекогаш: 34 | S, P=<0.001 | никогаш: 122<br>понекогаш: 27 | S, P=<0.001 |
| | секогаш: 0 | / | никогаш: 122<br>секогаш: 4 | S, P=<0.001 |
| | честопати: 0 | / | честопати: 0 | / |
| 30. Дали во училиштето има професионален совет, за да им помогне на учениците со проблематично однесување? | да: 145<br>не: 16 | S, P=<0.001 | да: 97<br>не: 30 | S, P=0.001 |
| | да: 45<br>не знам: 8 | S, P=<0.001 | да: 97<br>не знам: 26 | S, P=<0.001 |

## 5. **Фокус група: хиперактивни ученици**

Набљудувањето на хиперактивни ученици беше спроведено во 6 училишта, поточно, во 3 училишта во Македонија и во 3 училишта во Косово.

Во Македонија хиперактивните ученици ги истражувавме во следниве училишта: „Скендербег“ во Арачиново, „Елпида Карамани“ во Битола и „Башкими“ во Гостивар.

Во Косово хиперактивните ученици ги истражувавме во следниве училишта: „Тими Митко“ во Гњилане, „Ѓерѓ Серечи“ во Урошевац и „7 Март" во Приштина.

Бројот на истражуваните хиперактивни ученици беше по 5 ученици од секое училиште. Набљудувањето го вршеше наставник за време од 10 работни денови.

**Табела бр. 1**: Училиштата кои учествуваа во истражувањето на хиперактивни ученици во класот во Македонија и во Косово.

| | Град | Училиште | Клас | Бр. на ученици |
|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | Скопје (Арачиново) | Скендербег | V | 5 |
| | Битола | Елпида Караманди | V | 5 |
| | Гостивар | Башкими | V | 5 |
| **Косово** | **Град** | **Училиште** | **Клас** | **Бр. на ученици** |
| | Приштина | 7 Март | V | 5 |
| | Гњилане | Тими Митко | V | 5 |
| | Урошевац | Ѓерѓ Серечи | V | 5 |
| **Вкупно:** | | | | **30** |

За реализација на ова истражување го користевме квалитативниот метод, метод на набљудување. Целта на истражувањето беше да се дојде до резултати или заклучоци од набљудувањето на однесувањето на учениците, кои претходно беа означени од страна на класниот раководител како хиперактивни, т.е. „проблематични“. Набљудувањето на овие ученици е направено во текот на две недели. Во овој период учениците беа надгледувани од страна на нивните наставници, а класниот раководител имаше контролни листови за секој ученик, со цел да се идентификуваат 10 форми на насилно однесување на учениците: 1) тепање на другар, 2) кубење за коса, 3) движење во класот во текот на часот, 4) спречување на другар да си ги извршува задолженијата; 5) вербална навреда, 6) заканување на другар, 7) туркање и клоцање на другар, 8) удирање шлаканица; 9) удар со нога или тупаница и 10) кражба.

Бидејќи насилството е негативна форма на социјална интеракција, тоа може да се истражува и во природни услови, односно, во нашиот случај, може да се истражува во училиште. Според авторот Пелегрин (Pellegrin, 1998), потребна е акомулација на што поголем број податоци од истражувањето, каде што има минимални услови за слободно истражување, односно, каде што има интеракција меѓу учениците во различни услови: во ходници, во училишен автобус, во училишните дворови, или кога набљудувачот не е забележлив. Затоа можеме да кажеме дека методот на набљудување има многу предности во споредба со другите методи, бидејќи собира податоци кои се резултат на непосредни дејствија предизвикани од различни фактори на животната средина и не зависи од способноста на учениците да се подготват во давањето на одговори.

Целта на истражувањето што беше спроведено во класот е:

- идентификација на ученици кои манифестираат насилно однесување;

- идентификација и детерминација на формите на насилно однесување на учениците во класот.

Во **Табела бр. 2**, ги презентирам резултатите од истражувањето со хиперактивните (проблематични) ученици во училиштата во Косово.

Двонеделното истражување на хиперактивните учениците од страна на наставниците во Косово покажува дека учениците ги манифестираат сите форми на насилство кои беа посочени во контролниот лист. Насилните форми на однесување кои имаат најголема зачестеност се: движење во класот во текот на часот и спречување на другар да си ги извршува задолженијата (по 58 случаи), додека втора зачестена форма е вербалната навреда **(**22 случаи). Трета зачестена форма е заканување на другар**,** која ја има во 17 случаи. Формата – удар со нога или тупаница, во текот на набљудувањето се случила 16 пати кај ученици во Косово. Кубење за коса има во 7 случаи, а заканување на другар со удирање шлаканица, е идентификувано во 5 случаи, кои се случиле во текот на набљудувањето на час. Забележани се 4 случаи на тепање на другар. Од другите форми на однесување имаме регистрирано 11 случаи на преземање (одземање) на работи на другари-другарки. Треба да се напомене дека овие активности се повеќе изразени во присуство на наставниците за разлика од тоа кога учениците се на одмор. За време на одморите, 32 пати се повторени определени форми на насилно однесување, освен формата кражба, која не се случила во текот на периодот на следење. За тоа на кој наставен предмет повеќе пати се повторени овие форми на насилно однесување кај

учениците од Косово, посочени се два предмета: математика и уметност. Без оглед на тоа кои форми на насилно однесување повеќе или помалку се манифестирале во текот на истражувањето, вкупно имаме регистрирано 198 форми на насилно однесување кај хиперактивните ученици.

**Табела бр. 2**: Резултати од истражувањето на хиперактивните (проблематични) ученици во Косово.

| **КОСОВО** | | | | | | **Време на манифестација на проблематичните однесувања на учениците** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Истражувана појава** | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** | **за време на час** | **на наставен предмет** | **на одмор** | **Вкупно активности** |
| **Недела I-II** | | | | | | | | | |
| 1. тепање на другар | **4** | | | | | | | **4** | **4** |
| 2. кубење за коса | **2** | **4** | **1** | | | **7** | | | **7** |
| 3. движење во класот во текот на часот | **17** | **19** | **10** | **7** | **5** | **58** | | | **58** |
| 4. спречување на другар да си ги извршува задолженијата | **18** | **15** | **14** | **3** | **8** | **53** | | **5** | **58** |
| 5. вербална навреда | **4** | **3** | **8** | **4** | **3** | **12** | | **10** | **22** |
| 6. заканување на другар | **3** | **3** | **2** | **6** | **3** | **12** | | **5** | **17** |
| 7. туркање и клоцање на другар | | | | | | | | | |
| 8. удирање шлаканица | **2** | | **1** | **1** | **1** | **5** | | | **5** |
| 9. удар со нога или тупаница | **3** | **3** | **2** | **3** | **5** | **11** | | **5** | **16** |
| 10. кражба | | | | | | | | | |
| Друго: | **4** | **1** | **2** | | **4** | **8** | | **3** | **11** |
| **Вкупно:** | | | | | | **166** | **Мат Умет** | **32** | **198** |

Во **Табела бр. 3**, ги презентирам резултатите од истражувањето на хиперактивните (проблематични) ученици во училиштата во Македонија.

Двонеделното истражување на учениците од страна на наставниците во Македонија покажува дека хиперактивните ученици ги манифестираат сите форми на насилно однесување кои беа посочени во контролниот лист, освен кражбата. Насилните форми на однесување кои имаат најголема зачестеност се: движење во класот во текот на часот (46 случаи), спречување на другар да си ги извршува задолженијата (41 случај), додека трета по зачестеност е вербалната навреда, повторена 17 пати. Четврта по зачестеност е заканата на другар, повторена 13 пати.

Формата удирање со нога или тупаница во текот на набљудувањето се случила 10 пати. Удирање шлаканица се случило 8 пати во текот на набљудувањето и тоа на час. Туркање и клоцање на другар се случило 7 пати, а кубење за коса 6 пати. Формата на насилство - тепање на другар - се случила во 2 случаи, а во други форми имаме 8 случаи. Во табелата што следува можеме да видиме дека се манифестирани сите форми на насилство, освен кражбата. Исто така, времето кога се случиле покажува дека 34 пати се случиле за време на одморите, а 124 се случиле за време на училишните часови. Според евиденцијата на наставниците, инцидентите се случиле на часови по сите предмети, без исклучок.

**Табела бр. 3**: Резултати од истражувањето на хиперактивните (проблематични) ученици во Македонија.

| **МАКЕДОНИЈА** | | | | | | **Време на манифестација на проблематичните однесувања на учениците** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Истражувана појава** | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** | **за време на час** | **на наставен предмет** | **на одмор** | **Вкупно активности** |
| **Недела I-II** | | | | | | | | | |
| 1. тепање на другар | **2** | | | | | | | **2** | **2** |
| 2. кубење за коса | **2** | **4** | | | | **6** | | | **6** |
| 3. движење во класот во текот на часот | **15** | **15** | **6** | **4** | **6** | **46** | | | **46** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. спречување на другар да си ги извршува задолженијата | **10** | **12** | **8** | **1** | **10** | **40** | | **1** | **41** |
| 5. вербална навреда | **2** | **8** | **2** | **3** | **2** | **8** | | **9** | **17** |
| 6. заканување на другар | **10** | **2** | | **1** | | **3** | | **10** | **13** |
| 7. туркање и клоцање на другар | **1** | | **3** | **2** | **1** | **5** | | **2** | **7** |
| 8. удирање шлаканица | **2** | **4** | **1** | | **1** | **8** | | | **8** |
| 9. удар со нога или тупаница | **4** | **2** | **3** | **1** | | | | **10** | **10** |
| 10. кражба | | | | | | | | | |
| Друго: | **3** | **1** | **4** | | | **8** | | | **8** |
| **Вкупно:** | | | | | | **124** | | **34** | **158** |

Кога ќе се споредат сите форми на насилство, се гледа дека од сите десет форми на насилство кај учениците во Македонија, во споредба со учениците во Косово, доминираат две: 7. туркање и клоцање на другар и 8. удирање шлаканица. Во Македонија, формата на насилство под реден број 7 - туркање и клоцање на другар, се случила 8 пати, додека во Косово – ни еднаш. Формата на насилство под реден број 8 - удирање шлаканица во Македонија се случила 8 пати, додека во Косово 5 пати.

Во споредба со Македонија, во Косово доминираат други форми на насилство. Најголемата разлика се гледа кај формата на насилство под реден број 4, спречување на другар да си ги извршува задолженијата, која во Косово се случила 60 пати, а во Македонија 41 пат. Разликата меѓу нив е 19.

Формата под реден број 3 - движење во класот во текот на часот, во Косово се случила 58 пати, а во Македонија 46 пати. Разликата меѓу нив е 12.

Друга честа форма на насилство е формата под реден број 5 - вербална навреда, која во Косово се случила 22 пати, а во Македонија 17 пати. Разликата меѓу нив е 5.

Друга честа форма на насилство е формата под реден број 6 - заканување на другар, која во Косово се случила 18 пати, а во Македонија 13 пати. Разликата меѓу нив е 5.

Друга честа форма на насилство е формата под реден број 9 - удар со нога или со тупаница, која во Косово се случила 16 пати, а во Македонија 10 пати. Разликата меѓу нив е 6.

Друга најмалку повторена форма на насилство е формата под реден број 2 - кубење за коса, која во Косово се случила 7 пати, а во Македонија 6 пати. Разликата меѓу нив е во само еден повторен случај.

Друга форма на насилство која е помалку повторена е формата под реден број 1 - тепање на другар, која во Косово се случила 4 пати, а во Македонија 2 пати. Разликата меѓу нив е 2.

Друга форма на насилство која не се случила во ниту еден случај е формата под реден број 10 - кражба.

Вкупниот број на регистрирани форми на насилство во Косово е 198, за разлика од Македонија каде што е 158.

**Табела бр. 4**: Резултати од истражувањето на хиперактивните (проблематични) ученици во Македонија и во Косово

| **МАКЕДОНИЈА (М) И КОСОВО (К)** | | | | | | | **Време на манифестација на проблематичните однесувања на учениците** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** | **за време на наставен час** | **на предмет** | **на одмор** | **вкупно** |
| **Недела I-II** | | | | | | | | | | |
| 1. тепање на другар | **К** | **4** | | | | | | | **4** | **К-4** |
| | **М** | **2** | | | | | | | **2** | **М-2** |
| 2. кубење за коса | **К** | **2** | **4** | **1** | | | **7** | | | **К-7** |
| | **М** | **2** | **4** | | | | **6** | | | **М-6** |
| 3. движење во класот за време на часот | **К** | **17** | **19** | **10** | **7** | **5** | **58** | | | **К-58** |
| | **М** | **15** | **15** | **6** | **4** | **6** | **46** | | | **М-46** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. спречување на другар да си ги извршува задолженијата | **К** | **18** | **15** | **14** | **3** | **8** | **53** | | **5** | **К-58** |
| | **М** | **10** | **12** | **8** | **1** | **10** | **40** | | **1** | **М-41** |
| 5. вербална навреда | **К** | **4** | **3** | **8** | **4** | **3** | **12** | | **10** | **К-22** |
| | **М** | **2** | **8** | **2** | **3** | **2** | **8** | | **9** | **М-17** |
| 6. заканување на другар | **К** | **3** | **3** | **2** | **6** | **3** | **12** | | **5** | **К-17** |
| | **М** | **10** | **2** | | **1** | | **3** | | **10** | **М-13** |
| 7. туркање и клоцање на другар | **К** | | | | | | | | | **К-0** |
| | **М** | **1** | | **3** | **2** | **1** | **5** | | **2** | **М-7** |
| 8. удирање на шлаканица | **К** | **2** | | **1** | **1** | **1** | **5** | | | **К-5** |
| | **М** | **2** | **4** | **1** | | **1** | **8** | | | **М-8** |
| 9. удар со нога или тупаница | **К** | **3** | **3** | **2** | **3** | **5** | | | **5** | **К-16** |
| | **М** | **4** | **2** | **3** | **1** | | | | **10** | **М-10** |
| 10. кражба | **К** | **0** | | | | | | | | **К-0** |
| | **М** | **0** | | | | | | | | **М-0** |
| друго | **К** | **4** | **1** | **2** | | **4** | **11** | Мат. Умет. | | **К-11** |
| | **М** | **3** | **1** | **4** | | | **8** | Сите | | **М-8** |
| **Вкупно по држава** | **К** | **57** | **48** | **40** | **24** | **29** | **166** | | **32** | **К-198** |
| | **М** | **51** | **48** | **27** | **12** | **20** | **124** | | **34** | **М-158** |
| | | | | | | | | | | |
| **Вкупно во двете држави** | | **108** | **96** | **67** | **36** | **49** | **290** | | **66** | |

Според тоа во кои денови се прават најмногу проблеми во училницата, од резултатите се гледа дека во понеделник се забележани најголем број на форми на насилство кај учениците во двете земји. Во Косово се случиле 57 проблеми, а во Македонија 51. Во вторник имаме израмнување на проблемите: во Косово 48 и во Македонија 48.

Во среда бројот на регистрирани форми на насилно однесување кај учениците изнесува 67. Од нив, во Косово се случиле 40 проблеми, а во Македонија 27. Во четврток се забележани најмалку проблеми во однесувањето на учениците – 36. Од нив, 24 проблеми се случиле на Косово и 12 проблеми во фокус групите од Македонија. Значи, во четврток, во Косово се регистрирани двојно повеќе проблеми со насилно однесување на учениците, за разлика од Македонија. Во петок учениците манифестирале 49 форми на насилно однесување, од кои 29 проблеми се случиле во Косово и 20 проблеми во Македонија.

Од овие резултати можеме да констатираме дека, почнувајќи од понеделник, па се до четврток, постои континуирано намалување на бројот на проблеми кај испитаниците. Во петок, повторно се забележува мало зголемување на проблематичните ситуации, во споредба со четвртокот.

Најголем број на манифестирани проблеми во двете земји се забележани во понеделник (108), додека, пак, во четврток се забележани најмал број на проблеми во двете земји (36). Гледано аритметички, во четврток се случиле три пати помалку проблеми отколку во понеделник.

Вкупниот број на регистрирани проблеми во класот за две недели во Косово е 198, додека во Македонија е 158.

Бројот на евидентирани проблеми за време на одморите е далеку помал, во споредба со бројот на проблеми регистрирани во училница. Во Косово, за време на одморите, се забележани 32 форми на насилно однесување, додека, пак, во Македонија 34 форми.

На крај, многу е важно да се констатира дека за време на одморите учениците од двете земји манифестирале потешки форми на насилство како што се: тепачки, удирање со клоци или тупаници и др.

## 6. Анализа за потврдување или отфрлање на хипотезите

За да ја провериме првата помошна хипотеза ги прикажуваме следните резултати од анкетниот прашалник за ученици.

**Прашање 1:** Каква е атмосферата во вашето семејство?




Во прашањето: „Каква е атмосферата во вашето семејство?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „одлична“, „многу добра“, „добра“, „не е добра“ и „лоша“.

Во Македонија доминира одговорот „одлична“, заокружен 587 пати, следува одговорот „многу добра“, заокружен 147 пати, одговорот „добра“, заокружен 39 пати и одговорите „не е добра“ и „лоша“, заокружени по 3 пати.

Во Косово, исто така, доминира одговорот „одлична“, заокружен 573 пати, следува одговорот „многу добра“, заокружен 170 пати, одговорот „добра“, заокружен 44 пати и одговорот „не е добра“, заокружен 12 пати. Одговорот „лоша“, се наоѓа на последно место, заокружен е 6 пати.

Само одговорот „одлична", доминира во Македонија, во однос на Косово и тоа за 14 пати повеќе. Додека сите други одговори доминираат во Косово, во споредба со Македонија.

Одговорот „одлична" доминира во двете земји. Во Македонија е незначително поголем отколку во Косово, во несигнификантен степен (П=0.686). Вториот одговор, кој е најмногу заокружен во двете земји е одговорот „многу добра". Во Косово, одговорот „многу добра" е заокружен повеќе пати отколку во Македонија. Сепак, тој се наоѓа во несигнификантен степен (П=0.742).

Останатите одговори, исто така, доминираат во Косово во споредба со Македонија, каде што третиот одговор „добра", и петтиот одговор „лоша", се во несигнификантен степен, додека четвртиот одговор „не е добра", во Косово е доминантен - во сигнификантен степен (П=0.012).

**Прашање 2:** Кои видови на насилство ви се случиле дома?




Во прашањето: „Кои видови на насилство ви се случиле дома?", на учениците им беа понудени следниве одговори: „тегнење за уши", „штипење", „шлаканици по различни делови на телото", „кубење за коса", „удирање со предмети", „удирање со тупаници/клоци" и „фаќање за гуша".

Во Македонија, одговорот „тегнење за уши“, заокружен е од 385 ученици. Одговорот „шлаканици по различни делови на телото“, заокружен е 110 пати. Одговорот „штипење“, заокружен е 108 пати.

Одговорот „кубење за коса“, заокружен е 48 пати. Одговорот „удирање со предмети“ заокружен е 17 пати, а одговорот „удирање со клоци/тупаници“ заокружен е 9 пати. Одговорот фаќање за гуша, не го заокружил ниту еден ученик. Исто така, имаме и 102 ученици кои не се изјасниле.

Во Косово, како и во Македонија, одговорот „тегнење за уши“ го заокружиле повеќе ученици - 298. Одговорот „штипење“ заокружен е 139 пати, а одговорот „шлаканици по различни делови на телото“ го заокружиле 133 ученици.

Одговорот „кубење за коса“ е на четврто место и е заокружен 60 пати. Одговорите: „удирање со предмети“, „удирање со тупаници/клоци“ и „фаќање за гуша“ не се заокружени од учениците во Косово.

Статистичка обработка на прашањето покажува дека од седум понудени одговори, два одговора статистички не се обработени, бидејќи кај петтиот одговор („удирање со предмети“) и кај шестиот одговор („удирање со тупаници/клоци“) во Косово резултатот е нула и како такви овие одговори не можат статистички да се обработат. Останатите пет одговори се статистички обработени и сите се статистички значајни (одговорите 1, 2 и 7 се П=<0.001, одговорот 3 е П=0.002, а одговорот 4 е П=0.008).

Во Македонија, во споредба со Косово, во сигнификантен степен (П=<0.001) доминира само одговорот „тегнење за уши“, додека другите одговори доминираат во Косово.

Во Косово, во споредба со Македонија, доминираат четири одговори: „штипење“ - во сигнификантен степен (П=0.002), „шлаканици по различни делови од телото“ - во сигнификантен степен (П=0.423), „тегнење за уши“ и „кубење за коса“ - во сигнификантен степен (П=0.008) и „фаќање за гуша“ - во сигнификантен степен (П=<0.001).

**Прашање 3:** Ако имате проблеми со насилство во училиштето кому му се обраќате за помош?




Во прашањето: „Ако имате проблеми со насилство во училиштето кому му се обраќате за помош?", на учениците им беа понудени следниве одговори: „на семејството", „на наставниците", „на друштвото", „на полицијата" и „никому".

Во Македонија доминира одговорот „на семејството", кој е заокружен 325 пати. Одговорот „на наставниците" се наоѓа на втората позиција. Заокружен е 322 пати. Одговорот „на друштвото" се наоѓа на трета позиција. Заокружен е 65 пати. Одговорот „никому" се наоѓа на четвртата позиција. Заокружен е 58 пати. Одговорот „на полицијата" заокружен е само 9 пати и се наоѓа на петтата позиција.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „на семејството", кој е заокружен 440 пати. Одговоот „на наставниците" се наоѓа на втората позиција. Заокружен е 241 пат. Одговорот „никому" е на третата позиција. Заокружен е 70 пати. Одговорот „на полицијата" се наоѓа на петтата позиција и тој воопшто не е заокружен.

Учениците во Косово, за разлика од учениците во Македонија, во случај на насилство во училиштето не ѝ се обраќаат за помош на полицијата.

Статистичката обработка на ова прашање покажува дека најголем број од учениците одговорил дека прво се обраќа на семејството - одговор кој доминира во двете земји. Во Македонија е заокружен 325 пати, а во Косово 440 пати.

Од споредбата на одговорите во рамките на ова прашање, може да се забележи дека одговорот кој доминира и во Македонија и во Косово е одговорот „семејството“. Овој одговор во споредба со другите одговори во рамките на ова прашање, во Косово се разликува во сигнификантен степен (П=<0.001).

Во Македонија, одговорот „на семејството“, во споредба со одговорот „на наставниците“, има разлика во несигнификантен степен (П=0.312), а наспроти другите одговори доминира во сигнификантен степен.

Резултатите од претходните анализи покажуваат дека учениците од двете земји во висок процент живеат во здрави и функционални семејства кои ја поттикнуваат нивната самодоверба и просоцијално однесување. Појавата на насилно однесување во училиштето, најголем број на ученици би ја пријавиле дома, што значи, учениците им веруваат на своите семејства и во нив бараат заштита.

Воедно, анализите покажуваат извесен степен на насилно однесување врз децата и во рамките на нивните семејства. Иако станува збор за лесни форми на насилно однесување врз децата од страна на возрасните членови на семејствата (тегнење за уши или вербално навредување), сепак, институцијата „семејство“, и во Република Македонија и во Република Косово, сериозно треба да поработи на надминување на ваквите состојби.

Наведените емпириски податоци водат кон делумно отфрлање на првата помошна хипотеза која тврдеше дека атмосферата во семејната средина ја поттикнува појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Република Косово и во Република Македонија.

За да ја провериме втората помошна хипотеза ги прикажуваме следните резултати од анкетниот прашалник за ученици.

**Прашање 1:** Дали има добра образовна клима во училиштето?




Во прашањето: „Дали има добра образовна клима во училиштето?", на учениците им беа понудени следниве одговори: „да", „не" и „не знам".

Во Македонија во најголем дел заокружен е одговорот „да", 571 пати, одговорот „не знам", се наоѓа на втората позиција, заокружен е 108 пати, додека одговорот „не", заокружен 100 пати, е најмалку заокружен одговор.

Во Косово, како и во Македонија, најмногу заокружен одговор е одговорот „да" - 670 пати, одговорот „не знам", е на второ место, заокружен 74 пати, додека одговорот „не", заокружен е најмалку пати - 61.

Статистичка обработка на прашањето покажува дека од три понудени одговори („да", „не" и „не знам"), значајни се два одговора („не" и „не знам", П=<0.001). Одговорот „да" статистички не е значаен (П=0.188). Во споредба со учениците од Косово, кај учениците од Македонија, одговорите „не" и „не знам" доминираат во сигнификантен степен (П=<0.001). Кај учениците од Косово, во споредба со учениците од Македонија, одговорот „да" доминира во несигнификантен степен (П=0.188).

**Прашање 2:** Дали има случаи кога наставниците се однесуваат лошо со учениците?




Во прашањето: „Дали има случаи кога наставниците се однесуваат лошо со учениците?", на учениците им беа понудени следниве одговори: „секогаш", „често пати", „понекогаш" и „никогаш".

Во Македонија најмногу е заокружен одговорот „понекогаш", 412 пати, додека одговорот „никогаш", заокружен е 205 пати и се наоѓа на второ место. Одговорот „многу пати", заокружена е 83 пати и се наоѓа на трета позиција, а најмалку е заокружен одговорот „секогаш", 79 пати.

Во Косово, најмногу е заокружен одговорот „понекогаш", 505 пати, додека одговорот „никогаш", заокружен е 200 пати и се наоѓа на второ место. Одговорот „многу пати", заокружен е 78 пати и се наоѓа на трета позиција. Во Косово најмалку е заокружен одговорот „секогаш", 22 пати.

Статистичка обработка на прашањето покажува дека од понудените четири одговори, одговорот „честопати" (П=0.155) и одговорот „никогаш" (П=0.423) немаат значајни статистички разлики.

Само одговорот „секогаш", кај учениците од Македонија, доминира во сигнификантен степен (П=<0.001), во споредба со учениците од Косово.

Кај учениците од Косово, одговорот „понекогаш" (П=<0.001) доминира во сигнификантен степен, во споредба со учениците од Македонија. Додека одговорите

„често пати“ и „никогаш“ доминираат кај учениците од Македонија, но тие одговори немаат статистички значајни разлики.

**Прашање 3:** Дали наставниците користат физичко насилство врз учениците кои се непослушни?




Во прашањето: „Дали наставниците користат физичко насилство врз учениците кои се непослушни?“, на учениците им беа понудени следниве одговори: „секогаш“, „многу пати“, „понекогаш“ и „никогаш“.

Во Македонија доминира одговорот „никогаш“, кој е заокружен од повеќето ученици, 409 пати, одговорот „понекогаш“, се наоѓа на втората позиција, заокружен е 253 пати. Одговорот „многу пати“, се наоѓа на третата позиција, заокружен е 82 пати, а одговорот „секогаш“, се наоѓа на четвртата позиција, заокружен е 35 пати.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „никогаш“, кој е заокружен од 404 ученици. Одговорот „понекогаш“ се наоѓа на втората позиција, заокружен е 297 пати. Одговорот „многу пати“, се наоѓа на третата позиција, заокружен е 66 пати, додека одговорот „секогаш“ се наоѓа на четвртата позиција, зокружен е 38 пати.

Статистичка обработка на прашањето покажува дека два одговори („честопати“ и „понекогаш“) имаат статистички значајни разлики (с, П= <0.001; П=0.001).

Кај учениците од Косово, во споредба со учениците од Македонија, одговорот „понекогаш“ доминира во сигнификантен степен (П=0.001), како и одговорот „многу пати“ (П=0.001).

Кај учениците од Косово, одговорот „секогаш“ доминира во несигнификантен степен (П=0.095), во споредба со учениците од Македонија, додека кај учениците од Македонија одговорот „никогаш“ е најброен, но нема значајни статистички разлики.

За да ја провериме втората помошна хипотеза ги прикажуваме и следните резултати од анкетниот прашалник за наставници.

**Прашање 1:** Дали сметате дека негативните појави на насилно однесување што ги манифестираат учениците, ја попречуваат ефикасноста на наставата во училиштата?




Во прашањето: „ Дали сметате дека негативните појави на насилно однесување што ги манифестираат учениците, ја попречуваат ефикасноста на наставата во училиштата?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во двете земји, наставниците имаат речиси исто мислење дека негативните појави што ги покажуваат учениците во училиштето ја попречуваат ефикасноста на

наставата во училиштата. Па така, одговорот „да“, во Македонија е заокружен 129 пати, а во Косово 127 пати. Има наставници кои сметаат дека негативните појави што ги покажуваат учениците во училиштето не ја попречуваат ефикасноста на наставата во училиштата. Па така, одговорот „не“ во Македонија го заокружиле 25 наставници, а во Косово 19. Одговорот „не знам“ во Македонија е заокружен 15 пати, а во Косово 7 пати.

Статистичката обработка на прашањето покажува дека во Македонија, во споредба со Косово, доминираат одговорите: „да“ и „не“. Но, овие одговори не се статистички значајни (P=0.986, P=0.360). Исто така и одговорот „не знам“ не е статистички значаен (P=0.030).

**Прашање 2:** Дали училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство?




Во прашањето: „Дали училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство?“, на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да“, „не“ и „не знам“.

Во Македонија доминира одговорот „да“, заокружен е 116 пати. Следува одговорот „не знам“, заокружен 30 пати. Одговорот „не“ заокружен е 13 пати.

Во Косово, како и во Македонија, доминира одговорот „да“, кој е заокружен 83 пати. Следува одговорот „не“, кој е заокружена 39 пати. Одговорот „не знам“ заокружен е 31 пат.

Од резултатите можеме да видиме дека разликата во мислењето помеѓу наставниците од Македонија и наставниците од Косово е во одговорите „не“ и „не знам“. Во Косово, одговорот „не“ се наоѓа на второ место и е заокружен 39 пати. Во Македонија, овој одговор се наоѓа на трета позиција и е заокружен 13 пати.

Одговорот „не знам“, во Косово се наоѓа на трета позиција, заокружен е 31 пат.

Во Македонија, овој одговор се наоѓа на втора позиција, заокружен е 30 пати. Одговорот „не“, пак, заокружен е 13 пати.

Само кај одговорот „да“, наставниците од Македонија и наставниците од Косово имаат усогласеност во мислењето дека училиштето има развиено политики против употребата на физичкото насилство.

Статистичката обработка на прашањето покажува дека во Македонија, во споредба со Косово, доминира одговорот „да“, но тој не е статистички значаен ($p=0.180$). Во Косово, во споредба со Македонија, регистрирани се одговори „не“ и „не знам“, но тие не се статистички значајни (одговорот „не“ - $P=0.003$, а одговорот „не знам“ - $P=0.423$).

**Прашање 2:** Дали се пријавува насилство во вашето училиште?



Во прашање: „Дали се пријавува насилство во вашето училиште?", на наставниците им беа понудени следниве одговори: „да", „не" и „не знам".

Најмногу заокружени одговори и во Македонија и во Косово има за предлогот „да". Овој одговор во Македонија е заокружен 95 пати, а во Косово 96 пати.

Според одговорите на наставниците и во Македонија и во Косово, одговорот „не" се наоѓа на второто место. Во Македонија е заокружен 41 пат, а во Косово 45 пати.

Според одговорите на наставниците и во Македонија и во Косово, одговорот „не знам" се наоѓа на трето место. Во Македонија е заокружен 33 пати, а во Косово 12 пати.

Статистичката обработка на прашањето покажува дека во Македонија, во споредба со Косово, доминира одговорот „не знам", но тој не е статистички значаен (p=0.095).

Во Косово, во споредба со Македонија, доминираат одговорите „да" и „не", но тие не се статистички значајни (да: P=0.890 и не: P=0.515).

Според мислењата на учениците, во основните училишта во Република Косово и во Република Македонија, генерално има добра образовна клима. Меѓутоа, учениците сметаат дека има случаи кога наставниците лошо се однесуваат кон нив, па дури и дека, во определени околности, применуваат физичко насилство врз учениците.

Според наставниците, негативните појави на насилно однесување што ги манифестираат учениците во голем степен го попречуваат нормалното одвивање на наставата. Исто така, иако поголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето во коешто работат има развиено политики против употребата на физичко насилство (од страна на наставниците и од страна на учениците) сепак, голем е бројот и на оние наставници кои не знаат дека постојат такви политики во нивното училиште, односно, оние наставници кои тврдат дека училиштата немаат развиено такви политики.

Најголем дел од испитаните наставници сметаат дека учениците го пријавуваат насилното однесување упатено спрема нив во училиштето. Меѓутоа, не е занемарлив бројот на оние наставници кои сметаат дека учениците не го пријавуваат насилството во училиштето или дека не знаат дали го пријавуваат. Овој податок, сам по себе,

загрижува, односно, говори за недовербата што ја покажуваат учениците кон училиштето како институција во која поминуваат голем дел од својот живот.

Следствено на спроведените анализи, се потврдува втората помошна хипотеза дека атмосферата во училишната средина ја поттикнува појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Република Косово и во Република Македонија.

За да ја провериме третата помошна хипотеза ги прикажуваме следните резултати од анкетниот прашалник за ученици кои покажуваат хиперактивно однесување.

**Истражувана појави:**

- Движење во класот за време на час
- Вербална навреда
- Заканување на другар
-



Трите најчести форми на насилно однесување што ги манифестираа хиперактивните ученици во фокус групите се: „движење во класот за време на час“, „вербална навреда“ и „заканување на другар или другарка“.

Од овие податоци може да се извлече заклучок дека индивидуалните карактеристики на личноста на детето во голема мера можат да придонесат кон појава на насилно однесување во училиштата. За разлика од „мирните и послушни ученици“ , кои, како што покажа истражувањето, се најчесто жртви на насилство во училиштата, хиперактивните ученици, за жал, својата екстра енергија ја манифестираат на негативен начин, како што може да се види од прикажаната табела.

За среќа, потешките форми на насилно однесување во училиштата, како што се удирање на шлаканици, тупаници и клоци, се среќаваат во многу помал број кај испитаниците.

Во овој контекст, можеме да констатираме дека третата помошна хипотеза се потврдува, односно, дека индивидуалните карактеристики на личноста на учениците ја поттикнува појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Република Косово и во Република Македонија.

Според теориските аспекти и емпириските резултати од истражувањето, добиени со опсежна статистичка анализа, можеме да заклучиме дека првата помошна хипотеза е делумно потврдена, додека втората и третата помошна хипотеза се целосно потврдени. Оттука, можеме да изведеме генерален заклучок дека општата хипотеза на истражувањето се потврдува, односно, констатираме дека трите главни фактори кои примарно влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта во Република Косово и Република Македонија се: семејната средина, училишната средина и индивидуалните карактеристики на личноста на ученикот.

# Заклучни согледувања и препораки

Образованието отсекогаш претставувало основна движечка сила во креирањето на цивилизациски парадигми и стандарди за перципирање, евалуирање и дејствување. Во пресрет на предизвиците од новиот милениум, заедно со издигнувањето на свеста за заедничките човечки вредности и за припаѓањето кон глобалниот културен простор, уште еднаш експлицитно се потврдува значењето на образованието за развојот и одржувањето на стабилни, мирни и демократски општества.

Иако секоја земја има свои специфики и традиции, промените во социо-политичката структура на модерниот свет (зголемена миграциска и професионална мобилност, економска глобализација и сл.) покажаа дека ниеден образовен систем не може да опстојува во историски и социјален вакуум. Мешањето на луѓе со различна етничка, културна и религиозна припадност, особено во поголемите урбани центри, ги соочува креаторите на образовни политики со нови, крупни предизвици (Гулевска, 2015).

Конвенцијата за правата на децата поставува обврзувачки стандарди за заштита на нивните права. Договорот за човекови права е ратификуван од 192 држави во светот. Конвенцијата нагласува дека насилството врз децата треба да биде забрането, вклучувајќи го и насилството во училишната средина. Членот 28 од овој документ посочува дека секое дете има право на образование врз основа на еднакви можности.

Во тој контекст, државите-членки ги преземаат сите соодветни мерки за да се обезбеди здрава и мирна средина за учење на децата, поткрепена со училишна дисциплина која е во согласност со човечкото достоинство на детето и во согласност со Конвенцијата за правата на децата.

Насилното однесување на учениците во училиштата и можностите за негово спречување се предмет на многу истражувања, кои се занимаваат со проучување на различни аспекти на овој социјален проблем. Резултатите од овие истражувања покажуваат дека, со примена на одредени превентивни мерки, може да се влијае, повеќе или помалку, врз однесувањето на учениците. Некои истражувања покажуваат позитивна ефикасност во превентивните активности, додека некои други истражувања,

пак, покажуваат дека спроведувањето на превентивните активности не дава значајни резултати.

Проблемот на насилното однесување и превентивата (спречувањето) е многу сложен. Истиот станува уште посложен кога ќе се појават и тешкотии околу дефинирањето на насилните однесувања, односно, кога ќе треба да се одлучи што е тоа што може да се дефинира како насилно однесување.

Изразот „насилно однесување“ вклучува широк спектар на значења кои, понекогаш, можат да отстапуваат од општоприфатените општествени норми. За таа цел, превентивата треба да се фокусира на поттикнувањето на просоцијалното однесување кај учениците со цел да се спречи развојот на различни форми на неприфатливо однесување.

Во поттикнувањето на просоцијално однесување кај учениците, училиштето може да има многу важна улога. Училиштето со својата воспитно-образовна дејност има силна корективна моќ и може да помогне во совладувањето на оваа општествено непожелна појава.

Заплашувањето може да ја загрози физичката и емоционалната безбедност на учениците во училиштето и може негативно да влијае врз нивната способност за учење. Затоа, најдобар начин за решавање на овој проблем е појавата на насилно однесување кај учениците да се запре пред воопшто да почне да се развива. Постојат голем број на методи и содржини кои наставниците можат да ги користат за да помогнат во градењето на здрава и безбедна училишна средина за раст и развој на децата. Исто така, наставниците и стручните соработници, врз основа на својата професионална компетентност, можат да дадат значаен придонес во идентификувањето на можностите за спречување на појавата на насилно однесување помеѓу учениците во основните училишта.

Во последниве десетина години, на просторот од поранешните југословенски републики и покраини (меѓу кои спаѓаат Македонија и Косово), се случиле тешки инциденти меѓу ученици од основните училишта, кои, во повеќе наврати, резултирале со смртен исход. Од тие причини, подигнувањето на свеста кај младите генерации за прифаќање на различности по секаква основа, како и надминувањето на стереотипите и предрасудите, се јавува како насушна потреба во функционирањето на воспитно-образовниот систем на двете земји.

Постојаниот пораст на интеркултурната комуникација во сферата на образованието, претставува рефлексија на напорите на просветните работници да се

изнајде разумно решение за новите ситуации во организацијата на човековото живеење. Улогата на воспитно-образовната димензија во овој процес има базична вредност. Историски гледано, различни земји, во различни услови, развивале различни образовни системи засновани врз различни принципи. Денес, преку мостовите што ги изградија интернетот и глобалната економска мрежа, светот доби мултикултурен колорит, а културниот плурализам во образованието се наметна како нов систем на вредности врз кој се градат и новите образовни концепции.

Многу наставници и родители сè уште мислат дека содржините кои имаат мултикултурен карактер претставуваат само „дополнување“ во наставата, нешто што претставува „збогатување“ на курикулумите. Но, дали навистина станува збор само за обично „дополнување“ и „збогатување“ на наставните содржини или, пак, се работи за радикални промени во образовниот систем кои доправа треба да дојдат до израз?

Иако мултикултурните содржини може да се имплементираат во сите воспитно-образовни подрачја и во рамките на сите предмети, сепак, некои автори сметаат дека најпогодно презентирање на културниот плурализам на европското општество пред учениците, може да се изведе со содржини од областа на историските и географските науки. Веднаш зад нив, на хиерархиската скала, следуваат општествените науки и уметностите. Притоа, од особена важност е интеркултурниот пристап кон материјалните и духовните вредности на една културна заедница, како што се на пример, културното наследство на заедницата, нејзината религија, јазикот, територијалноста, миграциите и сл.

Интеркултурализмот, меѓу другото, претставува и современ облик на воспитание и образование кој ги оспособува младите за живот во демократското граѓанско општество. Според експертите, училиштето сè уште претставува најважен фактор за изградба на заеднички цели и вредности кај луѓето, кои се антитетички на индивидуализмот. Училиштето станува место каде што учениците создаваат контакти, комуницираат со своите врсници, доживуваат разни случки и стапуваат во различни видови на меѓучовечки односи, меѓу кои спаѓаат и интеркултурните активности. Значи, училиштето претставува, симболично кажано, работилница во која се усвојуваат ставови и вредности. Важно е младите да се оспособат за размислување во врска со одлуките кои ќе треба да ги донесуваат кога ќе станат возрасни личности. Според тоа, мултикултурните содржини во наставата треба да поттикнуваат на дијалог, прилагодување и помирување, како и на заедничко решавање на проблемите, при што посебна улога има и верското воспитание.

Религијата најсигурно и најдлабоко ја создава основата за формирање на културниот идентитет кај човекот. И покрај минимизирањето на нејзината улога во модерното општество и нејзината маргинализација во процесот на глобализацијата, таа е сè уште присутна меѓу луѓето, па дури и може да се рече дека доживува ренесанса токму во нашево време. Голем број на мислители сметаат дека уникатниот потенцијал на светските религиски традиции може да придонесе во надминувањето на меѓуетничките конфликти. Најчесто се дискутира околу утврдувањето на соодветен методолошки приод во проучувањето на универзалните етички вредности во различните религиозни системи, при што се смета дека тие вредности се неопходни за опстанокот и напредокот на човештвото.

На таков начин и крос-културните контакти во сферата на образованието ја налагаат потребата од конструктивна комуникација. Во тој контекст може да се зборува и за промена на улогата на наставникот во воспитно-образовниот процес. Најчесто наставникот со себе носи парадигми на воспитни и образовни стратегии, карактеристични за заедницата во која е самиот одгледан. Нужно е, во склад со општествените трендови на новото време, да се измени и неговиот начин на работа. Наставникот се повеќе добива улога на медијатор меѓу учениците и нивните очекувања и потреби во склад со традициите на различни културни заедници на кои тие припаѓаат.

Целта на образовниот плурализам е да гради позитивни релации и односи меѓу учениците преку меѓусебно почитување и прифаќање на другите, такви какви што се, преку поставување на заеднички цели, како и преку надминување на стереотипното мислење и предрасудите. Затоа на наставникот му е неопходен директен контакт со индивидуалната различност.

Асимилаторската „агресивност“ на „макрокултурите“ во однос на „микрокултурите“ оневозможува да дојдат до израз оригиналниот идентитет, вредностите, начинот на однесување, јазикот и стиловите на невербална комуникација кај припадници на помалите културни заедници. Потиснатоста на микрокултурите и нееднаквоста меѓу луѓето во современото општество, може да резултира со два крајни исходи: асимилација или интеграција (низ перспективата на мултикултурализмот). Во таа смисла, денес, повеќе од кога и да е, неопходно е да се анализира глобалната карактеристика на современото живеење во која културниот плурализам се препознава како воспитно-образовен идеал и како духовно здравје на секое демократско и продуктивно општество.

Во современото општество без педагошкиот морал не е можно да се развива образовен процес во вистинска смисла на зборот. Но, практичната дејност на учителот секогаш не соодветствува со нормите на професионалната етика, што е поврзано со сложеноста и противречноста на самиот педагошки процес. Затоа, една од најважните задачи на педагошката етика представува морално-педагошката подготовка на учителот. За педагошката дејност применливи се речиси сите основни морални норми, како и одделните норми кои ги одразуваат специфичните црти на педагошките односи. Сепак, како најзначајни педагошки морални норми се издвојуваат: *педагошката справедливост* и *педагошкиот авторитет*.

Справедливоста воопшто се карактеризира со соодветност на односите меѓу достоинството на луѓето, од една страна, и нивното општествено признание, правата и обврските, од друга страна. *Педагошката справедливост*, пак, има специфични карактеристики и сама по себе претставува своеобразно мерило на објективноста на учителот. Воспитаноста, добрината, принципиелноста и човечноста на учителот се појавуваат во неговите конкретни постапки спрема учениците. Односот на учениците спрема учењето најчесто зависи од педагошката справедливот на учителот. Тоа значи дека сознанието што го стекнал учителот за ученикот треба да кореспондира со чувството за правилно поставување на критериумите за вреднување на резултатите од заедничкиот труд. Исто така, учителот и учениците треба да имаат творечки однос кон својот труд. Учителот, пак, посебно треба да се истакнува со својата умешност за решавање на сложени ситуации и конфликти во школскиот живот.

*Педагошкиот авторитет* на учителот всушност го изразува неговиот морален статус во колективот од ученици и колеги. Тој претставува своевидна дисциплина со помош на која учителот го регулира поведението на воспитаниците и влијае врз нивните убедувања. Педагошкиот авторитет зависи од претходната морално-етичка и психолошко-педагошка подготовка на учителот. Таа се здобива во долготраен процес, чиј производ може да се согледа од длабочината на знаењето, ерудицијата, специјализираноста и односот кон работата на самиот учител (воспитувач).

Нашето истражување се базира на компаративни параметри кои овозможуваат лесно и прегледно детектирање на состојбите по оваа проблематика во двете соседни земји, Република Македонија и Република Косово, и да се види кои се факторите што влијаат врз појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта во двете земји.

Врз основа на резултатите од истражувањето спроведено со ученици, дојдовме до следниве заклучоци:

- Атмосферата во семејството е добра и во двете земји, што претставува важен индикатор за релативно квалитетно воспитание и образование на децата од регионот, а со тоа директно и индиректно придонесува за отстранување на појавата на насилно однесување во училиштето.

- Во двете земји, „тегнењето за уши“ и вербалното навредување се најчести форми на насилно однесување што ги манифестираат учениците. Овие форми на насилно однесување се полесни повреди на интегритетот на личноста на другиот, во споредба со другите потешки форми на насилство, како што се: удирање на шлаканици, удирање со тупаници/клоци, удирање со предмети и сл.

- Според учениците од двете земји, односите на луѓето во соседството се мошне добри, затоа што и во двете земји доминира одговорот „се согласувам дека односите на луѓето од соседството се добри“, наспроти одговорот „не се согласувам“. Исто така, според учениците од двете земји, возрасните од соседството, т.е. од заедницата преземаат мерки доколку учениците бегаат од училиште или седат во населбата и прават проблеми.

- Според учениците од двете земји, училиштето е безбедно место за учење. Ова го потврдува доминацијата на одговорот „да“, во Македонија заокружен 522 пати, а во Косово 638 пати, наспроти одговорите „не“ и „не знам“, кои се заокружени од далеку помал број на испитаници.

- Според учениците од двете земји, училишната клима во Република Македонија и во Република Косово е добра. Тоа го потврдува доминацијата на одговорот „да“, кој е статистички значаен во споредба со одговорот „не“.

- Според учениците од двете земји, односите ученик-наставник се „одлични“. Овој одговор во Македонија е заокружен 373 пати, а во Косово 339 пати и доминира со степен на значајност, наспроти одговорите „многу добри“, „добри“ и „не се добри“.

- Според учениците од двете земји, најмногу врева и движење се случува додека наставниците држат настава. Ова е потврдено преку одговорот „понекогаш“, кој доминира наспроти другите опции.

- Според учениците во двете земји, наставниците не употребуваат навредливи зборови спрема учениците. Ова го потврдува доминацијата на одговорот „не“, наспроти одговорот „да“.

- Констатиравме, исто така, дека во текот на изминатите три месеци учениците не доживеале насилство од другари или другарки. Ова е потврдено со доминација на одговорот „никогаш“, во споредба со другите одговори.

- Според учениците од двете земји, во случаите на насилство, учениците реагираат со спречување на насилството. Овој одговор е доминантен во споредба со другите одговори.

- Според испитаниците од двете земји, вознемирувањето на учениците најчесто се случува во училишниот двор. Во споредба со другите одговори, овој одговор е доминантен.

- Во Македонија, најчести жртви на насилство во училиштата се мирните и воспитани ученици, а во Косово, новите ученици во училницата.

- Учениците во двете земји, во случај на проблеми со насилство во училиштето, најчесто за помош се обраќаат на семејството или на наставниците. Овие одговори се заокружени најголем број на пати во двете земји. Загрижувачка е појавата што ниеден ученик од Косово не би се обратил за помош во полиција.

- Според учениците од двете земји, учениците ги применуваат и почитуваат правилата на училиштето. Тоа го потврдува доминацијата на одговорот „секогаш“. Овој одговор во Македонија е заокружен 425 пати, а во Косово 423 пати.

Улогата на наставниците во спречување на појавата на насилното однесување кај учениците во основните училишта е од огромна важност. Добриот наставник треба да биде организатор, предавач, експерт во областа во која работи, мотиватор, олеснувач, координатор, лидер асистент, инструктор, регулатор, проценител, терапевт, партнер, поддржувач на напорите на учениците, креатор на позитивна комуникација помеѓу учениците, истражувач, посредник, модел на добро однесување.

Училиштето својата превентивна дејност може да ја реализира преку различни активности на наставниците наменети за учениците и родителите. Тоа може да се смета како важен предуслов за постигнување на успешна превентивна стратегија на училиштето во справувањето со проблемот на насилството.

Врз основа на сето погоре кажано, од истражувањето спроведено меѓу наставниците, можат да се извлечат следниве заклучоци:

- Според наставниците од двете земји, учениците ги почитуваат правилата и прописите на училиштето. Ова се потврдува со доминацијата на одговорот „да“, во споредба со другите одговори.

- Според наставниците од двете земји, учениците покажуваат насилно однесување во училиштето. Врз ваквата појава влијаат повеќе фактори: недостигот на воспитание, неорганизираната средина од опкружувањето, недоволната едукација за решавање на проблеми во училиштето, запоставеноста на децата во семејството и влијанието на фазата на пубертет.

- Според наставниците од двете земји, појавата на насилно однесување кај учениците може да се избегнат доколку постои подобра соработка помеѓу училиштето, семејството и заедницата.

- Наставниците од двете земји мислат дека родителите се интересираат за адаптирањето на нивните деца во училиштето и дека нудат поддршка на училиштето во справувањето со насилното однесување кај учениците.

- Наставниците од двете земји мислат дека се прави мониторинг на насилството во училиштето од страна на надлежните служби (управителот) на училиштето.

- Во двете земји, учениците во случај на насилство реагираат со спречување на насилството.

- Наставниците од двете земји мислат дека учениците понекогаш се однесуваат лошо кон наставниците.

- Констатирано е и дека учениците се движат и прават врева додека наставниците држат настава.

Според наводите во Прирачникот на УНЕСКО (стр. 7), „и кај децата кои малтретираат и кај жртвата, циклусот на насилство и застрашување доведува до поголеми потешкотии кај личноста и слаб успех во училиштето. Поверојатно е дека учениците кои се малтретирани се депресивни, осамени или анксиозни и со низок степен на самопочит од нивните врсници. Децата кои учествуваат во малтретирање на други деца често делуваат агресивно поради сопствените фрустрации, понижувања, бес и како резултат на изложеност на потсмев од социјалната средина“ (Прирачник, стр. 7).

Затоа, на креаторите на образовни политики во двете соседни земји им препорачуваме:

- Да ги зајакнат училишните политики за справување со појавата на насилно однесување кај учениците од основните училишта преку дизајнирање на стратегии и механизми за превенција и интервенција во оваа појава.

- Да ја зајакнат соработката на училиштето со семејството и локалната заедница со цел да се влијаае сеопфатно и интердисциплинарно врз превенирањето на испитуваната појава.
- Да се води сметка и грижа за однесувањето на учениците за време на одморите, како и да се врши мониторинг на училишниот двор.
- Да се обучат наставниците за решавање на конфликтни ситуации за време на наставата, особено поради фактот кој говори дека најголем дел од инцидентите се случуваат во училница за време на часовите.
- Да се дизајнираат индивидуални наставни планови со цел да се задржи вниманието на хиперактивните ученици на содржините од часот.
- Стручните служби во училиштата да организираат советодавни часови за хиперактивните ученици.
- Наставниците да изградат партнерски однос со учениците, со цел да ја стекнат нивната доверба.
- Во училишниот курикулум да се вклучат содржини од областа на образованието за човековите права и мирот.
- Да се поддржуваат заложбите за создавање на механизми за пријавување во училиштето што ќе ги поттикнат учениците да проговорат против насилството. Службите за пријавување треба да пружаат поддршка, да сочувствуваат и да бидат доверливи.
- Наставниците треба да ги зајакнат своите компетенции и вештини за препознавање на насилно однесување во училиштето и соодветно да одговорат на таквите ситуации, односно, наставниците треба да се чувствуваат директно одговорни за таквата појава.
- Пристапот кој го користат наставниците во превенирање и менаџирање на насилното однесување кај учениците ќе зависи од политиките и упатствата на нивното училиште. Наставниците треба да се запознаат со одредени пристапи, како што се:
- Традиционалниот дисциплински пристап
- Медијација (посредување)
- Метод за групна поддршка
- Методот на споделена загриженост и др.

Со ова истражување се покажува дека значајна улога во превенирањето на појавата на насилно однесување кај учениците имаат комуникациските методи во воспитно-образовниот процес. Во тој контекст, проблемот на заплашувањето на децата во училиштата треба да се решава интердисциплинарно и на глобално ниво (Catalano et al., 2014). Во тој контекст, сметаме дека овој докторски труд ќе даде скромен придонес во расветлувањето на оваа проблематика во воспитно-образовните системи на Република Косово и Република Македонија. Исто така, се надеваме дека заклучоците и препораките од истражувањето ќе бидат од голема важност за наставниците, директорите, истражувачите и креаторите на образовни политики, не само во двете соседни земји, туку и пошироко, и дека ќе се употребат при дизајнирањето на превентивни и интервентни програми за справување со појавата на насилно однесување кај учениците во основните училишта.

# ПРИЛОЗИ

**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

***Почитувани учениците, ве молиме да одговорите на прашањата кои се занимаваат со насилничко однесување на учениците во училиштето. Доколку е потребно може да одговорите на повеќе од една опција.***

***Прашалникот е анонимен. Ви благодариме!***

**1.Вашиот пол е:** **❒ /машки ❒ женски**

2.**Во кое оделение сте?**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5** | **6** | **7** | **8** | **9** |

**3. Со каков успех ја завршивте минатата година?**

❒ доволно (2 ) ❒ добар (3) ❒ многу добар (4) ❒ одлично(5)

**3.** Дали живеете со двата родители:

| | |
|---|---|
| **❒ ДА** | **❒ НЕ** |

**5.Живеете со двајцата родители:**

| | |
|---|---|
| **❒ ДА** | **❒НЕ** |

6. Вашите родители \ **или старатели се вработени :**

| | |
|---|---|
| **❒ДА** | **❒НЕ** |

7. **Атмосферата во вашето семејство е добра** ( Ве молиме обележете една кутија)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ❒ одлична | ❒ многу добра | ❒ добра | ❒ не е добра | ❒ лоша |

8.**Одлуките во семејството ги зема:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ❒ татко | ❒ мајка | ❒ сите заедно | ❒ зависи од ситуацијата | ❒ ниту еден |

**9. Со моето образование дома се занимава** (/ Ве молиме обележете една кутија )

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❒ татко | ❒ мајка | ❒ сестра брат | ❒ никој |

**10. На поканите од страна на наставниците одговара** (Ве молиме обележете една кутија)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ❒ татко | ❒ мајка | ❒ двајцата | ❒ дедовци и баби | ❒ никој |

**11. Во текот на проблеми со домашните задачи се консултирам:** ( Ве молиме обележете една кутија)

❒ Со татко ❒ Со мајка ❒ Со сестра брат ❒ Со дедовци и баби ❒ никој

**12.** Кои се формите на насилство што ви се случиле дома:

❒ повлекување на ушите ❒ пецкање ❒ шлаканици во различни делови na телото ❒ повлекување за коса ❒ удар со предмет ❒, удар со тупаници ❒ фаќање за гуша

**13. Размислувајќи за вашата населба, подвлечи колку вие се согласувате со овие тврдења:**

1.Живеам во соседство, каде што луѓето се познават и се почитуваат едни со други

2Луѓето во моето соседство помагаат едни на други

3Луѓето од мојата населба се согласуваат добро едни со други

4.Луѓето од мојата населба често имаат слични позиции за добрите и лошите нешта

5. Можам да им верувам на луѓето од мојата населба(.Ве молиме обележете една кутија)

❒ Воопшто не се согласувам ❒ делумно не се согласувам ❒ согласувам,

❒ делумно се согласувам, ❒ не се согласувам,

14. Колку е можно тоа дека возрасните во вашето соседство да преземат мерки, ако гледат дека:

1.Учениците го напуштаt училиштето и останувaат во соседството?

2. Децата или учениците цртаат графити на една зграда

3. Децата во вашето соседство покажуваат непочитување кон други лица

4. Постојат расправии во предниот дел на куќата / зградата, некој човек бил физички нападнат

5. Се сомневате дека некое дете во вашето соседство се злоупотребува од страна на неговото семејство

6. Се сомневате дека некое дете во вашето соседство е запоставено од страна на неговото семејство

❒ Многу е веројатно ❒ Делумно е можно ❒Можно ❒ Малку е можн ❒ Воопшто не е можно

**15.Дали се чувствувате безбедно/а во училиште:**

**❒ ДА ❒ НЕ ❒ не знам**

**16.Во училиште има добра образовна климата.**

**❒ ДА ❒ НЕ ❒ не знам**

17. Правилата на училницата (доколку ги има) ги имате развиено заедно со класната учителка.

**❒ ДА ❒ НЕ ❒ не знам**

18. Односите **ученик - наставник се добри**

**❒ одлично ❒ многу добро ❒ добро ❒ не е добро ❒ не знам**

**19. Постојат случаеви кога наставниците се однесуваат лошо кон учениците.**

**❒ секогаш ❒ често пати ❒ понекогаш ❒ никогаш**

**20. Учениците прават движење и врева, додека учителот одржува настава**

**❒ секогаш ❒ често пати ❒ понекогаш ❒ никогаш**

**21.Учениците користат навредливи зборови еден на друг**

**❒ секогаш ❒ често пати ❒ понекогаш ❒никогаш**

**22. Наставниците користат навредливи зборови кон учениците**

**❒ ДА ❒ НЕ**

23. Учениците во вашето училиште ги почитуваат редот и прописите на училиштето

**❒ ДА ❒ НЕ ❒ не знам**

24. Наставниците користат физичко насилство врз **учениците** кои се непослушни.

**❒ секогаш ❒ често пати ❒ понекогаш ❒ никогаш**

25. Во текот на изминатите три месеци сум доживеал насилство од страна на другарите \ другарките од класот

**❒ никогаш ❒ еднаш или двапати ❒ неколку пати ❒ секогаш**

26.**Како реагирате во насилни ситуации**

❒ Интервенирам ❒ Го прекинувам насилството, ❒ Гледам, ❒ Не ме интересира

**27.** Каде се случува **заплашувањето?**

❒ во училница ❒ во коридори ❒Во фискултурна сала, ❒Во училишниот двор

28. Најчести жртви на насилство се: (повеќе од една опција)

❒новите ученици во училница, ❒Надарените ученици, ❒мирните и љубезените ученици

❒учениците кои имаат добри односи со наставниците,❒учениците со лошата економска состојба

❒Учениците со посебни потреби,❒Учениците на разведени родители,  ❒ Учениците со семејно насилство.

**29. Ако имате проблем со насилството во училиштата на кого ќе им се обратите за помош?**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **❒семејството** | **❒наставникот** | **❒општеството** | **❒полицијата** | **❒никој** |

**30. Ние ги почитуваат правилата на училиштето**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **❒ секогаш** | **❒често пати** | **❒понекогаш** | **❒никогаш** |

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ!**

**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ**

***Почитувани наставници, ве молиме да одговорите на прашањата кои се занимаваат со насилничко однесување на учениците во училиштето. Доколку е потребно може да одговорите на повеќе од една опција.***

***Прашалникот е анонимен. Ви благодариме!***

1.Вашиот пол е: ❒ /машки ❒ / Женски

2. Училиштето има пријателски став кон учениците

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

3. Вработените во вашето училиште, го гледаат училиштето како атрактивно место за работа?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

4. Наставниците ги подржуваат учениците кои се наоѓаат во тешка ситуација?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

5. Учениците во вашето училиште ги почитуваат законите и прописите на училиштето?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

6. Нашето училиште е раководено од следните принципи:

1) почитување на правата на учениците, 2) почитување на различностите, 3) образование фокусирано на вредностите, 4) соработка, комуникација и инклузија.

❒ потполно се согласувам, ❒ се согласувам, ❒ делумно се согласувам, ❒ не се согласувам ❒ не знам

7. Дали учениците покажуваат насилно однесување (асоцијално) во училиште?

❒ потполно се согласувам, ❒ се согласувам, ❒ делумно се согласувам, ❒ не се согласувам ❒ не знам

8. Учениците покажуваат насилство во училиште, бидејќи:

❒им недостига воспитание, ❒ влијае неорганизираната средина ❒ училиштето не ги едуцира доволно, ❒семејството не им посветува доволно внимание, ❒ влијае фазата на пубертет

9. Според вас, кои негативни појави ги покажуваат учениците во училиште?

❒ насилно однесување, ❒ пушење

❒ пиење алкохол, ❒ Консумирањето на наркотични супстанци

10. Дали мислите дека овие негативни појави кои што ги покажуваат учениците во училиште, попречуваат во ефикасноста на образовната настава во училиштата?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

11. Училиштето има развиено политики против употребата на физичко насилство?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

12. Што мислите, кој треба да ги отстранува овие негативни појави кои ги среќаваме кај децата во училиште?

❒ училиштето, ❒ семејството, ❒ училиштето / семејството, ❒ училиштето / семејството / заедницата.

13. Што можат да направат наставниците за да се развие просоцијално однесување кај учениците?

❒добри односи со учениците, ❒пофалби, ❒награди, ❒почитуваање на правилата на однесување во училиштето, ❒заедничка работа

14. Колку пати годишно добивате информации од училиштето за постигнувањата и однесувањето на учениците?

❒Два пати годишно, ❒Понекогаш, ❒на систематски начин, ❒никогаш

15. Дали мислите дека соработката помеѓу училиштето и семејството е доволно?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

16. Каде учениците прикажуваат повеќе негативно однесување?

❒во семејството, ❒во училиштето, ❒ на улица, ❒на друго место

17. Кои се вашите напори за спречување на насилството во училиштата:

❒ вклучувањето на теми во кои се промовира добра комуникација во наставната програма

❒ совети од педагошките служби во училиштето

❒ комуникација со родителите

❒известување на управителите на училиштето

❒интервенција при насилното однесување кај учениците

❒позитивни активности -примери на добро однесување

18. Дали мислите дека правната инфраструктура во училиштето ги поттикнува негативни појави на насилството во училиштата?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

19. Родителите имаат интерес за своите деца и нудат поддршка на училиштето?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

20. Дали се пријавува насилство во вашето училиште?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

21. Кои деца се жртви на насилство?

❒ новите ученици во училницата

❒ надарените ученици

❒ мирните и послушни ученици

❒ учениците кои имаат добри односи со наставниците

❒учениците со лоша финансиска состојба во семејството

❒ учениците со посебни потреби

❒ учениците на разведени родители

❒учениците жртви на семејно насилство

22. Дали се прави Мониторинг на насилството во училиштето од страна на управувителите на училиштето?

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

23. Во училиштето има добра образовна клима.

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

24. Како ја постигнувате дисциплината на учениците во училиште:

❒со постапки за администрација и менаџирање на односите меѓу учениците

❒дисциплински мерки

❒нулта толеранција, владеење на правото;

❒почитување на правата и обврските на учениците

25. Односите помеѓу учениците, наставниците и администраторите се генерално позитивни и се карактеризираат со почит и колегијалност.

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

26. Односот Наставник- ученици е :

❒одличен, ❒многу добар, ❒добар, ❒не е добар, ❒ не знам

27. Постојат случаеви кога учениците се однесуваат лошо кон наставниците

❒секогаш , ❒често пати , ❒понекогаш, ❒никогаш

28. Учениците се движат и прават врева во времето кога наставниците држат настава

❒секогаш , ❒често пати , неколку пати, ❒никогаш

29. Дали користите физичко насилство врз непослушните ученици?

❒секогаш, ❒често пати , ❒неколку пати, ❒никогаш

30. Во училиштето има професионален совет за да им се помогне на учениците со проблеми во однесувањето.

❒ДА ❒НЕ ❒ не знам

**Ви благодариме!**

## Користена литература


1. Anderson, C. A. & Bushman, B. J. (2002). “Human aggression”, *Annual Review* of *Psychology*, *53*, 27–51.

2. Arnett, R. C. (1992). *Dialogic Education: Conversation About Ideas and Between Persons*, Carbondale and Edwardsville: Southern Illinois University Press.

3. ASTOR, R. A., and BENBENISHTY, R., (2005). Theoretically atypical schools: What contributes to school’s ability to cope with violence? A research report submitted to the W.T. Grant Foundation.

4. American Federation of Teachers. (2000). *Building on the Best, Learning from What Works: Five Promising Discipline and Violence Prevention Programs*. Washington.

5. Atria, M. & Spiel, C. (2003). “The Austrian Situation: Many Initiatives, Few Evaluations” in U. P. K. Smith (Ed.) *Violence in Schools: The Response in Europe*, London: Routledge Falmer.

6. Ballard, M., Argus, T., Remley, T. P. (1999). “Bullying and School Violence: A Proposed Prevention Program”, *NASSP Bulletin*, *83*, 39-47.

7. Benbenishty, R. & Astor, R. A. (2005). *School Violence in Context: Culture, Neighborhood, Family, School, and Gender*, Oxford: Oxford University Press.

8. Benbenishty, R. & Astor, R. (2003). “Violence in Schools: the View from Israel”, in P.K. Smith (Ed.), *Violence in Schools: the Response in Europe*, London: Routledge-Falmer.

9. Bosworth, K., Dorothy L., Espelage, Th., Simon, P. (1999). “Factors Associated with Bullying Behavior in Middle School Students”, Journal of Early Adolescence, vol.19, No 3, 341-362.

10. Bouillet, D. & Uzelac, S. (2007), *Osnovi Socijalne Pedagogije*, Zagreb: Školska knjiga.

11. Boulton, M. J., Underwood, K. (1992). “Bully/Victim Problems in Middle-School Children”, *British Journal of Educational Psychology, 62,* 73–87.

12. Brajša, P. (1993), *Pedagoška komunikologija: razgovori, problemi i konflikti u školi,* Zagreb: Školske novine.

13. Brint, S. (2001). “Gemeinschaft Revisited: A Critique and Reconstruction of the Community Concept”, *Sociological Theory, 19 (1),* 1-23.

14. Bris P. (1993), *Pedagoška komunikologija: razgovori, problemi i konflikti u školi,* Zagreb: Školske novine.

15. Bruce, T. (1997). *Early Childhood Education,* London: Hodder and Stoughton.

16. Buchanan, A. (1996). *Cycles of Child Maltreatment: Facts, Fallacies and Interventions,* New York: Wiley.

17. Burton, C. B. (1987). “Problems in Children’s Peer Relationships: A Broadening Perspective”, in L. G. Katz (Ed.), *Current Topics in Early Childhood Education,* Norwood: Ablex.

18. Catalano, R., Junger-Tas, J., Morita, Y., Olewus, D., Slee, Ph., Smith, P. K. (2014). *The Nature of School Bullying: A Cross-National Perspective*, London: Routledge.

19. Cowie, H. & Jennifer, D. (2007). *Managing Violence in Schools: A Whole-School Approach to Best Practice*, London: Sage Publications.

20. Cohn, A. & Canter, A. (2003). *Bullying: Facts for Schools and Parents*. Retrieved from http://www.naspcenter.org .

21. Creswell, J. W. (2003) *Research Design: Qualitative, Quantitative, and Mixed Methods Approaches*, Thousand Oaks: Sage Publications.

22. Das, A. K. (1995). "Rethinking Multicultural Counseling: Implications for Counselor Education", *Journal of Counseling and Development*, *74*, 45–52.

23. Driscoll, M. (2005), *Psychology in Learning and Instruction*, Boston: Allyn & Bacon.

24. Dwyer, K., Osher, D., Warger, C. (1998). *Early Warning, Timely Response: A Guide to Safe Schools*, Washington: U.S. Department of Education.

25. Espelage, D. & Swearer S. (2003), *Research on School Bullying and Victimization: What Have We Learned and Where Do We Go from Here?*, Lincoln: University of Nebraska.

26. Farrington, D. (1993). "Understanding and Preventing Bullying", in M. Tonry (Ed.), *Crime and Justice: A Review of Research*, Chicago: University of Chicago Press.

27. Flavell, J., Miller, P. H., Miller, S. A. (2002). *Cognitive Development*, Upper Saddle River: Prentice Hall.

28. Fraser, M. (1996)**. "**Aggressive Behavior in Childhood and Early Adolescence: An Ecological-Developmental Perspective on Youth Violence" in M. W. Fraser (Ed.), *Social Work*, *41*(4), 347-361.

29. Gardner, H. (2007). *Five Minds for the Future*, Boston : Harvard Business School Press.

30. Gardner, H. (1993), *Multiple Intelligences: The theory in practice*, New York: Harper Collins Publishers.

31. Gehlbach, H. (2004). “A New Perspective on Perspective Taking: A Multidimensional Approach to conceptualizing an Aptitude”, *Educational Psychology Review, 16 (3),* 207-234.

32. Glasser, W. (2005). *Kvalitetna škola*, Zagreb: Alinea.

33. Glasser, W. (2001). *Svaki učenik može uspjeti*, Zagreb: Alinea.

34. Hanewinkel, R. (2004). “Prevention of Bullying in German schools: An Evaluation of an Anti-bullying Approach”, in P. K. Smith, D. Pepler, K. Rigby (Eds.), *Bullying in schools: How successful can interventions be?,* Cambridge: Cambridge University Press.

35. Haralambos, M. & Holborn, M. (2002). *Sociologija, teme i perspective,* Zagreb: Golden Marketing.

36. Holtappels, H. G. & Meier, U. (1997): “Gewalt an Schulen – Erscheinungsformen von Schülergewalt und Einflüsse des Schulklimas”, *Die Deutsche Schule, Heft 1/97,* 50-62.

37. Kohn, A. (2016). *The Myth of the Spoiled Child,* Boston: Beacon Press.

38. Karaj, Th. & Tamo, A., Th. (2003). *Psikologjia, tekst mësimor për shkollën e mesme të profilizuar, profili shoqëror*, Tiranë: SHBLSH.

39. Khoury–Kassabri, M., Benbenishty, R., Astor, R. A., Zeira, A. (2004). “The Contributions of Community, Family, and School Variables to Student Victimization, *American Journal of Community Psychology, 34, 3–4,* 187–204.

40. Klarin, M., (2006). *Razvoj djece u socijalnom kontekstu – roditelji, vršnjaci, učitelji kontekst razvoja djeteta,* Jastrebarsko: Naklada Slap.

41. Karpowitz, D. & Kenner, M. (2001). *Education as Crime Prevention: The Case for Reinstating Pell Grant Eligibility for the Incarcerated,* Annandale-on-Hudson: Bard College.

42. Kumpulainen, K., Räsänen, E., Henttonen, I., Almqvist, F., Kresanov, K., Linna, S., Moilanen, I., Piha, J., Puura, K., Tamminen, T. (1998). "Bullying and Psychiatric Symptoms among Elementary School-Age Children", *Child Abuse & Neglect, 22,* 705- 717.

43. Kumpulainen, K., Räsänen, E., & Puura, K. (2001). „Psychiatric disorders and the use of mental health services among children involved in bullying", *Aggressive Behavior, 27,* 102-110.

44. *Коменски*, J. A. (1954). *Велика дидактика*, Београд: Савез педагошких друштва. Југославије.

45. Knjaz, D., Rupčić, T., Šunda, M. (2008). "Prilog analizi stanja u osnovnim i srednjim školama Republike Hrvatske u pogledu nasilja među učenicima", *17 Letnja škola kineziologa Republike Hrvatske*: *Stanje i perspectiva razvoja u području edukacije, sporta, sportske rekreacije i kineziterapije,* Zagreb: Inter nos d. o. o.

46. Leff, S. S., Kupersmidt, J. B., Patterson, C. J., Power, T. J. (1999). „Factors influencing teacher identification of peer bullies and victims", *School Psychology Review, 28,* 505-517.

47. Lattanzi - Licht, M. E. (1996). "Helping Families with Adolescents Cope Loss", in C. Corr & D. Balk (Eds.), *Handbook of Adolescents Death and Bereavement,* New York: Springer.

48. Lattanzi-Licht, M. E. & Doka, K. J. (Eds.) (2003). *Living with Grief: Coping with Public Tragedy,* New York: Brunner Routledge.

49. Ljubetić, M. (2007). *Biti kompetentan roditelj,* Zagreb: “Mali profesor”.

50. Miller, J. P. (2008). *The Holistic Curriculum,* Toronto: University of Toronto Press.

51. Miller, J.P. (2010). *Whole Child Education*. Toronto: University of Toronto Press.

52. Moles, O. C. (1989). *Strategies to Reduce Student Misbehavior,* Washington: Office of Educational Research and Improvement, U.S. Department of Education.

53. Ministarstvo prosvet Rpublike Srbije (2008). *Okvirni akcioni plan za prevenciju nasilja u obrazovno-vaspitnim ustanovama*. Beograd: Publikum.

54. Ministarstvo prosvete Republike Srbije (2007). *Posebni protokol za zaštitu dece i učenika od nasilja, zlostavljanja i zanemarivanja u obrazovno-vaspitnim ustanovama*. Beograd: Publikum.

55. Nabuzoka, D. (2000). *Children with Learning Disabilities: Social Functioning and Adjustment,* Leicester: BPS Blackwell.

56. Nabuzoka, D. (2003). „Teacher ratings and peer nominations of bullying and other behavior of children with and without learning difficulties“, *Educational Psychology, 23,* 307–321.

57. Nabuzoka, D., & Walker, A. (2007). „Academic achievement and social functioning of children with and without learning difficulties“, *Educational Psychology, 27,* 635–654.

58. Nansel, T. R., Overpeck, M., Pilla, R. S., Ruan, W. J., Simons-Morton, B., & Scheidt, P. (2001). “Bullying Behaviors among US Youth: Prevalence and Association with

Psychosocial Adjustment", *Journal of American Medical Association, 285, 16,* 2094-2100.

59. Olweus. D. (1998). *Bullying at school*. Malden: Blackwell Publishers.

60. Olweus, D. (1980). „Familial and temperamental determinants of aggressive behaviour in adolescent boys: a causal analysis", *Developmental Psychology, 16*: 644–60.

61. Olweus, D. (1991). „Bully/victim problems among schoolchildren: basic facts and effects of a school based intervention program", in D. J. Pepler and K. H. Rubin (Eds.), *The Development and Treatment of Childhood Aggression* (411-447). Hillsdale: Erlbaum.

62. Olweus, D. (1993). *Bullying at School: What We Know and What We Can Do*. Hoboken: Wiley.

63. Olweus, D. (1994) "Annotation: Bullying at School: Basic Facts and Effects of a School Based Intervention Program", *Journal of Child Psychology and Psychiatry, 35,* 1171–90.

64. Olweus, D. (1997). "Bully/Victim Problems in School: Knowledge Base and an Effective Intervention Program", *The Irish Journal of Psychology, 18 (2),* 170– 190.

65. Olweus, D., Limber, S. (1999). *Blueprints for Violence Prevention: Bullying Prevention, Program,* Boulder: University of Colorado at Boulder, Institute of Behavioral Science, Center for the Study and Prevention of Violence.

66. Olweus, D. (2004). "The Olweus Bullying Prevention Programme: Design and Implementation Issues and a New National Initiative in Norway", in P. K. Smith, D. Pepler and K. Rigby (Eds.), *Bullying in Schools: How Successful Can Interventions Be?* (13–36). Cambridge: Cambridge University Press.

67. Palinscar, S. (1998). "Social Constructivist Perspectives on Teaching and Learning", *Annual Review of Psychology*, vol. 49, 345-375.

68. Pianta, R. C., & Egeland, B. (1994). “Relation Between Depressive Symptoms and Stressful Life Events in a Sample of Disadvantaged Mothers”, *Journal of Consulting and Clinical Psychology, 62,* 1229-34.

69. Prvčić, I. & Rister, M. (2004). *Deficit pažnje (ADHD/ADD),* Zagreb: Hrvatska udruga za disleksiju.

70. Peterson, P. L., Fennema, E., Carpenter, T. P., Loef, M. (1989). “Teachers’ Pedagogical Content Beliefs in Mathematics”, *Cognition and Instruction, 6,* 1–40.

71. Pellegrini, A. D. (1998). “Bullies and Victims in School: A Review and a Call for Research”, *Journal of Applied Developmental Psychology, 19,* 165–176.

72. Puzić, S., Baranović, B., Doolan, K. (2011). “Školska klima i sukobi u školi”, *Sociologija i prostor. 49 (3)*. 335-358.

73. Puzić, S., Baranović, B., Doolan, K., Jokić, B. i Ristić Dedić, Z. (2011). „Istraživanje programskih pretpostavki te učeničkih, nastavničkih i ravnateljskih iskustava relevantnih za unaprjeđivanje mirovnog obrazovanja u osnovnim školama“ in I. Zenzerović Šloser (Ed.) *Učiti za mir*, Zagreb: Centar za mirovne studije, 51-132.

74. Popadić, D. (2009). *Nasilje u školama*, Beograd: Institut za psihologiju i UNICEF.

75. Rigby, K. (2007), *Bullying in Schools and What to Do About It.* Camberwell: ACER Press.

76. Rigby, K. (1995). “What Schools Can Do About Bullying”, *The Professional Reading Guide for Educational Administrators, 17 (1),* 1-5.

77. Relja, J. (2006). “Kako se učenici osjećaju u školi”, *Život i škola, 52,* 87-96.

78. Roland R., & Galloway, D. (2002). “Classroom Influences on Bullying”, *Educational Research, 44(3),* 299– 312.

79. Rosen, L. H., DeOrnellas, K., Scott, Sh. R. (2017). *Bullying in School: Perspectives from School Staff, Students, and Parents,* Basingstoke: Palgrave Macmillan.

80. Smith, P. K. (Ed). (2003). *Violence in schools: The Response in Europe,* London: Routledge.

81. Smith, P. K. (2003). "So, What About the Professional Development of Teacher Educators?", *European Journal of Teacher Education, 26(2*), 201-215.

82. Smith, P. K., Cowie, H., Sharp, S. (1994). "Working Directly With Pupils Involved in Bullying Situations", in P.K. Smith & S. Sharp (Eds.), *School bullying: Insights and perspectives* (pp.193-212). London: Routledge.

83. Smith, P. K. & Brain, P. (2000). "Bullying in Schools: Lessons from Two Decades of Research", *Aggressive Behavior, 26,* 1-9.

84. Smontara, P. (2008): "Školsko ozračje i nasilje među učenicima" in V. Kolesarić, (Ed.), *Nasilje nad djecom i među djecom,* Osijek: Filozofski fakultet Sveučilišta u Osijeku, 461-476.

85. Smontara, P. (2013). "Autoritet i autonomija u kulturi djece i adolescenata", in M. Ljubetić & S. Zrilić (Eds.), *Pedagogija i kultura: Kultura kao polje pedagoške akcije,* (pp. 279-286). Zagreb: Hrvatsko pedagogijsko društvo.

86. Sokač, A. (2014), "Čimbenici koji utječu na rizično ponašanje djece i mladih", *EdBi, (1),* 117-124.

87. Sprague, J., Walker, H., Sowards, S., Van Bloem, C., Eberhardt, P., Marshall, B. (2002). "Sources of Vulnerability to School Violence: Systems-Level Assessment and Strategies to Improve Safety and Climate" in M. R. Shinn, G. Stoner, & H. M. Walker (Eds.) *Interventions for Academic and Behavior Problems II: Preventive and Remedial Approaches,* (295-314). Rockville: National Association of School Psychologists (NASP).

88. Swearer, S. M. & Espelage, D. L. (2008). "Addressing Research Gaps in the Intersection Between Homophobia and Bullying", *Journal School Psycology Review, 37 (2),* 155-159.

89. Swearer, S. M., Espelage, D. L., Napolitano, S. A. (2009). *Bullying Prevention and Intervention: Realistic Strategies for Schools,* New York: Guilford.

90. Swearer, S. M., Espelage, D., L. (2004): “Introduction: A Social-Ecological Framework of Bullying Among Youth”, in U. Espelage, D. Swearer, S. (Eds.): *Bullying in American Schools: A Social-Ecological Perspective on Prevention and Intervention,* (1-12), Lawrence: Erlbaum Associates Publishers.

91. Veenstra, R., Lindenberg, S., Oldehinkel, A. J., De Winter, A. F., Verhulst, F. C., Ormel, J. (2005). “Bullying and Victimization in Elementary Schools: A Comparison of Bullies, Victims, Bully/Victims, and Uninvolved Preadolescents*”, Developmental Psychology, 41 (4),* 672–682.

92. Vitaro, F., Arseneault, L., Tremblay, R. E. (1997). “Dispositional Predictors of Problem Gambling in Male Adolescents”, American Journal of Psychiatry, 154, 1769-1770.

93. Vygotsky, L. S. (1978). Mind in Society: The Development of Higher Psychological Processes. Harvard: Harvard University Press.

94. Walsh, M. E., Buckley, M. A., Howard, K. A. (1998). “Critical Collaborations: School, Family, and Community”, in R. Haney & J. O'Keefe (Eds.), *Conversations in Excellence: Providing for the Diverse Needs of Youth and their Families,* (pp. 63-84), Washington: National Catholic Educational Association.

95. Welsh, B.C. & Farrington, D.P. (2010). *The Future of Crime Prevention: Developmental and Situational Strategies.* Bethesda: National Institute of Justice.

96. Welch, M. (1999). “The ABCs of Reflection: A Template for Students and Instructors to Implement Written Reflection in Service-Learning”, *NSEE Quarterly, 25(2),* 123-25.

97. Woolfolk, A. (2007). *Educational Psychology,* Boston: Pearson Education.

98. Woolffolk, A. (2011), *Psikologji e Edukimit* (Psychology of Education), Tiranë: “CDE”.

99. Žganec Brajša, A. & Hanzec, I. (2015). “Self-Regulation, Emotion Understanding and Aggressive Behaviour in Preschool Boys”, *Croatian Journal of Education, 17 (1),* 13-24.

100. Žganec Brajša, A. (2003). *Dijete i obitelj: emocionalni i socijalni razvoj.* Zagreb: Naklada Slap.

101. Žganec, N. (2003). “Pojmovno određenje zajednice”, in D. Ajduković (Ed.), *Socijalna rekonstrukcija zajednice*, 41–52, Zagreb: DPP.

102. Гулевска, В., (2015). “Интеркултурните компетенции и нивната важност за образовниот систем“ во *Прирачник за мултикултурно образование*, Скопје: USAID/Македонски центар за граѓанско образование.

103. *Запирање на насилството во училиштата: прирачник за наставници.* УНЕСКО (http://unesdoc.unesco.org/images/0018/001841/184162E.pdf; https://www.google.com/search?q=%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE+%D0%B2%D0%BE+%D1%83%D1%87%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0+%D0%B2%D0%BE+%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0&ie=utf-8&oe=utf-8&client=firefox-b-ab).

БЛАГОДАРНОСТ

Изразувам благодарност и до мојата менторка, проф. д-р Валентина Гулевска, која ми помагаше и ме поддржуваше не само при изработката на докторската дисертација, туку и при развивањето на моите професионални компетенции во последните три години. Затоа, од срце ѝ благодарам.

Исто така, овој труд не ќе го имаше овој облик без помошта од Дирекцијата за образование во Гњилане, директорите на училиштата во Скопје, Битола, Гостивар, Приштина, Гњилане и Урошевац, наставниците од основните училишта во кои се спроведе истражувањето, учениците и сите други субјекти кои помогнаа во следењето и собирањето на податоците за оваа докторска дисертација.

ЗАБЕЛЕШКИ